# ОДМОР ВО ХРИСТА

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
Јули, август, септември 2021

**ОДМОР ВО ХРИСТА**

Автор: Џералд и Шантал Клингбеил
Број 3/2021

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

# СОДРЖИНА:


1. Живеење во општество активно 24/7 .......... 7

2. Немир и бунт .......... 14

3. Корените на немирот .......... 21

4. Цената на одморот .......... 28

5. „Дојдете кај мене...“ .......... 35

6. Наоѓање мир во семејните врски .......... 42

7. Мир, односи и исцелување .......... 49

8. Слободни да се одмориме .......... 56

9. Ритамот на одмор .......... 63

10. Саботниот одмор .......... 70

11. Копнеж по нешто повозвишено .......... 77

12. Пророк полн со немир .......... 84

13. Конечниот одмор .......... 91

**Додаток**

Утрински стихови – јули .......... 98

Утрински стихови – август .......... 99

Утрински стихови – септември .......... 100

Секојдневно читање на Библијата .......... 102

Текстови за вечерно Богослужение .......... 103

Табели за почеток на саботата во Македонија .......... 104-106

# ОДМОР ЗА ВОЗНЕМИРЕНИТЕ



Летот бил монотон сè додека пилотот не објавил дека авионот ќе мора да мине низ силно невреме. „Ве молиме да ги врзете безбедносните ремени. Наскоро ќе имаме жестоко возење“, порачал гласот од пилотската кабина пред да го заврши соопштението.

Набргу авионот почнал силно да се тресе додека се пробивал низ невремето. Се отвориле преградите за багаж над главите на патниците, а луѓето седеле напнато на своите места. По едно особено силно тресење на авионот, некој вреснал од задниот дел на авионот. Застрашувачки слики секавично поминале низ мислите на многу луѓе, додека замислувале како крилјата на авион се кршат, а леталото тоне кон земјата. Сите патници изгледаат напнато и исплашено. Всушност, сите освен едно девојче што седело во првиот ред на економска класа. Тоа било зафатено со цртање цртеж на расклопената маса пред неа. Повремено ќе погледнело низ прозорецот кога ќе блеснела некоја особено впечатлива молња, а потоа мирно ќе продолжело да црта.

Изгледало како цела вечност да минала пред авионот конечно да слета на својата дестинација. Патниците весело ракоплескале, чувствувајќи благодарност и олеснување што повторно стојат на цврста земја. Девојчето ја спакувало својата торба и чекало другите луѓе да го напуштат авионот, кога еден од патниците му пристапил и го прашал зошто воопшто не се уплашило. Како можело да остане толку смирено среде таа голема бура, додека авионот толку силно се тресел?

„Не се плашев“, му рекло девојчето на зачудениот човек. „Татко ми е пилот и знаев дека сигурно ќе ме донесе дома“.

Вознемиреноста и стравот често одат рака под рака. А, живеењето во свет каде што повеќето луѓе се зафатени 24/7, може да резултира со вознемиреност и страв. Кој понекогаш не се бори со страв, грижа и страшна вознемиреност заради она што го носи иднината? Минатото е завршено, сегашноста е во тек, но иднината е полна со прашања, и во овој нестабилен свет одговорите можеби нема да

бидат такви какви што би сакале да ги слушнеме. Се прашуваме дали ќе успееме да ги испочитуваме роковите што ни претстојат, да ја платиме следната кирија или школарина, да ги одржиме нашите разнишани бракови низ нова бура. Се прашуваме дали Бог сè уште нè сака, иако го „разочаруваме“ одново и одново.

Ова тримесечје ќе се соочиме директно со некои од тие стравови. „Одмор во Христа“ не е само наслов на оваа лекција, ниту е некое впечатливо лого за евангелска кампања или состаноци на шатори. Одморот во Христа е клучот за оној вик живот што Исус им го ветува на своите следбеници: „Крадецот доаѓа само да украде, да убие и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие“ (Јован 10,10).

Додека го подготвуваа текстот на оваа поука, авторите одеднаш станаа свесни за сеопфатната природа на концептот за одмор во рамките на библиската теологија. Одморот е поврзан со спасението, со благодатта, со создавањето, со саботата, со нашето разбирање на состојбата на мртвите, со скорото Христово доаѓање – и многу други работи.

Кога ги повикува луѓето да дојдат и да пронајдат одмор во Него (Матеј 11,28), Исус не се обраќа само до своите ученици и ранохристијанската црква. Тој ги видел идните генерации болни од грев, уморни, изнемоштени, измачени човечки суштества, на кои ќе им треба пристап до изворот на мирот. Затоа, додека ја проучувате лекцијата во текот на ова тримесечје, сетете се да му пријдете и да се одморите во Него. На крајот на краиштата, нашиот небесен Татко држи сè под контрола и подготвен е безбедно да нè донесе дома.

*Шантал и Џералд Клингбејл уживаат во својот меѓукултурен брак и сакаат да работат заедно како тим. Шантал, заменик-директор на Наследството на Елена Г. Вајт, по потекло од Јужна Африка, додека Џералд е роден и пораснат во Германија, а денес работи, меѓу другото, и како помошник уредник на списанието Адвентист Ривју (Adventist Review Ministries). Покрај тоа, тој е и професор по Стар завет и Блискоисточни студии на универзитетот Ендрус.*

**Поука 1**
**Од 26 јуни до 2 јули 2021**

# ЖИВЕЕЊЕ ВО ОПШТЕСТВО АКТИВНО 24/7



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 2,1-3; Еремија 45,1-5; 2. Мојсеева 20,11; 2. Самоилова 7,12; Марко 6,30-32; 1. Мојсеева 4,1-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Копнее душата моја, сакајќи да е во Господовите дворови; срцето мое и телото мое со радост се стремат кон живиот Бог“ (Псалм 84,2).**

Тик-так, тик-так, тик-так. Часовникот отчукуваше стабилно и неуморно. Останаа само два часа до почетокот на саботата. Мери воздивна додека со погледот ѝ минуваше низ малиот стан. Детските играчки сè уште беа расфрлани низ дневната соба, а во кујната владееше хаос. Сара, нивното најмало дете, лежеше во кревет со температура, а таа се согласи да служи како редар во црква следниот ден и да ги поздравува луѓето на влезот, што значи дека ќе мора да излезе од дома 30 минути порано од вообичаеното. Само утре да најдам малку мир и тишина, си помисли таа копнежливо.

Во исто време, на другиот крај од градот, Џош, нејзиниот сопруг, стоеше во редот пред продавницата. Сообраќајниот метеж повторно беше неподнослив. Редовите во продавницата беа долги. Се чинеше дека токму во тој момент сите се излезени да купуваат. Ми треба одмор, не можам повеќе да продолжам вака, воздивна Џош во себе. Мора да има нешто повеќе во животот.

Со нашиот живот управуваат сообраќајниот шпиц, работното време, закажаните здравствени прегледи, разговорите преку Скајп, пазарењето и училишните обврски. Без разлика дали користиме јавен превоз, возиме мал скутер или управуваме со поголем семеен автомобил, ритамот на постојан ангажман во светот околу нас се заканува да го прегази она што е навистина важно.

Како да најдеме одмор среде целата таа бучава и среде сиот тој метеж?

## УМОРЕН И ИСЦРПЕН

**Прочитајте 1. Мојсеева 2,1-3. Зошто Бог го создал денот за одмор пред некој воопшто да се умори?**

---

Дури и пред човештвото да се втурне во живот полн со самонаметнат стрес, Бог одредил еден ден како знак, како жив будилник на нашето сеќавање. Тој ден треба да биде време кога ќе застанеме и свесно ќе уживаме во животот – ден во кој сме тоа што сме, а не она што го правиме, ден во кој на посебен начин ја покажуваме нашата благодарност за секој дар – тревата, воздухот, животинскиот свет , водата, луѓето и – пред сè – за Создателот на секој добар дар.

Тоа не бил некој еднократен повик кој престанал да важи по протерувањето од Едем. Бог се погрижил тој да го издржи тестот на времето, вклучувајќи ја саботата уште на почетокот од самото ткаење на времето. Тој повик важи засекогаш, и се повторува одново и одново – повик секој седми ден во мир да го прославуваме Создавањето.

Некој може да помисли дека денес, со сите уреди што ни заштедуваат време, ќе бидеме помалку уморни од луѓето што живееле пред двесте години. Меѓутоа, се чини дека никогаш нема доволно време за одмор, па дури ни денес. Дури и кога не работиме, поминуваме време во трескавична активност. Како секогаш некако да заостануваме – колку и да постигнуваме, има уште многу што треба да се направи.

Истражувањата исто така покажуваат дека луѓето денес поминуваат помалку време за спиење и дека многумина се длабоко зависни од кофеинот за да можат да продолжат понатаму. Иако имаме побрзи безжични телефони, побрзи компјутери, побрзи интернет врски, како никогаш да немаме доволно време.

**Што нè учат следниве текстови кога станува збор за важноста на одморот? Марко 6,31; Псалм 4,8; 2. Мојсеева 23,12; 5. Мојсеева 5,14; Матеј 11,28.**

---

Бог, кој нè создал, знаел дека ќе ни треба физички одмор. Тој воспоставил циклуси во времето – ноќта и саботата – за да ни даде прилика да се одмориме. Признавањето на Исуса како Господар на нашиот живот, подразбира дека треба сериозно да ја сфатиме нашата должност да одвојуваме време за одмор. На крајот на краиштата, заповедта за саботата не е само предлог. Тоа е заповед!

**А што е со вашата лична преоптовареност? Што можете да преземете за, одморот што Бог сака да го доживеете, да го искусите на подобар начин – и физички и духовно?**

# БЕЗ „ПОГОНСКО ГОРИВО“

Недостатокот на сон и исцрпеност поради физички напор претставува сериозен проблем. Но, она што е особено загрижува е кога чувствуваме дека сме „емоционално празни“. И, се разбира, кога на недостатокот од сон се надоврзува и со емоционални потешкотии, можеме болно да се обесхрабриме.

Варух, писарот на Еремија, сигурно често се чувствувал вака во текот на последните бурни години во Ерусалим, пред хаосот, страдањата и пустошот што настанал откако Вавилонците го разориле градот.

**Прочитајте го текстот Еремија 45,1-5 и напишете кратка дијагноза за емоционалното здравје на Варух.**

______________________________________________________________________

Можете ли да замислите како би се чувствувале кога Бог вам лично би ви испратил порака „скроена според ваша мерка“? Па, Варух примил една таква порака директно од дворовите на Божјиот престол (Еремија 45,2). Во извештајот се вели дека тоа се случило „во четвртата година на јудејскиот цар Јоаким, синот Јосиев“, околу 605. или 604. година пред н.е. Текстот Еремија 45,3 дава добар увид во тоа како се чувствуваат луѓето кога ќе останат емоционално празни.

Врз основа на сето она што го дознаваме за тој период од Светото писмо, јасно е дека поплаките на Варух не биле плитко жалење. Тој имал силни причини да се чувствува обесхрабрено и емоционално онемоштен. Многу лоши работи се случувале, а нешто уште полошо допрва следувало.

**Како одговорил Бог на болката и страдањето на Варух? Прочитајте го текстот Еремија 45,4.5.**

______________________________________________________________________

Божјиот одговор на искрената болка на Варух нѐ потсетува на фактот дека Неговата лична тага и очај мора да биле многукратно поголеми од онаа на Варух. Тој го изградил Ерусалим и сега се подготвувал да го разурне. Тој го засади Израел како лозје (Исаија 5,1-7), а сега требало да го откорне и да го испрати во прогонство. Господ не го посакувал за својот народ, но тоа морало да се случи поради нивниот бунт против Него.

Сепак, за Варух имало светлина на крајот од тунелот. Бог ќе го сочува неговиот живот – дури и среде уништување, прогонство и загуба.

**Прочитајте ги повторно зборовите што Бог му ги упатил на Варух. Која општа порака можеме да ја извлечеме од нив за нас самите? Односно, како тие ни откриваат дека сепак Бог е секогаш тука за нас, без оглед на ситуацијата?**

## ДЕФИНИРАЊЕ НА ОДМОРОТ ВО СТАРИОТ ЗАВЕТ

Се разбира, на сите ни е потребен одмор, и затоа оваа тема се наоѓа насекаде во Библијата. Иако Бог нè создал за активен живот, таа активност мора да биде прекината со периоди на одмор.

Еврејскиот Стар завет, на пример, содржи неколку изрази што означуваат одмор. Во описот на Божјото одморање во седмиот ден на новосоздадената земја, што го наоѓаме во 1. Мојсеева 2,2.3, се користи терминот shabbat, „да престане да работи, да отпочине, да земе одмор", што е глаголска форма на именката „Shabbath". Истиот глагол се користи во текстот 2. Мојсеева 5,4.5 во каузална форма, преведен како „вие сакате да го натерате (народот) да не работи". Лутиот фараон го обвинил Мојсеја дека го одвлекува вниманието на народот „од неговата работа".

Божјото мирување во седмиот ден, сабота, е опишано во четвртата заповед во хебрејската глаголска форма nuakh (2. Мојсеева 20,11; 5. Мојсеева 5,14). Овој глагол е преведен со изразот „и ќе ми беше спокојно" во Книгата за Јов 3,13, или, повеќе фигуративно, „се запираше ", во 5. Мојсеева 10,36, кој се однесувал на ковчегот на заветот. Во текстот на 2. Царевите 2,15, се вели дека духот на Илија „ слезе" врз Елисеј.

Друга важна глаголска форма е shaqat, што значи „да се биде смирен, да се обезбеди олеснување, да се биде тивок". Таа се користи во Исус Навин 11,23, каде што се опишува мирување на земјата од војната по првичните освојувања на Исус Навин. Овој термин често се користи за да укаже на „мирот" во Книгата Исус Навин и Судии.

Глаголот raga' се користи и да значи „одмор". Во опомените против непослушноста дадени во 5. Мојсеева, Бог му вели на Израел дека во прогонството нема да здивнат, ниту ќе се одморат (5. Мојсеева 28,65). Истиот глагол се појавува во каузална форма во текстот Еремија 50,34, каде што ја опишува неможноста да се обезбеди мир.

**Прочитајте ги текстовите 5. Мојсеева 31,16 и 2. Самоилова 7,12. За каков одмор станува збор?**

Двата стиха користат идиоматски израз од глаголот shakab, кој буквално значи „лежи, спие". Воспоставувајќи завет со Давида, Бог му ветува на идниот израелски цар: „А кога ќе завршат твоите дни, и ти ќе починеш кај татковците свои, Јас ќе го воздигнам по тебе твоето семе што ќе произлезе од твоите бедра, и ќе го зацврстам царството негово" (2. Самоилова 7,12).

Долгата (и овде нецелосна) листа на различни хебрејски глаголи поврзани со одморот, ни помага да видиме дека теолошкиот концепт за одмор не е поврзан само со еден или два специфични зборови. Ние се одмораме индивидуално и колективно. Одморот влијае на нас во физичка, социјална и емоционална смисла, и не е ограничен само на саботата.

**Смртта е несомнено наш непријател и еден ден ќе биде победена. Но, колку и да жалиме за нашите мртви, колку и да ни недостигаат, зошто е сепак утешно да се знае дека, барем засега, тие почиваат во мир?**

# ОДМОРОТ ВО НОВИОТ ЗАВЕТ

Глаголскиот облик на зборот одмор, што честопати го среќаваме во Новиот Завет е anapauō, што значи „да се одмори, опушти, освежи“. Се користи во една од најпознатите Исусови изјави за одморот во Матеј 11,28: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам“. Овој израз може да се однесува и на физичкиот одмор (Матеј 26,45). Сепак, апостол Павле го користи и кога, збогувајќи се со Коринќаните, ја изразува својата радост за доаѓањето на пријателите кои го смириле неговиот дух (1. Коринќаните 16,18).

Друг глагол што се однесува на одморот е hēsychazō. Во него се опишува одморот на учениците во сабота, додека Исус одморал во гробот (Лука 23,56). Исто така, се користи и за да се опише мирен живот (1. Солуњаните 4,11), а може да укаже и на тоа дека некој молчи бидејќи нема забелешки (Дела 11,18).

Во текстот Евреите 4,4 се опишува Божјиот одмор по создавањето, во седмиот ден, и во таа пригода се употребува грчкиот глагол katapauō, „да застане, да се смири, да отпочине“, што се користи и во грчкиот превод на Стариот завет, Септуагинта. Особено е интересно тоа што овој глагол најчесто се користи во Новиот завет во 4-тата глава од Посланието до Евреите.

**Прочитајте Марко 6,30-32. Зошто Исус им рекол на своите ученици да се повлечат и да се одморат, со оглед на бројните можности за мисионирање што ги имале во тоа време? Разгледајте го ова прашање во поширокиот контекст на целата 6 глава од Евангелието според Марко.**

Изјавата „Дојдете и вие во осамено место и одморете се малку“ (Марко 6,31), не е формулирана како обичен повик. Тоа е искажано во императив, што укажува на наредба или заповед. Тука Исус покажува загриженост за своите ученици, за нивната физичка и емоционална благосостојба. Тие само што се вратиле од едно подолго мисионерско патување, на кое Исус ги испратил двајца по двајца (Марко 6,7). Текстот Марко 6,30 опишува колку биле восхитени учениците кога се вратиле. Нивните срца сигурно биле исполнети. Тие сакале да разговараат со Исуса за нивните победи и порази, но Тој го спречил сето тоа и, претекнувајќи ги, ги повикал да се одморат. Марк додава и објаснување: „Зашто мнозина доаѓаа и си одеа, така што немаа кога ни да јадат“ (Марко 6,31). Презафатеноста и преоптоварувањето во Божјето дело претставувало вистински предизвик дури и за учениците. Но, Исус нè потсетува дека треба да го чуваме нашето здравје и емоционалната благосостојба со тоа што одвреме-навреме ќе планираме одмор.

**На кои сè начини можете да му помогнете на вашиот локален пастор и да го олесните неговиот товар или на старешина на црквата или на некој друг што го познавате, кој е во опасност да прегори во Господовото дело? Што би можеле да преземете за да покажете почит кон таа личност и да ѝ помогнете малку да се одмори?**

## ИЗГНАНИК И СКИТНИК

**Прочитајте 1. Мојсеева 4,1-12. Зошто Каин станал „изгнаник и скитник“ (1. Мојсеева 4,12) на земјата?**

Библискиот текст не наведува јасно зошто Бог погледнал на Авеловиот принос, а „не погледна“ на Каиновиот (1. Мојсеева 4,4.5). Но, ние ја знаеме причината. „Каин излегол пред Бога со срце полно со незадоволство и со сомневање во ветената Жртва, и општо во потребата да се принесува жртва за грев. Неговиот принос не бил израз на каење поради гревот. Тој, како и мнозина денеска, сметал дека тоа е само доказ на слабост да се следи точно патот што го пропишал Бог, и за своето спасение потполно да се потпре врз страдањата што ќе ги поднесе ветениот Спасител. Тој сакал во своите постапки да биде самостоен и да ги истакне своите лични заслуги“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 72, ориг.).

Иако рекол дека Каин ќе биде „изгнаник и скитник“ на земјата, не го направил Господ таков, туку тоа се случило како последица на неговите грешни постапки и непослушност. Не наоѓајќи одмор во Бога, Каин открил дека не може да го најде на ниту еден друг начин – барем не вистински одмор.

Еврејскиот збор преведен како „погледна“ (1. Мојсеева 4,4) исто така може да се преведе како „погледна одблизу, внимателно разгледа“. Фокусот на Божјото внимателно и грижливо разгледување, не бил толку во самиот принос, колку што бил во ставот на оној што го принесувал. Божјото отфрлање на приносот од овошје на Каин не било произволна реакција на некое каприциозно Божество. Напротив, тука е опишан процес на внимателно разгледување и мерење на карактерот, ставовите и мотивите на оној што ја принесува жртвата. Тоа е добар пример за истражниот суд.

**Прочитајте 1. Мојсеева 4,13-17 и опишете ја реакцијата на Каин на Божјиот суд.**

Кога се обидуваме да побегнеме од Божјето присуство, стануваме немирни. Копнежот за божествената благодат се обидуваме да го смириме со материјални работи, меѓучовечки односи или презафатеност. Каин основал династија и започнал да ѕида град. И едното и другото претставуваат големи достигнувања, што зборува за сила и решителност, но ако станува збор за безбожна династија и бунтовен град, тогаш тоа на крајот нема да вреди ништо.

**Дури и ако трпиме последици од нашите гревови, како што обично се случува, како можеме да научиме да го прифаќаме проштавањето што ни се нуди преку крстот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Според мислењето на рабините, да се биде секогаш активен и зафатен со работа претставувало врв на религијата. За да ја покажат својата повозвишена побожност, тие биле зависни од некои надворешни дејства. Така своите души ги одвојувале од Бога и изградувале своја самодоволност. Сè уште постојат истите опасности. Секогаш кога се зголемува дејноста и кога луѓето постигнуваат успех во која било работа за Бога, постои опасност од потпирање врз човечките планови и методи. Тогаш постои склоност помалку да се молиме и да имаме помалку вера. Како и учениците, ние се наоѓаме во опасност да ја загубиме од вид нашата зависност од Бога и се обидуваме од нашите дејности да си создадеме спасител. Потребно е постојано да гледаме на Исуса, сфаќајќи дека неговата сила е таа што ја извршува работата. Додека сериозно работиме врз спасувањето на загубените, мораме да одвоиме време и за размислување, за молитва и за проучување на Божјата реч. Само работата извршена со многу молитви и посветена со Христовата заслуга, на крај ќе се покаже успешна“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 362 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Постојаниот притисок да се биде на врвот, да се биде достапен (физички и виртуелно) цело време, да се достигнат идеали што не се ниту реални ниту дадени од Бога, може да ги разболи луѓето – емоционално, физички и духовно. На кој начин може вашата црква да стане место каде што се добредојдени уморните, истоштените луѓе кои копнеат за одмор?**
2. **Може ли да се случи да бидеме преморени дури и тогаш кога правиме добри работи за Бога? Сетете се на извештајот за Исус и за неговите ученици од Марко 6,30-32 и разговарајте за примената на тој текст во вашата саботношколска група.**
3. **Во 1899 година бил соборен рекордот во брзо возење. Некој достигнал брзина од над 60 километри на час – и преживеал за тоа да го раскаже! Денес, секако, автомобилите возат многу побрзо од тоа. Брзината на процесорот во нашите мобилни телефони е многу поголема од брзината што ја постигнувале најбрзите компјутери од претходната генерација. Воздушниот сообраќај се одвива со поголема брзина од порано, и станува сè побрз. Во суштина, скоро сè што работиме денес, се прави многу побрзо отколку што било во минатото, а сепак – што? Сè уште брзаме и не успеваме да се одмориме доволно. Што ни кажува ова за основната човечка природа и за тоа зошто Бог сметал дека одморот е толку важен, што го вклучил во една од неговите заповеди?**
4. **Размислувајте повеќе за идејата дека саботниот одмор е воспоставен во Едем уште пред падот во грев. Освен интересните теолошки импликации, што ни кажува ова за потребата од одмор дури и во безгрешниот, совршен свет?**

**Поука 2**
**Од 3 до 9 јули 2021**

# НЕМИР И БУНТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. 4. Мојсеева 11,1-33; 4. Мојсеева 12,1-13; 4. Мојсеева 13,27-33; 4. Мојсеева 14,1-23; 1. Коринќаните 10,1-11; 4. Мојсеева 14,39-45.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Сето тоа ним им се случуваше да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите“ (1. Коринќаните 10,11).**

Со векови, многумина известувале за вознемиреност и невообичаено однесување од кучиња и други домашни животни пред некои големи земјотреси.

Научниците утврдиле дека животните се способни да ги детектираат првите сеизмички бранови – бранови на притисок – кои му претходат на следниот – земјотресен бран. Ова веројатно објаснува зошто велат дека животните се однесуваат чудно и вознемирено непосредно пред да се затресе земјата. Некои животни, како слоновите, можат да забележат нискофреквентни звучни бранови и вибрации што им претходат на земјотрес, а кои луѓето воопшто не се во состојба да ги почувствуваат.

Неколку минути пред земјотресот со магнитуда од 5,8 степени што ја погоди областа Вашингтон на 23 август 2011 година, некои од животните во Националната зоолошка градина на институтот Смитсонијан почнале да се однесуваат чудно. Меѓу нив имало и лемурите, кои почнале силно да рикаат околу 15 минути пред земјата да се затресе.

Во поуката за оваа седмица, ќе разгледаме неколку примери на чудни човечки немири што се случиле не поради заканувачките природни катастрофи како што се земјотресите, туку поради основната грешност на паднатите човечки суштества, кои не одмориле во она што Христос им го нуди на сите што ќе Му пристапат со вера и послушност.

## НЕМИР ВО ПУСТИНАТА

Израелците сигурно се чувствувале несреќни и вознемирени кога го напуштиле Синај на својот пат кон Ханаан. Поминало повеќе од една година откако не излегле од Египет (4. Мојсеева 1,1). Тие биле подготвени да влезат во Ветената земја.Биле преброени и организирани. Сведочеле со неверојатни изрази на божествена наклоност и со јасни знаци на Божјото присуство. Сепак, на првото место на коешто дошле откако го напуштиле Синај, тие почнале да се жалат.

**Прочитајте 4. Мојсеева 11,1-15. За што се жалеле Израелците?**

---

Израелците копнееле по месо, краставици, дињи, праз, кромид и лук од Египет. „Придојдените меѓу нив почнаа да негодуваат, а заедно со нив и синовите израелски седнаа, плачеа и велеа: 'Кој ќе нè нахрани со месо? Ја помниме рибата што ја јадевме како подарок во египетската земја, краставиците и дињите, и кромидот, и празот, и лукот; а сега душата наша се исушила: освен мана, ништо друго пред очите наши'" (4. Мојсеева 11,4-6). Тие сигурно страдале од сериозен случај на селективно помнење, бидејќи се сеќавале на храната, а заборавиле на ропството и на неверојатните тешкотии што ги трпеле (спореди 2. Мојсеева 1).

Тие се хранеле со мана што Бог им ја давал повеќе од една година, но сепак се чувствувале вознемирени и сакале нешто повеќе. Тоа се одразило дури и на Мојсеја. Не е лесно да се води група од вознемирени луѓе. Но, Мојсеј знае кому да се обрати. „Зошто му го правиш ова на твојот слуга? И зошто не најдов милост пред тебе, туку го обложив товарот на целиот овој народ?" (4. Мојсеева 11,11).

**Како одговара Бог на овие приговори? Прочитајте 4. Мојсеева 11,16-33.**

Бог не е неосетлив на нашите потреби поради кои често се чувствуваме вознемирено. Во овој случај, тој им дал на Израелците потполошки за да им го задоволат гладот за месо. Меѓутоа, месото не било она што Израелците навистина го сакале. Кога сме несреќни, вознемирени и лути, она што нè прави лути е често само „искра", а не причина за проблемот. Се судираме затоа што има нешто друго што не е во ред, што влијае на нашите односи на подлабоко ниво. Израел всушност се побунил против Божјото водство, и тоа е нешто што сите треба да го земеме предвид, без оглед на нашата непосредна ситуација и околности, бидејќи тоа може да се случи полесно отколку што мислиме.

**Зошто минатото во нашето сеќавање лесно може да изгледа подобро отколку што навистина било?**

## ЗАРАЗНО Е

**Прочитајте 4. Мојсеева 12,1-3. Зошто биле вознемирени Марија и Арон?**

___

Марија и Арон, наводно, биле незадоволни од сопруга на Мојсеј, која била туѓинка. Сефора имала мидијанско потекло (види 2. Мојсеева 3,1). Така, дури и меѓу израелската „елита“ се покажала грешноста на човечката природа, и тоа на многу непријатен начин. (Дали е тој некогаш пријатен?)

Меѓутоа, библискиот текст јасно открива дека тоа било само оправдување. Главната причина за нивното негодување бил пророчкиот дар. Во претходната глава гледаме дека Бог му вели на Мојсеја да назначи седумдесет израелски старешини, кои ќе му помагаат да го носи товарот на управување со народот (4. Мојсеева 11,16.17.24.25). Арон и Марија исто така имале важни раководни улоги (2. Мојсеева 4,13-15; Михеј 6,4), но сега се почувствувале загрозени од новите промени во водството: „Само на Мојсеј ли му зборува Господ? Не ни говореше ли Тој и нам?“ (4. Мојсеева 12,2)

**Како одговорил Бог на овие жалби? Прочитајте 4. Мојсеева 12,4-13. Што мислите, зошто Бог одговара толку решително?**

___

Бог одговара веднаш и не остава простор за различни толкувања. Пророчкиот дар не е оружје за стекнување поголема моќ. Мојсеј бил подобен да биде водач токму затоа што бил свесен за својата целосна зависност од Бога.

Фактот дека Марија се споменува пред Арон во првиот стих, сугерира дека таа можеби била поттикнувач на тој напад врз Мојсеја. Во тоа време, Арон веќе служел како првосвештеник во Израел. Ако бил погоден од лепра, тој не би можел да влезе во светилиштето и да ја извршува службата во полза на народот. Божјата казна во форма на привремена лепра што ја добила Марија, јасно го покажала Неговото незадоволство од нивното однесување и придонела за промена на ставот што му бил потребен на тој семејство. Молитвата на Арон за Марија потврдува дека и тој бил вклучен во овој грев (4. Мојсеева 12,11). И сега, наместо критицизам и немири, гледаме дека Арон се моли за Марија и дека Мојсеј исто така посредува за неа (4. Мојсеева 12,11-13). Ваквиот став Бог сака да го види кај својот народ. Тој го слушнал тоа и ја исцелил Марија.

**Иако секогаш е лесно да се биде критички расположен кон црковното водство на кое било ниво, колку подобро би било нашата црква и нашиот личен духовен живот ако, наместо да негодуваме, посредуваме за нашите водачи, дури и кога не се согласуваме со нив?**

## НЕМИРОТ ВОДИ ДО БУНТ

Приказната започнува со позитивен тон. Израелците конечно стигнале до границите на Ханаан и биле испратени 12 согледувачи за да ја испитаат земјата. Нивниот извештај е извонреден.

**Прочитајте го извештајот за согледувачите во 4. Мојсеева 13,27-33. Меѓутоа, во кој момент спласнале очекувањата на Израелците?**

---

И покрај интервенцијата на Халев, преовладал гласот на сомневачите и на скептиците. Израел не тргнал да го освои она што Бог им го ветил. Немирни во срцето, тие избрале плачење и негодување наместо воен марш и победнички восклици.

Кога имаме немир во срцето, тешко ни е да чекориме со вера. Немирот, меѓутоа, не влијае само на нашите емоции. Научниците тврдат дека постои директна причинско-последична врска меѓу недоволниот одмор (вклучително и недостатокот на сон) и погрешните одлуки што доведуваат до дебелина, зависност, а со тоа и до зголемување на немирот и незадоволството.

**Прочитајте 4. Мојсеева 14,1-10. Што се случило понатаму?**

---

Работите оделе од лошо кон полошо. Очајната молба на Халев, „само не бунтувајте се против Господ“ (4. Мојсеева 14,9), останала неуважена и целата толпа се подготвила да го каменува својот водач. Немирот доведува до бунт, а бунтот до смрт.

„Неверните извидници гласно ги проколнувале Халева и Исуса Навина, па дури се подигнал глас дека треба да се каменуваат. Збеснетата толпа грабнала камење да ги убијат овие верни луѓе. Како избезумени се устремиле со лудачки викот, но наеднаш камењето им испаднале од рацете. Сите замолкнале тресејќи се од страв. Бог се вмешал да ги спречи нивните убиствени намери. Неговото присуство како блесок на молња го осветлило шаторот за состанок. Сиот народ го видел Божјиот знак. Им се открил Некој кој е посилен од нив и никој не се осмелувал и понатаму да дава отпор. Другите извидници што донеле лоши извештаи, проникнати со страв, се повлекле во своите шатори“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 390, оригинал).

Токму тогаш, Господовата слава се покажала јавно. Кога го читаме овој извештај во 4. Мојсеева 14, добиваме впечаток дека целата сцена одеднаш замрзнува и сега го слушаме приватниот разговор меѓу Бога и Мојсеја. Иако камењата биле наменети за Мојсеј, Халев и Исус Навин, Бог бил свесен дека овој бунт, впрочем, бил насочен против самиот Него.

## ПОСРЕДНИК

**Каква можност му понудил Бог на Мојсеја, кога се соочил со овој бунт? Прочитајте го текстот 4. Мојсеева 14,11.12.**

---

Бог нуди да ги уништи Израелците и да создаде целосно нов народ, чиј прататко би бил Мојсеј.

**А како реагирал Мојсеј на овој отворен бунт, насочен не само против него, туку и против Бога? (4. Мојсеева 14,13-19).**

---

---

Тоа е моментот кога можеме да го видиме вистинскиот Божји човек. Одговорот на Мојсеј, замрзнат во времето, укажува однапред на Посредникот кој, повеќе од 1400 години подоцна, ќе се моли за своите ученици во нивните неволји (Јован 17). Навистина, она што го направил Мојсеј таму, многу теолози и проучувачи на Библијата го гледаат како пример за она што Христос го прави за нас. Воопшто не се доведува во прашање нивната вина и нашата вина. А сепак, Мојсеј сесрдно го моли Бога да му прости на својот народ „поради Твојата преголема милосрдност“ (4. Мојсеева 14,19). И, како што тогаш постапил благодарение на посредувањето на Мојсеј, така Господ постапува и кон нас благодарение на Исуса – на Неговата смрт, воскресение и посредување за нас.

И така, Мојсеј се моли: „Прости им го гревот на овие луѓе поради Твојата преголема милосрдност, како што си му простувал на овој народ од Египет до тука“ (4. Мојсеева 14,19). Благодатта го сече бунтот и немирите од самиот корен. Простувањето нуди нов почеток.

Меѓутоа, постои цена. Благодатта никогаш не е евтина. Иако му е простено, народот ќе се соочи со последиците од својот бунт и таа генерација нема да влезе во Ветената земја (4. Мојсеева 14,20-23).

Да, Бог ќе ги издржува уште триесет и осум години во пустината. Тој ќе ги храни. Тој ќе им се обраќа од светилиштето. Тој ќе биде со нив во пустината. Но, тогаш тие ќе умрат, а новата генерација ќе мора да ја преземе палката и да најде одмор во Ветената земја.

Тоа звучи како суд, и всушност е милост. Како може таа генерација воопшто да ги освои моќните ханански градови-држави кога сѐ уште не научила да се потпира на Него? Како можат тие да бидат светлина за народите, кога и самите талкаат во мрак?

**Кои тешки лекции и самите сте ги научиле за последиците од простените гревови?**

## ВЕРА НАСПРОТИ ДРСКОСТ

**Какви сличности забележувате меѓу талкањето на Израелците низ пустината и Божјиот народ што живее непосредно пред второто Христово доаѓање? (Види 1. Коринќаните 10,1-11.)**

---

Низ целата историјата, Божјиот народ талкал низ пустина во потрага по Ветената земја. Таа пустина има многу лица. Во овој момент, таа се огледува во немилосрдната медиумска навала, постојаното рекламирање на дојдовни пораки и подмолниот татнеж на бесконечна забава. Таа се обидува да ни продаде порнографија како љубов и материјализам како одговор на сите наши грижи. Да бевме само малку повитки, малку помлади, малку побогати, малку попривлечни – тоа ќе ги реши сите наши проблеми.

Како и Израелците, ние сме неспокојни во потрагата по мир и премногу често го бараме на погрешни места.

**Како реагирале Израелците на Божјиот суд, како што читаме во 1. Мојсеева 14,39-45?**

---

Израелците реагирале на божествениот суд на типичен начин. „Ете, ќе отидеме на она место, за кое Господ рече, бидејќи згрешивме“ (4. Мојсеева 14,40).

Посветување со половина срце е неделотворно – како и лошо спроведената вакцинација. Денес лекарите препорачуваат вакцинирање против хепатитис Б да се изврши веднаш по раѓањето – во првите 24 часа од животот. Тоа е, наводно, добар почеток. Меѓутоа, ако по таа прва доза, уште две или три не се дадени во вистинско време и во соодветна концентрација, тогаш нема никаква заштита од хепатитис Б.

Предомислувањето на Израелците по бунтот, како што известуваат последните стихови од 4. Мојсеева 14, резултирало само со смрт и разочарување, бидејќи Израелците сега одбиле да ги прифатат новите Божји упатства и тврдоглаво тргнале во напад без Мојсеја и без ковчегот на заветот пред нив.

Дрската самоувереност е скапа. Таа води во смрт. Многу често, дрскоста е предизвикана од страв. Бидејќи се плашиме од нешто, донесуваме одлуки за кои подоцна жалиме.

**Сетете се на некој момент кога сте постапиле потпирајќи се на верата, и на друг во кој сте постапиле премногу самоуверено. Во што се состоела клучната разлика?**

## ЗА НАТАМОШНО ИСТРАЖУВАЊЕ

„Се чинело како навистина да се покајале за своето грешно однесување; меѓутоа, повеќе жалеле поради последиците на своето лошо постапување, а не затоа што биле свесни за својата неблагодарност и непослушност. Кога виделе дека Господ нема да попушти во својата одлука, повторно кај нив се јавило самоволие, па изјавиле дека нема да се вратат во пустината. Со тоа што им наредил да се повлечат и да се оддалечат од земјата на своите непријатели, Бог ја проверувал нивната привидна преданост и им покажал дека не биле исправни. Знаеле дека тешко се огрешиле паѓајќи во неразумен бес и желба да ги убијат извидниците кои ги повикувале на покорност кон Бога. Меѓутоа, тие биле само заплашени, увидувајќи дека сториле кобна грешка чиишто последици за нив ќе бидат мошне погубни. Срцата пак им останале неизменети и им бил потребен само некаков повод, па пак да сторат слично зло. А таа можност им се дала кога Мојсеј, во име на Божјиот авторитет, им наложил пак да се вратат во пустината“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 391, ориг.).

„Меѓутоа, верата во никоја смисла не е соединета со нагаѓањето. Само оној што има вистинска вера е заштитен од нагаѓање, зашто нагаѓањето е сатанско искривоколчување на верата. Верата полага право на ветувањата и донесува род во послушноста. Претпоставката исто така полага право на ветувањата, но ги користи како што ги користел сатаната за да го оправда престапот. Верата нашите прародители би ги довела да стекнат доверба во Божјата љубов и да ги послушаат неговите заповеди. Претпоставката ги одвела во престап на неговиот Закон, верувајќи дека неговата голема љубов ќе ги спаси од последиците на нивниот грев. Верата не полага право на небесна наклоност без исполнување на условите под кои се дава милоста. Вистинската вера има свој темел во ветувањата и во сѐ она што ни го даваат Писмата“ (Е. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 126, ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте за разликата меѓу верата и дрскоста. Зошто на почетокот на можното освојување на хананската земјата се гледало како на дело на верата, а потоа подоцна, кога Израелците го извршиле нападот, тоа се сметало за дрска самоувереност? Во која смисла мотивот и околностите играат голема улога во утврдувањето на разликата меѓу верата и дрскоста?**
2. **Размислувајте за фактот дека, дури и тогаш кога гревовите ни се простени, ние често мораме да живееме со нивните последици. Како можете да им помогнете на оние на кои им е тешко да прифатат дека некој грев им е простен, и покрај тоа што тој сѐ уште влијае негативно врз нив, а можеби дури и врз нивните најблиски?**

**Поука 3**
**Од 10 до 16 јули 2021**

# КОРЕНИТЕ НА НЕМИРОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 10,34-39; Лука 12,13-21; Филипјаните 2,5-8; Лука 22,14-30; Матеј 23,1-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, каде што е завист и кавга, има збунетост и секое зло дело“ (Јаков 3,16).**

Јасиката е прекрасно дрво, кое достигнува висина од 15 до 30 метри. Особено добро успева во постудени региони со пониски летни температури. Нејзиното дрво се користи за производство на мебел, но исто така и за правење кибрит и хартија. Елените и другите животни често се хранат со младите дрвја од јасика за време на студените зими, бидејќи нејзината кора содржи многу хранливи материи. На јасиките им треба многу сончева светлина бидејќи тие растат цело време, дури и во зима, што ги прави важен извор на храна за разни животни во зимските месеци.

Јасиките, меѓутоа, се најпознати по тоа што имаат најраспространет коренски систем во растителниот свет. Корењата формираат единствен организам под земјата – колонија што може да се шири доста брзо, покривајќи пространи области. Една јасика може да живее до 150 години, но овој поголем организам опстојува под земјата илјадници години.

На поуката за оваа седмица сакаме да откриеме некои од корените на нашиот немир. Постојат многу работи што можат да нè спречат да најдеме вистински одмор во Исуса Христа. Некои од нив се очигледни и не бараат многу внимание. Но, има и нешто што е помалку забележливо за нас, како што е огромниот организам на јасиката скриен под земјата, и ние можеби не сме секогаш свесни за ставовите и постапките што нè одвојуваат од Создателот.

## ИСУС ВНЕСУВА ПОДЕЛБА

Малкумина се оние што уживаат во конфликт. Копнееме по слога и мир. Ние одржуваме дури и семинари во нашите цркви и институции за помирување и решавање на конфликтите.

**Прочитајте го текстот Матеј 10,34-39. Што сака да каже Исус кога вели дека не дошол да донесе мир, туку меч? Што значи тоа, имајќи предвид дека Исус е „кнез на мирот“ (Исаија 9,6)?**

---

Исусовата изјава во текстот Матеј 10,34-39 е шокантно спротивна на нашите очекувања. Спасителот, кој дошол како беспомошно бебе а не како моќен цар опкружен со елитни телохранители, кој се залагал за љубов и кон ближните и кон непријателите, сега им кажува на своите следбеници дека тој всушност носи поделби и судири. Неговите ученици и слушатели веројатно си го поставувале себеси истото прашање што си го поставуваме и ние денес: Како е можно тоа?

Текстот Матеј 10,35-39 всушност зборува за почит и преданост. Цитирајќи го стихот Михеј 7,6, Исус ги повикува своите слушатели да направат избор – да ја изберат вечноста. Синот треба да ги сака и почитува своите родители. Тоа е барање на законот што го примил Мојсеј на гората. Тоа е начинот на кој Бог барал да се одвиваат работите, но ако таа љубов била посилна од нашата посветеност на Христа, тоа би барало тешка одлука. Таткото и мајката треба да ги сакаат своите деца и да се грижат за нив. Меѓутоа, ако таа љубов ја надмине нивната посветеност кон Исуса, тоа ќе бара тешка одлука. Се знае што е на прво место – нè потсетува Исус во овој исечок.

Исус го објаснува тој избор со формулирање на три реченици, од кои секоја го користи терминот *достоен.* Таа достојност не се заснова на високи морални стандарди, па дури ниту на победување на гревот. Достојноста се заснова на нечиј заемен однос со Исуса. Достојни сме кога ќе го избереме Него пред сè друго – вклучувајќи ги мајката, таткото или децата. На тој начин, ние го земаме нашиот крст и го следиме Исуса.

„Немам поголема желба од таа да ги видам нашите млади проникнати со дух на чиста вера, која ќе ги натера да го земат својот крст и да го следат Исуса. Одете напред, млади Христови ученици, раководени од принципите, облечени во облеката на чистота и праведност. Спасителот ќе ве донесе на положбата која најмногу одговара на вашите таленти и каде што ќе можете да бидете најкорисни“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church,* vol. 5, p. 87).

**Понекогаш сме принудени да носиме крст што не сме го избрале самите, а понекогаш го носиме доброволно. Кој е клучот што ни овозможува верно да го носиме тој крст и во двата случаи?**

# СЕБИЧНОСТ

Како и во случајот на јасиката и нејзиниот поголем подземен дел, себичноста е дел од огромниот систем под површината, наречен „грев“, кој нѐ спречува да најдеме вистински одмор во Исуса. Од сите видови грев во нашиот живот, себичноста се чини дека најлесно да се манифестира, зар не? За повеќето од нас, себичноста е подеднакво природна како и дишењето.

**Прочитајте Лука 12,13-21. Опишете го проблемот што се потенцира во таа Исусова парабола. Дали планирањето на иднината е израз на себичност и непочитување спрема Божјото царство? Ако не, или барем не секогаш, тогаш какво предупредување ни упатува Исус?**

---

---

Оваа парабола се појавува само во Евангелието според Лука и дадена е како одговор на проблемот на анонимен човек од народот. Откако му било поставено прашање во врска со наследството, Исус одговара на тој начин што ја одбива улогата на судија меѓу браќата. Наместо тоа, Тој покажува со прст кон поголемиот проблем што се наоѓа зад сето тоа – имено, кон себичноста. Тој копа подлабоко за да ја покаже масата од корени што лежат во основата на нашите поединечни постапки.

**Размислувајте за тоа како се манифестира себичноста во вашиот живот. Како себичноста влијае на нашиот однос со Бога, со нашите сопружници и фамилијата, со нашето црковно семејство, со соседите и колегите на работа? Кој клуч го наоѓаме во Филипјаните 2,5-8?**

---

Фокусирајќи се само на сопствените потреби и амбиции, анонимниот богат човек од Исусовата парабола заборавил да ги земе предвид невидливите небесни реалности. Поголеми, подобри и повеќе не се основните принципи на Божјото царство. Павле ни нуди увид во она што го натерало Исуса да одлучи да стане наш Заменик.

Текстот Филипјаните 2,5-8 опишува образец на несебичноста, понизноста и љубовта. Ако љубовта кон Бога и ближниот не управува со нашите избори и приоритети, ние ќе продолжиме да градиме поголеми амбари за себе на овој свет и да собираме помалку богатства на небото (Матеј 6,20).

**Зошто толку лесно нѐ обзема желбата за богатство и материјални добра? Иако на сите ни треба одредена сума пари за да преживееме, зошто се чини дека ние, без оглед колку имаме, секогаш сакаме повеќе?**

# АМБИЦИЈА

Проучувањето на последната седмица од Исусовата служба на земјата, пред Неговото распетие, секогаш е извор на охрабрување и вдахновение, а ни дава и добар увид во тоа како немирот и амбицијата можат да ги наведат луѓето да кажат и да направат нешто непромислено.

**Прочитајте Лука 22,14-30 и замислете како се чувствувал Исус додека ги слушал своите ученици, во таа свечена пригода, како расправаат за тоа кој треба да се смета за најголем меѓу нив (Лука 22,24). Зошто вниманието на учениците било свртено од тој извонреден настан и било насочено кон човечкото величие?**

Ретко се расправаме со другите за тоа кој е најголем во нашата црква, во семејството или на работното место. Можеби многу размислуваме за тоа, но кој навистина е подготвен отворено да зборува за тоа?

Но, во заедницата на Исусовите следбеници, ова не било првпат да се постави вакво прашање. Во Матеј 18,1 наоѓаме извештај токму за тоа како учениците му го поставиле на Исуса истото прашање, формулирајќи го малку поапстрактно: „Кој е најголем во царството небесно?“ Одговорот на Исус опфатил и една очигледна поука. Повикувајќи тогаш едно дете, Тој го поставил во центарот на нивната група. Очите на присутните се рашириле, веѓите се кренале. Исусовата постапка барала објаснување и Тој го дал тоа во Матеј 18,3 и рекол: „Вистина ви велам, ако не се промените и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно“.

Обратувањето има темелно значење за наоѓање вистински одмор во Исуса. Ние признаваме дека нам ни е потребна помош однадвор. Одеднаш сфаќаме дека не можеме да се надеваме во себеси и дека треба да се потпреме на Исуса. Доживуваме преобразување на личните вредности и амбиции. Исус, всушност, на своите ученици им порачува: Верувајте во мене и потпрете се на мене како ова дете. Вистинската величина подразбира откажување од сопствените права и прифаќање на вредностите на Царството.

За жал, се чини дека учениците сѐ уште не ја научиле таа лекција до моментот кога Исус ја имал последната вечера со нив. Нивното кошкање и натпреварување го уништиле моментот на совршеното заедништво, кое никогаш повеќе нема да се повтори.

И сето тоа по годините поминати со Исуса, служејќи заедно со Исуса, слушајќи и учејќи крај Неговите нозе? Колку тажен пример, кој ни открива колку човечкото срце останува навистина расипано! Меѓутоа, гледано од попозитивната страна, ја согледуваме секогаш присутната реалност на Господовата благодат, која се огледува во фактот дека, и покрај оваа патетична дискусија меѓу Неговите следбеници, Исус сепак не се откажал од нив.

**Зошто задржувањето на нашето внимание на Исуса на крстот треба да биде моќен лек против желбата за самовозвишување, на која сите ние, како паднати човечки суштества, сме станале плен?**

# ЛИЦЕМЕРИЕ

Лицемер е некој што глуми, кој сака да се претстави таков каков што всушност не е. Овој израз се користи седум пати во Матеј 23, во говор во кој Исус јавно ги посрамува книжниците и фарисеите, центарот на еврејското религиозно водство (Матеј 23,13.14.15.23.25.27.29). Евангелијата го откриваат Исуса како некој што им нуди милост и проштавање на прељубодејците, собирачите на даноци, проститутките, па дури и убијците, но кој не покажува многу сочувство кон лицемерите (видете ги многуте дополнителни стихови во: Матеј 6,2.5.16; Матеј 7,5; Матеј 15,7-9; Матеј 22,8).

**Прочитајте го текстот Матеј 23,1-13 и наведете ги четирите главни обележја на лицемерите што Исус ги споменува тука.**

______________________________________________________________

Исус овие четири обележја им ги припишува на книжниците и фарисеите. Во рамките на јудаизмот во првиот век од новата ера, фарисеите претставувале конзервативна религиозна десница. Тие биле заинтересирани за пишаниот и устен закон и ја нагласувале ритуалната чистота. Од другата страна на спектарот беа садукеите, група претежно богати водачи, честопати поврзани со елитната свештеничка класа. Тие во голема мера биле хеленизирани (т.е. зборувале грчки и добро ја познавале грчката филозофија), а не верувале во Божјиот суд или во живот по смртта. Ние би ги опишале како либерали. Меѓутоа, обете групи биле обвинети за лицемерство.

Според Исус, ние сме лицемери ако не постапуваме во согласност со она што го зборуваме, ако им наметнуваме строги религиозни критериуми на другите, а не ги применуваме на нас самите, ако сакаме другите да ѝ аплаудираат на нашата верска ревност, ако бараме чест и признавање што му припаѓа само на нашиот небесен Татко.

Колку и да биле остри и отсечни неговите зборови, односот на Исус кон оние што ги нарекол лицемери сепак бил полн со љубов и грижа.

„Додека со бавен поглед го опфаќал Храмот и своите слушатели, на лицето на Божјиот Син се видело божествено сожалување. Со глас придушен со длабока болка и со горки солзи, извикнал: "Ерусалиме, Ерусалиме, што ги убиваш пророците и ги каменуваш оние што ти се испратени! Колкупати сакав да ги соберам твоите деца како квачката што ги собира своите пилиња под крилјата, но вие не сакавте!" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 620, оригинал).

**Зошто не е потребно да бидете религиозен водач за да бидете виновни за таквиот вид лицемерие што Исус овде толку отворено го осудува? Како да научиме да препознаеме какво било лицемерство во себе, ако тоа постои, и како да се ослободиме од истото?**

# ИСКОРЕНУВАЊЕ НА НЕМИРОТ

**Прочитајте го текстот Јован 14,1-6. Што можеме да преземеме во моментот на нашиот најголем немир за нашето срце да не се вознемири? Кој е клучот за надминување на поделбите, себичноста, амбициите, лицемерието и изнаоѓањето на вистински одмор?**

---

Совладувањето на немирот секогаш започнува со Исус. Тој е патот, вистината и животот. Тој знае кој правец е правилен, кога бесцелно талкаме низ пустината на нашиот од медиуми презаситен свет. Како божествен Законодавец, Самиот Тој е отелотворена вистина и Неговиот Дух ќе нè води кон целокупната вистина (Јован 16,13). Кога сме повредени, уморни, изнемоштени, болни и обесхрабрени, Тој е живот – и тоа не каков било живот. Тој ни ветил живот во изобилство (Јован 10,10). Тоа се однесува на нашиот вечен дом и на вечниот живот, но исто така подразбира и поинаков квалитет на животот овде. Создателот е несомнено способен уште сега да нè дарува изобилно и повеќе отколку што мислиме и бараме.

„Да не се плаши срцето ваше" е повик да живееме во исчекување. Кога тонеме емоционално, Тој е во состојба да нè издигне на едно повисоко ниво. Кога се бориме со темнината и гревот, Тој е оној што не само што ќе го започне, туку и ќе го доврши своето дело во нас (Филипјаните 1,6).

Колку и да станат лоши нашите околности тука (о, да, тие можат да станат лоши), погледнете го ветувањето што ни е дадено во Исуса. Тој подготвува „место" за нас, место од каде што нашата болка, немирот и страдањата ќе бидат протерани засекогаш. Тоа е надежта што ни е дадена во Христа Исуса, и таа ни е понудена на сите нас, кои и да сме, какво и да е нашето потекло, колку и да ни бил валкан животот, или сè уште е таков.

Клучот за нас, меѓутоа, е да му пристапиме на Бога во секоја ситуација – во нашата слабост, повреда, скршеност, во нашата општо падната состојба, знаејќи дека, наспроти сето тоа, Тој нас нè прифаќа. Тоа е суштината на благодатта и причината зошто мора да веруваме дека таа ни е дарувана ако ја бараме со вера.

**Прочитајте го текстот Еремија 3,22. Што бара од нас Бог и, како одговор на тоа, што ќе стори тогаш Тој за нас?**

**Размислувајте за Исусовите зборови: „Кога ќе отидам и ќе ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам вас кај Себе за да бидете и вие каде што сум Јас" (Јован 14,3). Што ни кажува ова за суштинската и пресудна важност на ветувањето за Второто доаѓање? Зошто ветувањето за Второто доаѓање е толку драгоцено, особено за нас адвентистите (со оглед на нашето разбирање на смртта)?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Нема никакво растење ниту плод во животот кој е свртен кон себеси. Ако сте го прифатиле Христа како свој Спасител, треба да заборавите на себе и да се обидете да им помагате на другите. Зборувајте за Христовата љубов, говорете за неговата добрина. Извршувајте секоја должност што ќе ви се даде. Носете одговорност за душите во своето срце и со сите средства што ви стојат на располагање трудете се да ги спасите загубените. Кога ќе го примите Христовиот Дух – духот на несебична љубов и труд за другите - вие ќе растете и ќе носите плод. Во вашиот карактер ќе се покажат доблестите на Духот. Вашата вера ќе расте, вашето уверување ќе се продлабува, вашата љубов ќе се усовршува. Сè повеќе ќе го одразувате Христовиот лик во сè што е чисто, благородно и убаво“ (Елена Вајт, *Христовите параболи*, стр. 67, 68, ориг.).

При решавањето на несогласувањата внатре во црквата, „ако срцата на обете страни не бидат скротени од Божјата милост, расправите меѓу поединците можат да траат со часови, при што се губи не само нивното време, туку и времето на Божјите слуги кои се принудени да ги слушаат. Но, ако не постои горделивост и себичност, повеќето од овие тешкотии би биле отстранети за пет минути“Ellen G. White, Early Writings, p. 119).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Размислете во класата за практичните начини на кои можете да ја победите себичноста. Како едни со други да се држите одговорни, за да направите овие идеи да станат реалност?**
2. **Амбициите сами по себе не се лоши. Но, како да замислуваме и да очекуваме големи работи од Бога, а да не паднеме во стапицата на преголема обземеност со амбиција?**
3. **Многумина од нас однадвор не ја покажуваат својата амбиција, лицемерие, себичност и завист. Ние сме мошне способни да понудиме многу поприклонета надворешна фасада. Но, како и огромниот коренски систем на дрвото на јасиката, сите овие негативни особини демнат под површината. Како изгледа во практика преобразувањето на карактерот предводен од Дух? Како можеме да го искорениме немирот и да најдеме вистински одмор во Исуса?**
4. **Размислете повторно за вашиот одговор на прашањето поставено пред крајот на проучувањето предвидено за четврток, а кое се однесува на важноста на Второто доаѓање. Каква надеж би имале без тоа? Какви придобивки би имале, без тоа, од првото Христово доаѓање, со оглед на тоа дека мртвите спијат до воскресението, кое се случува дури при Второто доаѓање?**

**Поука 4**
**Од 17 до 23 јули 2021**

# ЦЕНАТА НА ОДМОРОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Самоилова 11,1-27; 2. Самоилова 12,1-23; 1. Мојсеева 3,1-8; 1. Јованово 1,9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Создај чисто срце во мене, Боже, и нов и прав дух стави во мене“ (Псалм 51,10).**

Се чини дека многу луѓе очајно се обидуваат да најдат малку мир и тишина. Тие се дури и подготвени да платат за тоа. Во многу големи градови има соби без пристап до интернет, кои можат да се изнајмат на еден час. Правилата се строги – нема бучава, нема посетители. Луѓето се подготвени да платат за да можат да седат во тишина и едноставно да размислуваат или да поспијат. Мошне популарни станаа кабините за спиење што можат да се изнајмат на аеродромите, како и слушалки за намалување на бучавата. Постојат дури и посебни видови наметки и преклопни лични засолништа што можете да ги купите за да ги префрлите над главата и торзото за кратка пауза на работното место.

Вистинскиот одмор има цена. Иако поборниците на идејата за самопомош би сакале да нè убедат дека можеме сами да си ја одредиме сопствената судбина и дека одморот е само прашање на избор и планирање, сепак, ако го разгледаме тоа прашање искрено, ќе видиме дека не сме способни да внесеме вистински мир во нашето сопствено срце. Августин, црковен отец од четвртиот век, тоа го сумирал во неговите познати Исповеди (книга 1), зборувајќи за Божјата благодат: „Ти си нè создал за себе и нашето срце е немирно додека не го најде мирот во Тебе“.

Оваа седмица, накратко ќе го разгледаме животот на еден човек кој бил според Божјото срце, за да дознаеме како тој ја открил вистинската цена на Божјиот одмор.

## УМОРЕН И ИСЦРПЕН

Една блага пролетна вечер, царот Давид чекорел немирно по покривот на својата палата. Тој требало да биде со својата војска од другата страна на Јордан. Требало да го предводи Божјиот народ во победата над Амонците и конечно да воспостави мир во своето царство.

**Тоа што Давид не бил таму каде што требало да биде, ја отворило вратата на искушението пред него. Прочитајте го овој запис во 2. Самоилова 11,1-5. Што се случило и кој голем грев го направил Давид?**

---

Давид видел една жена „која беше многу убава“ како се бања на покривот од неговата куќа. Грешните импулси добиле превласт истата вечер, и тојноќта ја поминал со Витсавеја, жената на еден од неговите најдоверливи воени водачи. Како и сите цареви на стариот свет, Давид имал апсолутна моќ. Како цар, тој не морал да ги следи правилата што важеле за сите останати. Сепак, болната приказна за Давидовото семејство, која следела по таа пресвртница, нѐ потсетува дека, дури и како цар, тој не бил над Божјиот закон.

И навистина, законот постои како заштита, чувар, така што дури и царот, кога излегол надвор од неговите рамки, се соочил со страшни последици. Штом Давид ги пречекорил границите на Божјиот закон, почнал да ги чувствува последиците од тој чин во сите аспекти од неговиот живот. Давид сметал дека неговиот страстен испад поминал незабележано. Сепак, Витсавеја останала бремена, а нејзиниот сопруг бил далеку.

**Прочитајте го текстот 2. Самоилова 11,6-27. Како Давид се обидел да го прикрие својот грев?**

---

Дури и најзамрсените планови на Давид да го доведе Урија дома, кај неговата сопруга, пропаднале. Урија бил човек со цврсти принципи, кој возвратил на убавите навестувања на Давид: „Ковчегот Божји, Израел и Јуда се под шаторите, а господарот мој Јоав и слугите на господарот мој престојуваат во полето, а јас да влезам во куќата своја да јадам, да пијам и да лежам со жената своја?“ (2. Самоилова 11,11). На крајот, очајниот Давид посегнува по „далечинско“ убиство за да го прикрие својот грев.

**Тешко ни е да поверуваме дека Давид, на кого Бог му дал толку многу, можел да се спушти толку ниско. Какво предупредување за себе треба да најдеме во оваа приказна, кои и да сме?**

---

## ПОВИК ЗА БУДЕЊЕ

Во еден од најмрачните моменти од животот на Давид, сепак постоела добра вест – Бог му испратил свој пророк. Натан и Давид добро се познавале. Претходно, Натан го советувал Давида за неговите планови за изградба на храм (2. Самоилова 7). Меѓутоа, сега, пророкот морал да изврши друга задача за својот цар.

**Што мислите, зошто Натан решил да ја раскаже приказната, наместо веднаш да го именува и укори Давида? Прочитајте 2. Самоилова 12,1-14.**

---

Натан знаел што требало да каже и тоа го кажал на начин на кој Давид можел да разбере. Тој раскажал приказна со која Давид, поранешен пастир, лесно можел да се поврзе. Тој бил запознаен со Давидовото истенчено чувство за правда и чесност. Значи, во извесна смисла може да се каже дека Натан поставил стапица и дека Давид паднал право во неа.

Дури кога Давид несвесно си изрекол смртна казна, Натан му рекол: „Ти си тој“ (2. Самоилова 12,7). Постојат различни начини да кажете: „Ти си тој.“ Можете да го кажете тоа со повишен тон, може да обвините некое лице вперувајќи му прст во лице или може да покажете дека навистина се грижите за нив. Зборовите на Натан биле несомнено проткаени со милост. Во тој момент, Давид сигурно ја почувствувал болката што Бог ја чувствува кога еден од неговите синови и ќерки свесно ја пречекорува Неговата волја. Нешто кликнало во Давидовиот ум. Нешто му го раскинало срцето.

**Зошто Давид одговорил: „Згрешив пред Господа“ наместо „Згрешив пред Витсавеја“ или „Јас сум убиец“ (2. Самоилова 12,13; види и Псалм 51,4)?**

---

Давид увидел дека гревот, кој внесува немир во нашето срце, на прво место е навреда за Бога, Создателот и Откупителот. Вистина е дека се повредуваме себеси и лошо влијаеме на другите. Му нанесуваме срам на нашето семејство и на црквата. Но, пред сѐ, го повредуваме Бога и ковеме уште еден клинец во грубата греда на Голгота, вперена кон небото.

„Укорот на пророкот го допрел срцето на Давида и ја разбудил неговата совест; Давид го согледал својот грев во сета негова големина. Душата му се наведнала во покајание пред Бога. Тресејќи се рекол: ‘Му згрешив на Господа.’ Сето зло што им го правиме ние на другите го погаѓа, освен навредениот, пред сѐ Бога. Давид тешко му згрешил не само на Урија туку и на Витсавеја; и тој тоа длабоко го чувствувал. Во однос на Бога, неговиот грев бил бесконечно поголем“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 722, оригинал).

## ПРОСТЕНО И ЗАБОРАВЕНО

Бидејќи Давид несвесно си изрекол казна на самиот себе (2. Самоилова 12,5.6), Натан го соочил со огромните размери на неговиот грев. Срцето на Давид се скршило и тој го признал својот грев. Но, веднаш потоа, Натан го утешил со зборовите: „И Господ го симна од тебе гревот твој“ (2. Самоилова 12,13), што значи дека му било простено. Нема период на чекање за Божјето проштавање. Давид не морал да ја докажува својата искреност пред да му биде простено.

Но Натан сега, предвидувајќи ги последиците од гревот на Давида во 2. Самоилова 12,10-12, изјавува дека детето што го чекале ќе умре.

**Што значи тоа дека Бог го симнал гревот од Давида? Дали тој едноставно го избришал? Дали сите едноставно заборавиле на него? Додека размислувате за овие прашања, прочитајте 2. Самоилова 12,10-23.**

---

Самиот Давид сигурно си ги поставил истите прашања кога неговиот свет се срушил – бебето починало, неговото семејство било во распад (приказните за Амнон и Авесалом се добар пример за семејните проблеми во реалниот живот), неговата иднина била неизвесна. Но, и покрај последиците од неговиот грев, кој погодил невини лица како што се Урија и новороденчето, Давид видел дека Божјата благодат ќе го покрие сето тоа и дека еден ден сите последици од гревот ќе бидат поништени. Во меѓувреме, тој можел во Божјата благодат да го најде единствениот одмор од грижата на совеста.

**Што сметал Давид дека е најпотребно? Што посакувал? Прочитајте го текстот Псалм 51,1-6.**

---

Во Псалм 51, Давид го отвора своето срце и јавно ги признава своите гревови. Додека пека за милост, Давид се повикува на Божјата неисцрпна љубов и голема милост. Тој копнее за обновување.

Кога ја разгледуваме цената на одморот што го наоѓаме во Исуса, најпрво треба да бидеме свесни дека ни е потребна помош од надвор. Ние сме грешници и потребен ни е Спасител. Ние ги признаваме своите гревови и пекаме кон Оној кој може да нè измие, да нè очисти и обнови. Кога ќе го сториме тоа, можеме да црпиме храброст од следново сознание: постоел еден прељубодеец, манипулатор, убиец, некој што прекршил најмалку пет од Десетте заповеди, кој побарал помош – и се повикал на ветувањето за простување од Бога.

**Ако Бог му простил на Давида сè што направил, каква надеж ви дава тоа вам?**

## НЕШТО НОВО

**Откако го признал својот грев без да се обиде да го оправда или ублажи, Давид му упатува молитва на Бога. Што бара тој од Бога во таа пригода? Прочитајте го текстот Псалм 51,7-12.**

---

Споменувајќи го очистувањето со исоп, Давид користи терминологија позната на секој Израелец што некогаш посетил светилиште. Осврнувајќи се на чинот на ритуално чистење, опишан во Мојсеевиот закон (3. Мојсеева 14,4), тој ја признава моќта на жртвата – Жртва што ќе дојде во иднина да ги одземе гревовите на светот.

Давид тогаш бара „радост“ и „веселба“. Со оглед на сериозноста на неговиот грев, зарем тоа не е можеби премногу смело?

За да го разбереме ова, можеби треба да ја разгледаме следната парафраза: „Кажи ми дека ми е простено, за повторно да влезам во светилиштето, каде што ќе можам да ги посматрам радоста и победоносниот дух на оние што те обожаваат“.

**Кога Адам и Ева згрешиле, се скриле и се засолниле од Божјото присуство (1. Мојсеева 3,8). Што мислите, зошто барањето на Давид, дури и по неговиот грев, било толку различно? Прочитајте Псалм 51,11.12.**

---

Давид не сака да ја изгуби свеста за живото присуство на Бога. Тој сфаќа дека без Светиот Дух е беспомошен. Нему му е јасно дека исто толку лесно како што паднал во грев со Витсавеја, тој може повторно да падне во грев. Неговата самодоверба е поткопана.

Давид разбира дека неговите идни победи нема да доаѓаат од него самиот. Тие ќе дојдат само од Бога, кога целосно ќе се потпре на Него.

Победоносниот христијански живот не зависи од нас. Тој зависи од Исуса. Ние копнееме по Неговото присуство, копнееме по Неговиот Дух, ја посакуваме Неговата радост и Неговото спасение. Ја признаваме нашата потреба за обновување и исцелување. Потребен ни е Неговиот одмор – божествен чин на ново создавање. Таквиот одмор не е далеку од проштавањето. Молитвата: „Создај чисто срце во мене, Боже, и нов и прав дух стави во мене“ (Псалм 51,10) ја користи терминологијата на создавањето. Во Стариот Завет, само Бог може да „создаде“ (bara’) – и само тогаш кога наново сме создадени, можеме вистински да се одмориме.

**Ако сѐ уште не сте ја доживеале радоста и убавината на ослободувањето од грижата на совеста, што ве спречува да го сторите тоа? Ако е тоа вина, што можете да научите од оваа приказна што би можело да ви помогне?**

## РЕФЛЕКТОРИ НА БОЖЈАТА СВЕТЛИНА

Кога ќе доживееме некаков срамен неуспех, а веднаш потоа и проштавање, најприродно за нас е веднаш да се обидеме да заборавиме дека тоа воопшто се случило. Сеќавањата за неуспех можат да бидат болни.

**Што сакал Давид да направи во врска со неговото болно искуство? Прочитајте Псалм 51,13-19.**

---

Кога некој сад или скапоцена вазна падне и се распарчи на парчиња, ние обично воздивнуваме и ги чистиме бескорисните остатоци. Сепак, во Јапонија постои традиционална уметност наречена кинтсуги, која се занимава со реставрација на скршена грнчарија. Некој благороден метал, течно злато или сребро, се користи како лепило што ги спојува парчињата и го претвора скршениот предмет во нешто убаво и вредно.

Секојпат кога Бог ќе ни ги прости гревовите и ќе нè обнови, нешто се менува. Божјото благородно проштевање го спојува она што е скршено во нас, а видливите споеви го свртуваат вниманието кон Неговата благодат. На тој начин, ние стануваме Божји гласноговорници. Како што вели псалмот: „Јазикот мој ќе пее за Твоето избавување“ (Псалм 51,14). Тоа не е обид самите да се поправиме или себеси да се подобриме (дури ни постепено). Нашиот скршен дух, нашето покајничко срце, му служат во чест на Бога – тоа се зраците на светлината што може да ги види светот околу нас. Искуството на оние на кои им е простено, привлекува и други кои исто така трагаат по проштавање.

**Која е поврзаноста меѓу Псалмот 51 и 1. Јованово 1,9?**

---

Текстот 1. Јованово 1,9 е резиме на 51. псалм. Исто како што Давид знаел дека „срце понизно и смирено Ти, Боже, не отфрлуваш“ (Псалм 51, 17), така и Јован нè уверува дека „ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секаква неправда“ (1. Јованово 1,9). Така, можеме да го држиме Бога за збор.

И да повториме: Давид не бил во состојба да ја поправи огромната штета што ја предизвикал со своите постапки, ниту лошиот пример што му го дал на своето семејство. Дури и самиот тој трпел последици од неговите одлуки и постапки. Сепак, тој знаел дека му е простено. Знаел дека треба со вера да се потпре на ветувањето дека еден ден ќе дојде вистинското Јагне Божјо и дека ќе застане на негово место.

**Како можете уште сега да го примените ветувањето од текстот 1. Јованово 1,9 во вашиот живот? Како би треба да се чувствувате после тоа, знаејќи дека Божјето ветување се однесува и на вас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Давидовото каење било искрено и длабоко; тој не се обидувал да го покрие својот престап. Во неговата молитва не се чувствува стремеж да ја одбегне осудата што му се заканувала. Напротив, тој ја сфатил тежината на својата непослушност кон Бога, увидувал дека душата му е извалкана и се гнасел над својот грев. Се молел не само за проштавање, туку и за чистота на срцето... Божјето ветување наменето за грешниците што се каат му служело како доказ дека и нему ќе му биде простено... 'Жртва за Бога е духот покајнички; покајано и понизно срце, Боже, не презираш" (Псалм 51,16.17).

Иако Давидовиот пад бил очигледен, Господ повторно го подигнал... Давид се понизил и го признал својот грев, додека Саул ги презирал опомените и срцето му се стврднало, одбивајќи да се покае. Овој дел од Давидовиот живот... е највпечатлив приказ на борбите и искушенијата на човечкиот род, на вистинското каење пред Бога... Тој настан во сите подоцнежни векови ги храбреле душите што паднале во грев... Илјадници Божји деца, кои биле наведени на грев, пред да паднат во очај, си спомнувале како Бог го прифатил Давидовото искрено каење и неговата исповед...; тоа им давало храброст да се покаат и одново да настојуваат да го следат патот на послушност на Божјите заповеди.

Секој што ќе ја послуша опомената и со понизна душа ќе го признае својот грев и ќе се покае, како Давид, може да биде сигурен дека за него постои надеж... Секој кој со вера ќе ги прифати Божјите ветувања, ќе добие проштавање. Господ никогаш нема да ја отфрли душата која искрено се кае" (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 725, 726, ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Како можеме да најдеме рамнотежа меѓу сознанието за нашата вродена грешност и потребата за проштавање, додека во исто време живееме како синови и ќерки на Царот на вселената, на кои им е простено?**
2. **Зошто секој грев, во крајна линија, е грев против Бога? Што значи да се греши против Бога?**
3. **Што можеме да му кажеме на некој што не е верник, а кого го мачат страдањата на невини луѓе, како што биле Урија и новородениот син на Давид и Витсаида? Како можеме да ја објасниме Божјата љубов и правда во една таква ситуација? На кој начин перспективата на големата борба ни нуди корисен увид?**
4. **Зошто Библијата посветува цели две глави на грозоморната приказна за Давид и Витсаида? Која е целта на прераскажувањето на тој настан?**
5. **Размислувајте за идејата дека гревот нѐ одвојува од Бога, како што е изразено во текстот Псалм 51,11.12. Какво е вашето лично искуство во врска со начинот на кој се доаѓа до тоа? Како се чувствувате? На кој начин би објасниле некому како изгледа таа одвоеност и зошто е толку непријатно? Зошто ветувањето за благодатта е единствениот лек за тоа?**

**Поука 5**
**Од 24 до 30 јули 2021**

# „ДОЈДЕТЕ КАЈ МЕНЕ...“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 11,20-30; Матеј 5,5; 5. Мојсеева 18,15; Галатјаните 5,1; 2. Мојсеева 18,13-22; Галатјаите 6,2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор“ (Матеј 11,28).**

„Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор.“

Колку прекрасно ветување што ни го дава Исус тука. На крајот на краиштата, кој од нас повремено не се чувствува претоварен, ако не толку поради самата работа (иако и тоа често се случува), тогаш заради напорот и товарот што ги носи самиот живот? О да, Исус овде ни кажува дека знае низ што поминуваме и да! – Тој може да ни помогне – т.е. може ако Му дозволиме.

И тогаш, откако ни вели да гоземеме неговиот јарем, Исус додава: „Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“ (Матеј 11,30). Со други зборови: Ослободете се од јаремите и товарите што ги носите (предадете ми ги на мене) и земете го мојот јарем, зашто тој е полесен за носење.

Како можеме да го искусиме одморот за којшто зборува Исус? Конечно, живееме во свет во кој, по падот во грев, Господ му рекол на Адама: „Со пот на лицето свое ќе јадеш леб“ (1. Мојсеева 3,19). Според тоа, ние знаеме што значи напорна работа и носење товар кој може да биде премногу тежок, особено кога го носиме сами.

# „ЈАС ЌЕ ВИ ДАДАМ ОДМОР“

**Прочитајте Матеј 11,20-28 во кој Исус, меѓу другото, вели: „Дојдете при Мене сите, кои се трудите и сте обременети, и Јас ќе ви дадам одмор“. Во кој контекст го изјавил тоа? Како Исус ни дава одмор?**

Исус, како нас, никогаш не зборувал надвор од контекстот. Затоа, за да го разбереме правилно, треба да обратиме внимание на непосредниот контекст во кој Тој дава одредена изјава, ако сакаме да избегнеме недоразбирања со Исуса.

Единаесеттата глава претставува пресвртница во Евангелието според Матеј. Осудите за важните галилејски градови се најострите изјави што сме ги прочитале до тој миг во таа книга. Исус не им ласкал на слушателите. Тој го вперувал прстот во болните места и се дружел со „погрешни“ луѓе (Матеј 9,9-13). Неговото тврдење дека може да ги простува гревовите, било скандалозно во очите на верските водачи (Матеј 9,1-8).

Навистина, Исус им упатил на овие луѓе некои тешки зборови на осуда, споредувајќи ги дури и во многу неповолна смисла со Содом, кој (како и денес) се смета за место на бесрамна расипаност. „Но ви велам, на земјата Содомска ќе ѝ биде полесно на судниот ден, отколку тебе“ (Матеј 11,24).

Тензијата растела – меѓутоа, среде сето тоа, Исус го менува правецот и нуди вистински одмор. Тој може да го стори тоа бидејќи, како што вели: „Сѐ Ми е предадено од Мојот Татко, и никој не Го познава Синот, освен Таткото“ (Матеј 11,27). Според тоа, Исусовата способност да обезбеди одмор се заснова на Неговото божество и единство со Отецот.

Но, пред да му пријдеме за да ги оставиме нашите товари, треба да сфатиме дека не сме во состојба да ги носиме сами. Повеќето од нас, всушност, нема ни да дојдат ако не ја признаат својата вистинска состојба. Затоа што Исусовиот повикот се заснова на нашата потреба.

Неговата изјава во Матеј 11,28 започнува со императив во грчкиот оригинал. „Дојдете“ не е само една од повеќе можности. „Дојдете“ е предуслов за пронаоѓање на одмор. „Дојдете“ значи дека треба да се препуштиме на контролата. Во време кога преку нашите паметни телефони можеме лесно да управуваме со многу работи во нашиот живот, доаѓањето кај Исус не е природна насока на движење. За многу луѓе, предавањето е всушност најтешкиот дел од христијанскиот живот.

Ние сакаме да зборуваме, и со право, за сѐ што Бог прави за нас преку Христа, за тоа дека не можеме самите себеси да се спасиме и слично. Сето тоа е точно. Но, на крајот, сепак треба свесно да одлучиме да „дојдеме“ кај Исуса, што значи да му се предадеме. Само тогаш реалноста на слободната волја ќе стане предуслов и средиште на христијанскиот живот.

**Какви товари носите вие? Како може да научите да му ги предавате на Исуса и да го искусите одморот што Тој го нуди, а кој Него лично го чинел толку многу?**

## „ЗЕМЕТЕ ГО МОЈОТ ЈАРЕМ НА СЕБЕ“

**Прочитајте го текстот Матеј 11,29.30. Зошто Исус ни заповеда да го земеме неговиот јарем веднаш откако нѐ повика да му ги предадеме нашите товари и да најдеме вистински одмор?**

По првиот императив „дојдете“ во Матеј 11,28, следат уште два императиви во следниот стих: Матеј 11,29.

„Земете“ и „научете се“ го насочуваат вниманието на слушателите (и читателите) кон Исуса. Треба да го земеме неговиот јарем и да учиме од Него.

Блиската врска меѓу Отецот и Синот во рамките на Божеството (веќе навестен во текстот Матеј 11,25-27) нуди моќна илустрација, која може да ја објасни метафората на јаремот во овие стихови. Отецот и Синот работат сложно на спасение на човештвото. Иако јаремот е симбол на покорност (види Еремија 27), тој е исто така метафора што илустрира заедничка цел. Ние го прифаќаме Неговиот јарем, но исто така и задачата што Тој ни ја дава – да бидеме на благослов на оние што се околу нас. Неговиот јарем не го носиме сами. Ние сме впрегнати заедно со Него и затоа неговиот јарем е „благ“, а неговото бреме е „лесно“ (Матеј 11,30).

Вториот императив „Научете се од мене“ го повторува истиот концепт. Во грчкиот јазик (како и во македонскиот) глаголот „учи“ е поврзан со поимот „ученик“. Кога учиме од Исуса, ние сме навистина Негови ученици. Послушноста и посветеноста се обележјата на учењето.

**Која е разликата помеѓу „натовареноста“ (Матеј 11,28) и земањето на неговиот јарем (Матеј 11,29)?**

Во јудаизмот, јаремот бил вообичаена метафора за законот. Во текстот на Дела 15,10 тој се однесува на законот за обрежување. Во Галатите 5,1 се споредува слободата што ја нуди Исус со „јаремот на ропството“, што се однесува на сфаќањето дека законот е средство за спасение. Впрегнатоста во Исусовиот јарем ја нагласува нашата послушност и посветеност да ги следиме неговите стапки и да учествуваме во неговата мисија. Иако не можеме да се надеваме дека ќе додадеме нешто на спасението што Исус веќе го извојувал за нас на крстот, сепак можеме да станеме негови амбасадори и да ја споделуваме радосната вест со оние околу нас. Исусовото толкување на законот, откриено во Беседата на горната (Матеј 5-7), е дури и порадикално од тоа што го застапувале фарисеите. Тоа бара операција на срцето и целосна промена на мотивите – и тогаш Неговиот јарем станува благ и неговото бреме лесно (Матеј 11,30).

**Колку прекрасно ветување! Одмор за вашата душа. На кој начин го доживувате тој одмор? Како изгледа тој? Како, сосредоточувајќи се на Исуса и на она што Тој ни го нуди, почнуваме да го запознаваме вистинското значење на тој одмор?**

## „БИДЕЈЌИ СУМ КРОТОК И СМИРЕН ПО СРЦЕ“

Кротоста е потценета особина денес. Понизноста е предмет на потсмев. Социјалните медиуми нè учат да обрнуваме внимание на нападни, бучни, чудни, незауздани и арогантни луѓе. Толку многу стандарди на овој свет се навистина во спротивност со она што Бог го сметал за важно и вредно.

„Сознанијата за вистината не зависат толку од силата на интелектот колку од чистотата на намерите, од едноставната искрена и цврста вера. Божјите ангели се веднаш крај оние кои со понизно срце бараат Божје водство. Ним им се дава Свети Дух да им ги отвори богатите ризници на вистината“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 59, оригинал).

**Прочитајте Матеј 5,5; 1. Петрово 3,4 и Исаија 57,15. Како би ги дефинирале кротоста и понизноста врз основа тие стихови?**

Павле зборува за Христовата „благост и кроткост“ во 2. Коринќаните 10,1. Кротоста и понизноста не се опис на слаба и колеблива личност, која не е во состојба да се спротивстави и да го одбрани своето гледиште. Самиот Исус не предизвикувал судири и често ги избегнувал, бидејќи Неговата мисија сè уште не била исполнета (Јован 4,1-3). Меѓутоа, кога би бил вовлечен во судир, тој смело возвраќал. Но, сепак, дури и тогаш тој зборувал љубезно. Своето жалење над Ерусалим, непосредно пред распетието, Тој не го изразувал со гласни клетви, туку живо ја доловил страшната иднина со плач во гласот (Лука 19,41-44).

Во Новиот Завет, Исус често се опишува како втор Мојсеј. Тој на Горага му се обратил на народот, изнесувајќи ги принципите на своето царство (Матеј 5,1). На чудесен начин обезбедил храна за голем број луѓе (Матеј 14,13-21). Во текстот 5. Мојсеева 12,3, Мојсеј се опишува како „кроток“, што потсетува на Матеј 11,29. Оние што присуствувале на хранењето на 5000 луѓе зачудено извикале: „Овој е навистина Пророкот кој требаше да дојде на светот“ (Јован 6,14) – а тоа упатува на 5. Мојсеева 18,15 и на пророчката улога на Мојсеј.

Меѓутоа, Исусовата кротост и понизност видно ја надминуваат Мојсеевата. Впрочем, Тој е нашиот божествен Спасител. Иако Мојсеј бил подготвен да се жртвува себеси за да го спаси својот народ (2. Мојсеева 32,32), со неговата смрт ништо не би се постигнало, бидејќи и тој самиот бил грешник кој има потреба од Спасител, кој ќе ги понесе неговите гревови и ќе ја плати цената за нив. Иако многу работи можеме да научиме од неговата животна приказна, сепак не можеме да најдеме спасение во Мојсеја.

Нам ни е потребен Спасител кој може да стои наместо нас, не само како Посредник, туку и како наша Замена. Посредувањето е важно, но само Бог кој виси на крстот како Носител на нашите гревови, како Оној кој врз себе ја презел казната за нив, може да нè спаси од законските последици што нашите гревови, со право, би ни ги донеле. Од таа причина, колку и да е Исус добар пример за нас, тоа ништо не би вредело кога не би биле крстот и воскресението.

## „ЗАШТО ЈАРЕМОТ МОЈ Е БЛАГ“

Веќе забележавме дека Матеј го користи терминот „јарем“ во овој текст, на ист начин како што е користен во јудаизмот, додека во другите делови на Новиот завет тој израз се однесува на погрешно разбирање на законот.

**Грчкиот збор преведен како „благ“ во текстот Матеј 11,30 може да се преведе и како „добар, пријатен, корисен и благонаклонет“. Мнозина околу нас сметаат дека Божјиот закон е премногу строг и дека е тежок за држење, а некои сметаат дека не е важен. Како можеме да им помогнеме да ја откријат убавината на законот, што ќе разбуди кај нив љубов кон Законодавецот?**

---

Родителите никогаш не го забораваат моментот кога нивното дете го направило првиот чекор. По тој несигурен прв чекор следел вториот, пробен чекор, а потоа и третиот – и до тоа време детето веројатно веќе се сопнало и паднало. Можеби имало малку солзи, можеби дури и модринка, но кога детето еднаш ќе ја почувствува слободата на движење, тоа ќе станува и повторно ќе се обидува. Ќе оди, ќе паѓа, ќе станува, пак ќе оди, ќе паѓа и станува. Оваа наредба ќе се повторува многу пати додека не се зајакне неговиот чекор. А сепак, и покрај сите овие сопнувања и падови, едно мало гордо лице триумфално ќе извика: Мамо, тато, јас одам!

Одењето со Исуса нема да биде секогаш лесно, но секогаш е добро и правилно да го правиме тоа. Можеби ќе се сопнеме. Можеби дури и ќе паднеме. Сепак, додека Тој е со нас, ќе можеме да станеме и да продолжиме да одиме.

**Во Галатјаните 5,1, Павле напишал: „Стојте во слободата, со која Христос нè ослободи, и не се подавајте пак под ропски јарем!“ Што значи ова? Како Христос нè ослободил? Која е разликата помеѓу јаремот што Тој нè повикува да го носиме и „ропскиот јарем“ за кој Павле предупредува?**

---

Што и да мислел Павле под изразот „ропски јарем“, можеме да бидеме сигурни дека тоа не се однесувало на послушноста на Божјиот закон – Десетте заповеди. Зашто, дури тогаш кога ќе сфатиме дека нашето спасение ни е осигурано – не врз основа на законот, туку врз основа на Христовата праведност која нè покрива – можеме да најдеме вистински одмор и слобода – во послушноста, преку верата.

**Зошто наоѓаме подлабок мир и поквалитетен одмор кога живееме во послушност на Божјиот закон, отколку кога го кршиме?**

## „БРЕМЕТО МОЕ Е ЛЕСНО“

Во својата последна изјава во Матеј 11,30, Исус се послужил со сликата на носење товар: „Зашто јаремот Мој е благ и бремето Мое е лесно“.

**Мојсеј се радувал што се сретнал со својот свекор Јотор откако Израел го напуштил Египет и го преминал морето. Прочитајте 1. Мојсеева 18,13-22. Како е претставено носењето на товарот на друга личност во тој запис?**

---

Текстот 1. Мојсеева 18,13 ни кажува дека народот доаѓал од утро до вечер кај Мојсеја за да им суди. Кога Јотор го видел тоа, почнал да го убедува својот зет да воспостави структура која ќе му овозможи да се посвети на покрупни проблеми, а секојдневните прашања да им ги доверува на другите. Светото писмо ни кажува дека Мојсеј се покорувал на зборовите на својот дедо и ги вовел тие оживувачки промени.

Кога рекол дека Неговото бреме е лесно, Исус сакал да нѐ потсети дека можеме да се потпреме на Него како краен носител на товарот. Како Мојсеј, и ние мора да научиме дека ни се потребни другите со кои ќе ги споделуваме нашите товари. Во текстот 1. Коринќаните 12,12-26, сликата на Павле за Христовото тело нуди добра илустрација за делење на товарот. Потребно ни е функционално тело за да можеме да носиме каков било товар. Потребни ни се нозе, раце, рамења, мускули и тетиви за да носиме што било.

**Прочитајте Галатјаните 6,2. Како, тоа што ги носиме товарите едни на други, ни помага да го исполниме Христовиот закон?**

---

Непосредниот контекст на тој стих може малку да ни помогне. Во Галатјаните 6,1, Павле тврди дека братот или сестрата што паѓаат во грев треба да ги поправаме во дух на кротост (сетете се на Исусовата изјава во Матеј 11,29 дека Тој е кроток). Носењето товар значи враќање на некој што заталкал од патот, со цел да му се помогне да ја согледа божествената благодат. Тоа исто така значи дека треба да си помагаме едни на други кога минуваме низ тешкотии. Грчкиот израз за „бреме“ може да се однесува на некој тежок товар или камен. Тоа нѐ потсетува дека сите ние носиме некој наш товар и дека на сите им се потребни оние кои можат да им помогнат во тоа. Делењето на товарот е божествено осмислена црковна активност, која бара кротост, а произведува сочувство.

**Сетете се кога последен пат некој ви помогнал да го носите товарот под кој сте се мачеле. Зошто тоа ви значело толку многу? На кого можете сега да му помогнете да го носи товарот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Кога сфаќате дека работата ви е тешка, кога се жалите на тешкотии и препреки, кога тврдите дека немате сила да му одолеете на искушението, дека не можете да ја победите нетрпеливоста и дека христијанскиот живот ви е заморен, бидете сигурни дека вие, во тој случај, не го носите јаремот Христов – го носите јаремот на друг господар“ (Ellen G. White, *Child Guidance,* p. 267).

„Потребна е постојана претпазливост и искрена посветеност од љубов, но до тоа доаѓа природно кога Божјата сила ја чува душата со вера. Ние не можеме да сториме ништо, апсолутно ништо, за да ја здобиеме божествената наклоност. Не смееме да се потпреме на себе или на нашите добри дела. Но, кога ќе дојдеме кај Христа како грешни, заблудени суштества, можеме да најдеме одмор во Неговата љубов. Бог го прифаќа секој оној што Му пристапува целосно верувајќи во заслугите на распнатиот Спасител. Љубовта се раѓа во срцето. Можеби не доаѓа до некој емоционален занес, но има постојана, спокојна доверба. Секој товар станува лесен, бидејќи јаремот што Христос го наметнува е лесен. Должноста станува уживање, а жртвата задоволство. Патеката што претходно се чинела мрачна, сега е осветлена од зраците на Сонцето на правдата. Тоа значи да се оди во светлина, како што е Христос во светлината“ (Ellen G. White, *Faith and Works*, pp. 38, 39).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Дали се сеќавате на моментот во вашето одење со Исуса, кога конечно сте се предале? Зборувајте за тоа во вашата класа и обрнете посебно внимание на причината поради која сте се предале.**

**2. Проучете ја Исусовата молитва во текстот Матеј 11,25-27 и разговарајте во класата за тоа како стекнуваме знаење за благодатта. Зошто Бог го крие планот на спасението („сè“) од мудрите и разумните и им го открива на „простите“?**

**3. Како можеме практично да им помогнеме на оние околу нас кои се мачат со своите товари да дојдат кај Исуса и да најдат одмор?**

**4. Размислете повеќе за тоа што значи да се биде „кроток и смирен по срце“. Зар тоа не е лошо за нашата самодоверба? Зар не би требало да имаме позитивен став за себеси, особено за оние меѓу нас кои и онака се мачат сомневајќи се во себе? На кој начин крстот, и она што тој претставува, треба да ни помогне да разбереме што мисли Исус околу тоа дека човек треба да биде „кроток и смирен“? Односно, во присутноста на крст, зошто кротоста и смиреноста се единствениот најсоодветен став што можеме да го заземеме?**

**Поука 6**
**Од 31 јули до 6 август 2021**

# ПРОНАОЃАЊЕ МИР ВО СЕМЕЈНИТЕ ОДНОСИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 34; Евреите 11,17-22; 5. Мојсеева 4,29; 1. Јованово 3,1.2; 1. Мојсеева 39; Ефесјаните 6,1-13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А вие, возљубени, знаејќи го ова однапред, пазете се од измамата на беззакониците за да не бидете одведени со нив, и да не отпаднете од својата утврденост, туку да напредувате во благодатта и во познанието на нашиот Господ и Спасител Исус Христос. Нему слава и сега и за вечни времиња. Амин!“ (2. Петрово 3,17.18).**

Млад човек внимателно го набљудувал хоризонтот. Со денови ги барал своите браќа, и конечно ги здогледал. Кога, мавтајќи и викајќи силно, се приближил до таа група мрачни лица, наишол на сè, освен на топло добредојде. Неговите родени браќа, всушност, сакале да го убијат. Да не бил Рувим, приказната можеби не би имала продолжение. Рувим ги убедил другите да го заплашат само малку и да го фрлат во пресушен бунар. И тогаш, Јуда дошол до одлична идеја како да се ослободи од него, па дури и да заработи пари – да го продадат на трговци со робови што минувале оттаму.

Каков пример за дисфункционално семејство!

Можеме да избереме многу нешта во животот, но не и нашето семејство. Никој не е совршен и никој од нас нема совршено семејство или совршени семејни односи. Некои од нас се благословени со родители, со браќа, сестри и други членови на семејството кои се трудат да ја одразуваат Божјата љубов, но повеќето мора да бидат задоволни со нешто многу помалку од идеал. Семејните односи се често комплицирани и тешки, оставајќи ни немир, болка и емоционален товар што го носиме со себе и неминовно го префрламе на другите.

Како можеме да го најдеме Божјиот мир во оваа област од нашиот живот? Оваа седмица ќе се свртиме кон приказната за Јосиф и за неговите семејни врски, и ќе набљудуваме како Бог носи исцелување и емоционален одмор, и покрај дисфункционалните семејни односи.

# ДИСФУНКЦИОНАЛЕН ДОМ

На Јосифа му биле познати дисфункционални семејства. Сè започнало со неговите прабаба и прадедо, Аврам и Сара. Кога Сара сфатила дека е неплодна, го убедила Аврама да оди кај нејзината слугинка Агара. Меѓутоа, штом Агара останала бремена, почнало ривалството. Растејќи во таква атмосфера, Исмаил и Исак го пренеле притисокот и во нивните семејства. Исак отворено покажувал пристрасност кон Исав, а Јаков се обидувал цел живот да ја заработи љубовта и почитта од својот татко. Подоцна тој бил измамен да се ожени со две сестри, кои не се сложувале најдобро. Тие се натпреварувале една со друга за да му подарат повеќе деца, вклучувајќи ги и своите слугинки.

**Размислете за настанот кој е детално изложен во 1. Мојсеева 34. Какво влијание врз емоциите и односи имал овој настан во семејството како целина, но и кај младиот Јосиф?**

---

Ривалството меѓу мајките очигледно им било пренесено и на децата, кои пораснале во доста воинствени луѓе. Јосифовите постари браќа, уште како младичи, ги масакрирале сите мажи во градот Сихем. Најстариот брат, Рувим, покажал своеволност и инает кон својот постар татко спиејќи со Вала, слугинка на Рахела и мајка на едно од децата на Јаков (1. Мојсеева 35,22). Во меѓувреме, Јосифовиот брат Јуда ја помешал својата снаа вдовица со проститутка и на крајот добил близнаци со неа (1. Мојсеева 38).

Среде сите овие семејни тензии, Јаков додал масло на огнот, покажувајќи очигледна пристрасност кон Јосифа кога му подарил скапа шарена облека (1. Мојсеева 37,3). Ако некогаш постоело нефункционално семејство, сигурно е дека семејството на овој патријарх би можело достојно да му парира.

**Што мислите, зошто текстот Евреите 11,17-22, Аврам, Исак и Јаков се наведени како херои на верата, и покрај нивните хаотични семејни односи?**

---

Божјите херои на верата честопати не успевале да ги остварат своите или Божјите очекувања. Тие луѓе не се наведени во Евреите 11 глава поради нивните хаотични семејни односи, туку и покрај нив. Тие учеле – честопати на потешкиот начин – за верата, љубовта и довербата во Бога додека се бореле со своите семејни проблеми.

**Каква семејна дисфункција вие сте наследиле? На кој начин, предавањето себеси на Бога и на Неговите патишта би можело да придонесе тој образец да се скрши, барем во иднина?**

# ИЗБОР НА НОВА НАСОКА

Носејќи ја со себе својата болка, вознемиреност и тага поради прекинатите семејни врски, Јосиф патувал за Египет каде што требало да биде продаден како роб. Не било воопшто лесно и тој се борел со солзи целиот пат.

„Во меѓувреме Јосиф со своите господари патувал кон Египет. Кога карванот поминувал низ јужните граници на Ханан, тој можел да ги види рабовите на ритчињата под кои биле шаторите на неговиот татко. Споменувајќи си за својот мил родител, горко плачел во својата осаменост и болка. Повторно пред очи му излегла сликата од Дотаим. Ги видел своите намрштени браќа и ги чувствувал нивните грозни погледи. Во ушите му се одгласувале навредливите и подбивни зборови со кои одговарале на сите негови очајни пекања. Со страв во срцето гледал во својата иднина. Каква промена! Од нежно сакан син - немоќен и презрен роб! Каква ли судбина допрва го очекува во таа туѓа земја во која сега оди и каде што ќе биде сам и без пријатели? Јосиф од почеток паднал во безмерна болка и страв...

Тогаш мислите му се упатиле кон Бога на неговите татковци. Во детството го учеле да го сака тој Бог и да се бои од него. Често во шаторот на татка си ја слушал историјата за визијата што му била покажана на Јакова кога како бегалец и изгнаник бегал од дома. Слушал за ветувањата што му ги дал Господ на Јакова и како тие биле исполнети; како во тешките мигови дошле Божји ангели и му дале вистински упатства, го тешеле и го штителе. Дознал и за Божјата љубов со која за луѓето е предвиден и Спасител. Сите тие скапоцени поуки сега живо излегувале пред него. Јосиф верувал дека истиот Бог кој бил Бог на неговите татковци ќе биде и негов Бог. Тогаш со сето срце му се предал на Господа и се молел ‘Чуварот Израелов’ да биде и со него во земјата на неговото изгнанство“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 213, 214, ориг.).

Некои култури ја нагласуваат улогата на заедницата во однос на поединецот, додека други имаат тенденција да ставаат поголем акцент на улогата на поединецот во однос на заедницата. Иако наоѓаме рамнотежа меѓу овие две гледишта во Светото писмо, постои јасен повик и за лично и за колективно предавање на Бога. Јосиф почнал да наоѓа мир во односите со другите на тој начин што донел лична одлука да го следи Бога.

**Што нè учат следните стихови во врска со личното посветување? (5. Мојсеева 4,29; Исус Навин 24,15; 1. Дневникот 16,11; Псалм 14,2; Мудри изреки 8,10; Исаија 55,6).**

За да најдеме мир и одмор, секој од нас поединечно мора да донесе одлука да го следи Бога. Дури и ако нашите предци биле духовни гиганти, таквата вера и духовност не се пренесуваат генетски. Запомнете – Бог има само деца, но не и внуци.

**Зошто е важно секој ден, дури и секој момент од денот, да одлучите да му се предавате на Бога? Што се случува кога не го правите тоа?**

# ПРОНАОЃАЊЕ НА НАШАТА ВИСТИНСКА ВРЕДНОСТ

Ако Јосиф негувал некаква надеж дека ќе успее да избега и да се врати дома, тие исчезнале со неговото пристигнување во Египет, каде што бил препродаден во угледно домаќинство. 1. Мојсеева 39,1 ни кажува дека „Потифар, дворјанинот фараонов, заповедник на стражата, Египќанец, го купи од Исмаилците, кои го доведоа таму". Одеднаш, младиот човек бил турнат во една нова, непозната култура со непознат јазик.

Семејните врски и другите блиски односи имаат пресудна важност за изградбата на нашата самодоверба. Јосиф пораснал верувајќи дека тој е нешто посебно – првороден син на најсаканата сопруга (1. Мојсеева 29,18). Тој неспорно бил миленик на својот татко и единствениот кој имал прекрасна, разнобојна наметка (1. Мојсеева 37,3.4).

А, кој бил тој сега? Обичен роб што може да се купи или продаде според нечија проценка. Забележете колку брзо се променила целата негова ситуација. Колку брзо животот навидум му се пресвртел наопаку.

Навистина, Јосиф ја научил лекцијата што сите мора да ја научиме. Ако се потпираме на другите да ни кажат колку вредиме, ќе ни биде тешко и ќе бидеме ужасно збунети, бидејќи нема секој да умее да нè цени. Наместо тоа, ние треба да ја најдеме нашата вредност во она што Бог го мисли за нас – како Тој нè гледа – а не во улогите што ги имаме во овој момент.

**Како Бог гледа на секој од нас? (Исаија 43,1; Малахија 3,17; Јован 1,12; Јован 15,15; Римјаните 8,14; 1. Јованово 3,1.2).**

---

Бог гледа на секој од нас низ очила засенчени со благодатта. Тој гледа потенцијал, убавина и талент каков што не можеме ни да ги замислиме. Конечно, Тој бил подготвен да умре за нас за да добиеме можност да станеме сè она за што сме создадени да бидеме. Иако ни ја покажува нашата грешност и огромната цена платена за нашиот откуп, Крстот исто така ни покажува колку сме вредни и важни за Бога. Што и да мислат другите за нас, што и да мислиме на другите, Бог нè сака и сака да нè спаси, не само од силата на гревот, туку и од вечната смрт што ја носи гревот.

Затоа, клучното прашање е секогаш исто: Како одговараме на реалноста на Божјата љубов каква што ни е откриена во Исуса Христа?

**Постојат многу групи и поединци кои нè уверуваат дека треба да се сакаме такви какви што сме и да се прифатиме себеси потполно некритички. Од каде знаеме дека ова е, всушност, самоизмама? Зошто е важно да веруваме дека нашата вредност доаѓа однадвор, од Оној што нè создал и го знае нашиот вистински потенцијал?**

# УПРАВУВАЊЕ СО ОДНОСИТЕ НА БОЖЈИ НАЧИН

Во почетокот, приказната на Јосиф во Египет добила позитивен пресврт. Јосиф му се доверил себеси на Бога и Бог го благословил Јосифа, кој се издигнал во домаќинството на Потифар повеќе отколку што можел да замисли.

**На кои практични начини се покажале Божјите благослови во животот на Јосиф? Какви биле односите на Јосиф со другите? Прочитајте го текстот на 1. Мојсеева 39,1-6.**

---

Иако се чинело дека Јосиф добро се согласува со Потифар, и дека неговите односи со останатите членови на домаќинството течат без проблеми, на повидок била неволја. Некој во домот бил немирен.

**Со каков проблем во односите се соочил Јосиф? Како тој одлучил да постапи? Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 39,7-10.**

---

Јосиф имал проблем со жената на Потифар. Тоа можеби би требало да се преформулира: Сопругата на Потифар имала проблем. Таа на другите луѓе гледала како на „работи“ со кои може да се манипулира и да се користи. Таа сакала да го „искористи“ Јосифа. Јосиф е опишан како млад човек со „стројна става и со убаво лице“ (1. Мојсеева 39,6). Библијата ретко споменува нечиј физички изглед, зашто Бог не гледа „како што гледа човек, зашто човек гледа на лицето, а Господ гледа на срцето“ (1. Самоилова 16,7). Во овој случај, убавиот изглед на Јосиф повеќе бил пречка отколку помош во неговата потрага по чистота и верност кон Божјите начела.

Така Јосиф, и покрај инсистирањето на таа расипана жена, прави нешто навидум контрапродуктивно. Тој ги применува библиските принципи на сите односи – во овој случај, на односот со жената на Потифар. Библиските принципи во врска со односите не се старомодни, како што може да потврди кој било (а тоа е секој) кој трпел последици од гревот.

Библискиот наратив нагласува дека ова не било моментално искушение. Жената на Потифар го прогонувала од ден на ден (1. Мојсеева 39,10). Јосиф се обидел да ја објасни причината за својата одлука (1. Мојсеева 39,8.9), но без успех.

Тој увидел дека не може да управува со одлуките на другите. Сепак, Јосиф одлучил да живее, да ги сака и да постапува со луѓето околу себе на начин што ќе го прослави Бога. Научил да живее во Божје присуство и тоа му помогнало да му се спротивстави на искушението.

**Дали сте се обиделе да ги примените библиските принципи на сите ваши односи, дури и кога другата личност не постапува чесно? Како завршило тоа? Прочитајте Матеј 5,43-48. Зошто е важно да живееме на тој начин?**

## ГОЛЕМАТА БОРБА - ОДБЛИЗУ И НА ЛИЧЕН ПЛАН

Како што знаеме од извештајот (1. Мојсеева 39,11-20), Јосиф страдал поради неговата принципиелна одлука. Тој бил фрлен во затвор. Како роб под власта на Потифар, тој можел да биде убиен на самото место, без никакви прашања. Потифар очигледно не ѝ верувал на својата жена, но морал да преземе нешто за да го одбрани својот углед. Сепак, дури и тогаш, и покрај застрашувачките околности, Светото писмо кажува дека „Господ беше со Јосифа“ (1. Мојсеева 39,21).

Животот на планетата земја не е фер. Доброто не е секогаш наградено, а злото честопати не се казнува веднаш. Меѓутоа, има некои добри вести – Јосиф можел да најде мир, дури и во затвор, бидејќи Бог бил со него. Во затворот, тој можел да размисли за неправдата што ја доживеал, можел да се повлече, па дури и да се откаже од Бога.

**Но, што прави Јосиф додека е во затвор? Како се однесувате кон оние што се околу вас? Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 39,21 – 40,22.**

---

---

Во затворот, Јосиф се бори со она што е реално, а не идеално. Тој се поврзува со луѓето и им помага на другите, иако односите во затвор се далеку од идеалот што тој би го посакал. Јосиф не се двоуми да побара помош или да ја покаже својата ранливост. Тој го моли за помош пехарникот, кога му го протолкувал својот сон.

**Која поширока слика во врска со односите Павле ја прикажува во Ефесјаните 6,1-13?**

---

Нашите заемни односи се минијатурен одраз на големата борба меѓу Бога и сатаната, која беснее низ вековите. Тоа значи дека нема совршени односи. Секој заемен однос мора да има динамика на развој, а сатаната има интерес да ги искористи сите наши односи – особено најблиските – во своја полза, за да го оштети и попречи она што е Божја волја за нашиот живот. Можеме да бидеме благодарни што не сме оставени сами да ги водиме тие битки. Божјата реч ги поставува принципите за уредување на нашите односи. Неговото ветување дека ќе ни даде мудрост (Јаков 1,5) ги опфаќа и нашите односи. И, како што бил со Јосифа, Тој ветува дека ќе биде и со нас, кога нашите односи ќе станат премногу сложени.

**Размислете за Божјото ветување во текстот Јаков 1,5 и одвојте го моментот за да се молите за мудрост во вашите односи. Како можете да останете отворени за поттиците на Светиот Дух во својот однос спрема другите луѓе?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во контекст на она што му се случило на Јосиф поради Потифаровата жена, Елена Вајт напишала: „Еве пример за сите генерации што ќе живеат на земјата... Бог секогаш ќе биде присутен за да им помага, а Неговиот Дух ќе им биде штит. Дури и кога ќе бидат опкружени со најжестоки искушенија, тие ќе имаат извор на сила, која ќе можат да ја употребат за да им се спротивстават. Колку жесток бил нападот врз моралот на Јосиф. Тој доаѓал од вид на влијание што има најголема моќ да заведува. А сепак, колку брзо и одлучно му се спротивставил ... Јосиф го ставил својот углед и своите интереси во Божји раце. И иако Бог дозволил тој да страда и трпи некое време, за да го подготви да заземе важна положба, тој успешно го одбранил својот углед, извалкан од злобните обвинувања, а подоцна, своевремено му овозможил да блесне. Бог направил дури и затворот да стане пат за неговото издигнување. Доблеста ќе ја донесе својата награда во свое време. Штитот што го покривал Јосифовото срце бил стравот од Господа, кој го навел да биде исправен и чесен кон својот господар, а лојален на Бога. Тој ја презрел неблагодарноста која би го натерала да ја злоупотреби довербата на својот господар, иако неговиот господар можеби никогаш не би дознал за тоа“ (Елена Вајт, *Духот на пророштвото*, книга 1, стр. 132.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Ако сме христијани само по име, или само припадници на адвентистичката култура, тоа нема да ни помогне да го најдеме мирот во нашите односи. Која е разликата меѓу некој припадник на адвентистичката култура и вистинскиот верник?**
2. **Сестра Х само што се приклучила на црквата. Таа е мажена за човек којшто не е верник. Таа го сака својот сопруг, но нему не му се допаѓаат промените што ги гледа кај неа. Каков совет, заснован на библиските принципи, би ѝ го дале на оваа ова нова сестра во вашата црква?**
3. **Лав Толстој напишал: „Сите среќни семејства наликуваат едни на други, секое несреќно семејство е несреќно на свој начин.“ Меѓутоа, сите семејства се повеќе или помалку дисфункционални, бидејќи се составени од грешници, и секое од нив внесува некој свој недостаток во семејниот однос. На кој начин секој од нас, со Божјата благодат, може да се стреми да ги следи библиските принципи на љубов, проштавање и носење на товарите, за да придонесе за исцелување на нашите семејни односи?**
4. **Толку многу луѓе доживеале сè да оди на добро во нивниот живот и во нивното семејство, но потоа, одеднаш, ги снаоѓа некоја трагедија. Зошто е клучно во такви моменти да се држиме до верата и ветувањата на Божјата реч? Зошто е важно, особено кога сè ни оди добро, да се подготвиме духовно за лошите времиња?**

**Поука 7**
**Од 7 до 13 август 2021**

# МИР, ОДНОСИ И ЛЕКУВАЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 42,7-20; Матеј 25,41-46; 1. Мојсеева 42,21-24; 1. Мојсеева 45,1-15; Лука 23,34; 1. Мојсеева 50,15-21.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А сега, пак, не жалостете се, ниту да жалите што ме продадовте ваму, бидејќи Бог ме прати мене пред вас, за да го запази животот ваш“ (1. Мојсеева 45,5).**

Еден човек бил обвинет за сексуален напад. Во полициската станица жртвата го препознала сторителот. Иако доказите буделе сомневање во тоа, жената непопустливо тврдела дека „Џони“ е виновникот.

И така, Џони отишол во затвор, каде што поминал 14 години за злосторство што не го сторил. Дури кога ДНК доказите не го ослободиле од вината, таа жена „Џоана“ ја сфатила својата ужасна грешка.

Џоана сакала да се сретне со Џони откако бил ослободен. А, што требало да стори тој човек кој страдал толку многу кога се соочил лице в лице со жената што му упропастила толку многу години од неговиот живот?

Таа седнала во просторијата чекајќи да дојде Џони. Кога пристигнал и кога тие се погледнале, Џана се расплакала.

„Џони само се наведна, ги зеде моите раце, ме погледна в очи и ми рече: „Ти простувам“. Не можев да верувам. Пред мене беше човекот кого го мразев и кому му посакував само смрт. И сега тој на мене, која му нанесов толку многу зло, ми вели дека ми простува? Дури тогаш почнав да сфаќам што навистина значи благодатта. Дури тогаш почнав да закрепнувам и да наоѓам вистински мир“.

Оваа седмица ќе размислуваме за проштавањето и за тоа што може да стори за немирното човечко срце.

## СООЧУВАЊЕ СО МИНАТОТО

На крајот, работите почнаа да одат во поволна насока за Јосифа, и тоа во големи размери. Не само што бил ослободен од затвор, туку станал и премиер на Египет откако ги протолкувал соништата на фараонот (1. Мојсеева 41). Се оженил и имал два сина (1. Мојсеева 41,50-52). Амбарите во Египет биле полни и започнал претскажаниот глад. Но тогаш, еден ден, се појавиле браќата на Јосиф.

**Прочитајте за првата средба меѓу Јосифа и неговите браќа во текстот 1. Мојсеева 42,7-20. Зошто бил потребен таков заплет? Што сакал да постигне Јосиф за време на таа прва средба?**

---

Јосиф сега имал моќ и можел да им се одмазди на своите браќа, без да мора да одговара пред никого. Но, наместо одмазда, Јосиф бил заинтересиран за членовите на своето семејство што останале дома. Тој се грижел за својот татко. Дали е сѐ уште жив или неговото дисфункционално семејство останало без глава на домот? А што е со неговиот брат Венијамин? Како радост и гордост на татко му, Венијамин сега се нашол во истата положба како и Јосиф порано. Дали опасната љубомора на неговите браќа сега се пренела на Венијамина? Јосиф сега е во позиција да се погрижи за тие ранливи членови на неговото семејство и тој го прави токму тоа.

Практикувањето на библиските принципи во нашите односи не значи дека можеме и дека треба да ја прифатиме злоупотребата. Секој од нас е драгоцен во Божјите очи. Исус ја платил на крстот највисоката цена за секој од нас.

**Зошто Исус злоупотребувањето и занемарувањето на другите го доживува толку лично? Прочитајте Матеј 25,41-46.**

---

Сите ние сме откупени со Исусовата крв, и според законот ние му припаѓаме Нему. Според тоа, секој што е насилен, го напаѓа Исусовото сопственишство.

Сексуалната злоупотреба, емоционалното или физичкото насилство никогаш не треба да бидат дел од семејната динамика. Тоа не е некоја приватна работа што треба да се решава во рамките на семејството. Ова бара надворешна помош и интервенција однадвор. Ако вие или некој во вашето семејство е малтретиран, ве молиме да побарате помош од доверлив професионалец.

**Кои библиски принципи треба да ги примените на одредени тешки семејни односи со кои евентуално сега се справувате?**

# ПОСТАВУВАЊЕ НА СЦЕНАТА

Јосиф им простил на своите браќа. Не знаеме точно кога се случило тоа, но тоа очигледно се случило многу пред тие повторно да се појават во неговиот живот. Јосиф можеби не би успеал во Египет ако не им простил, бидејќи гневот и огорченоста, доколку ги негувал, веројатно би му ја разјадувале душата и би го нарушиле неговиот однос со Господа.

Неколку студии спроведени над луѓе што преживеале некоја трагедија предизвикана од туѓа вина, укажуваат на фактот дека за жртвите погодени од најстрашни страдања, простувањето е клучен фактор за наоѓање исцелување и сила да продолжат со нормален живот. Без проштавање, остануваме жртви. Простувањето ни е попотребно на нас самите, отколку на оние кои ни нанеле зло.

Меѓутоа, и покрај тоа што им простил на своите браќа, Јосиф не сакал да дозволи неговите семејни односи едноставно да продолжат таму каде што застанале – во сувиот бунар во Дотаим. Тој морал да се увери дека нешто се сменило.

**Што начул Јосиф? Прочитајте го текстот на 1. Мојсеева 42,21-24. Што научил за неговите браќа по тој повод?**

Бидејќи целокупната комуникација се одвивала преку преведувач, браќата на Јосиф не биле свесни дека тој може да ги разбере. И така, Јосиф го слушнал нивното признавање. Тие мислеле само за тоа како, откако ќе се ослободат од Јосиф, ќе се ослободат и од неговите обвинувања кај нивниот татко. Мислеле дека повеќе нема да мора да слушаат за неговите соништа и да ја гледаат неговата надменост во улогата миленик на неговиот татко. Но, наместо да најдат мир, сите тие години ги мачела страшна грижа на совеста. Тој чин им донел само немир и парализирачки страв од Божјата одмазда. Јосиф дури и се сожалил над нивните страдања толку многу што се расплакал.

Јосиф знаел дека гладот ќе продолжи уште неколку години и затоа инсистирал следниот пат кога ќе дојдат да купат жито, да го земат со себе и Венијамина (1. Мојсеева 42,20). Освен тоа, тој го задржал Симеона како заложник (1. Мојсеева 42,24).

Подоцна, откако го видел жив Венијамина, Јосиф организирал гозба на која тој покажал очигледна пристрасност кон него (1. Мојсеева 43,34), со цел да провери дали старите обрасци на љубомора сè уште важат. Браќата не покажале никаков знак на љубомора, но Јосиф знаел колку можат да бидат итри. На крајот на краиштата, тие еднаш измамиле цел еден град (1. Мојсеева 34,13), и тој претпоставил дека го излажале својот татко и за тоа што му се случило (1. Мојсеева 37,31-34). Затоа смислил уште еден голем тест (Види 1. Мојсеева 44).

**Прочитајте 1. Мојсеева 45,1-15. Што ни кажува ова за чувствата на Јосиф кон неговите браќа и за проштавањето што им го дал? Кои поуки треба да ги научиме од таа приказна?**

# ПРОСТИ И ЗАБОРАВИ?

Простувањето се дефинира како подготвеност на еден човек да се откаже од правото на огорченост, осудување и одмазда против поединец или група што постапила неправедно. Докторката Мерилин Армор, семеен терапевт, работела со жртвите што го преживеале холокаустот за да открие како овие луѓе успеале да најдат смисла во она што им се случило. Таа пишува: „Целата оваа идеја за проштавањето е свесен чин на жртва. Тоа не е нешто што само така се случува“.

Простувањето не значи дека нема да има никакви последици. Простувањето не значи да му се дозволи на насилникот да продолжи со својот насилен начин на однесување. Простувањето едноставно подразбира да го напуштиме нашето чувство на незадоволство и желбата за одмазда да му ја препуштиме на Бога. Ако не го сториме тоа, гневот, огорченоста, лутината и омразата само ќе го влошат она што некој нам ни го сторил.

**Како влијае на нас кога им простуваме на другите? Разгледајте го текстот Матеј 18,21-35.**

___

Кога учиме како да им простуваме на другите, несомнено, од клучна важност е да препознаеме што сè ни е простено во Христа. Сите сме грешеле, не само против другите луѓе, туку и против Бога.

Секој грев е, всушност, грев против нашиот Господ и Творец. Сепак, во Исуса можеме да побараме проштавање за сите гревови, не затоа што тоа го заслужуваме – бидејќи не го заслужуваме – туку само благодарение на Божјата благодат кон нас. Кога еднаш ќе ја разбереме оваа света вистина, кога ќе го усвоиме тоа проштавање за нас самите, кога сами ќе ја искусиме реалноста на Божјето проштавање, можеме да почнеме да се предаваме и да им простуваме на другите. Ние не простуваме затоа што другите го заслужуваат тоа, туку затоа што сме примиле проштавање од Бога и затоа што треба да си простиме и на самите себе. Всушност, колку и самите ние воопшто заслужуваме проштавање?

Како што можеме да видиме, Јосиф им пружил уште една прилика на своите семејни односи. Без замерки, без враќање на она што се случило во минатото.

Речиси е невозможно да се обнови семејството ако станеме експерти во заемното повредување. Јосиф не реагирал така. Се чини дека тој сакал да го остави минатото зад себе и да гледа напред со љубов и прифаќање. Ако Јосиф зазел поинаков став, и оваа приказна би имала поинаков, не толку среќен крај.

**„Блажени се оние, чии беззаконија се простени и чии гревови се покриени. Блажен е човекот, кому Господ не му засметува грев“ (Римјаните 4,7.8). Според овие зборови на Павле, што ни е дадено во Исуса? Како би требало ова преубаво ветување да влијае на нашиот однос спрема оние што нè повредиле?**

## ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА

За да простиме, прво мора да признаеме дека сме повредени. Ова може да биде тешко, бидејќи понекогаш имаме тенденција да ги потиснуваме нашите емоции наместо да работиме на нив. Сепак, во ред е да признаеме пред Бога дека нè мачи „нехристијанско“ чувство на незадоволство, дури и лутина. Честопати гледаме дека ваквите чувства се изразуваат во Псалмите. Можеме слободно да признаеме пред Бога дека не ни се допаѓа нешто што ни се случило или како постапувале кон нас, и дека тоа нè прави тажни или гневни, или обете.

Во приказната за Јосиф, гледаме како тој, кога повторно ги видел своите браќа, заплакал, преживувајќи некои од минатите чувства.

**Што ни кажува Исусовата изјава на крстот за правовременото простување? Прочитајте Лука 23,34.**

____________________________________________________________

Исус не чекал луѓето најпрво да побараат проштавање. Затоа не треба да чекаме оној што нè повредил да побара да му простиме. Можеме да им простиме на другите дури и кога тие не го прифаќаат тоа.

**Што можеме да научиме од стиховите Лука 6,28 и Матеј 5,44, кога станува збор за тоа како да се однесуваме кон оние што нè повредуваат?**

____________________________________________________________

Простувањето, како и љубовта, е избор а не чувство. Можеме да донесеме одлука да простиме, дури и ако нашите емоции не се во согласност со тоа. Господ знае дека не можеме да направиме таков избор со наша сила, но „за Бога сè е можно“ (Марко 10,27). Затоа ни е речено да се молиме за оние што нè повредиле. Во некои случаи, таа личност можеби веќе починала, но ние и понатаму можеме да се молиме за способност да ѝ простиме.

Неспорно е дека простувањето не е секогаш лесно. Болката и штетата што ни е нанесена може да бидат поразителни, да нè оставаат повредени, осакатени, скршени. До исцелување ќе дојде ако го дозволиме тоа, но ако се држиме до нашата огорченост, гнев и огорченост, тоа заздравување ќе биде тешко, ако не и целосно оневозможено.

Крстот е најдобриот пример што покажува колку лично Бога го чинело тоа што ни простил. Ако Господ можел да помине низ тоа поради нас, иако знаел дека многумина ќе го отфрлат, тогаш сигурно и ние можеме да научиме да простуваме.

**Кому треба да му простите – ако не поради самата таа личност, тогаш заради себеси?**

# НАОЃАЊЕ НА ОДМОР ПО ПРОШТАВАЊЕ

Семејството на Јосиф конечно пристигнало во Египет. Немало повеќе темни тајни меѓу нив. Неговите браќа најверојатно морале да му признаат на својот татко дека го продале Јосифа, додека му објаснувале дека неговиот син, за кога мислел дека е мртов, сега е премиер на Египет.

Иако не секогаш е можно или паметно да ги обновуваме односите, тоа не значи дека не можеме да простиме. Можеби нема да можеме навистина да се прегрнеме и да плачеме со некој што ни нанел зло, но ќе можеме да изразиме проштавање или со збор или преку писмо. И тогаш е време да се ослободиме од болката во што е можно поголема мера. Можеби некоја болка ќе остане засекогаш, но барем можеме да се најдеме на патот кон исцелувањето.

**Прочитајте 1. Мојсеева 50,15-21. Која била причината за загриженоста на Јосифовите браќа и зошто тоа ги загрижувало? Што кажува тој страв за нив?**

---

Браќата на Јосиф веќе седумнаесет години живееле во Египет (1. Мојсеева 47,28), а сепак, кога умрел Јаков, се плашеле дека Јосиф би можел да посака да им се одмазди. Повторно станале свесни колку го повредиле. Затоа Јосиф ги уверил дека им простил, овојпат по смртта на нивниот татко. Тоа освежување му годело на Јосифа, веројатно во истата мера како и на неговите браќа.

Ако раната е длабока, можеби ќе треба да простиме повеќепати. Кога ќе ни се врати сеќавањето на злото што сме го доживеале, треба веднаш да му се обратиме на Бога во молитва и да донесеме одлука повторно да простиме.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 50,20. Како овој стих ни помага да ја објасниме, барем делумно, подготвеноста на Јосиф да им го прости на своите браќа гревот што го сториле против него?**

---

Јосиф цврсто верувал дека неговиот живот е дел од големиот Божји план да го спаси од глад сиот до тогаш познат свет, но и да му помогне на неговото семејство да го исполни Божјото ветување дека од нив ќе настане голем народ. Сознанието дека Бог направил пресврт во плановите на неговите браќа за да изведе сѐ на добро, му помогнало на Јосиф да прости.

**Сторијата за Јосиф има среќен крај. Но како ние реагираме кога крајот на приказната не е толку среќен? Или можеби би било поправилно да се каже (долгорочно гледано), дека дури на крајот од големата борба, кога нема да има повеќе грев, кога сите проблеми ќе бидат решени – ќе имаме навистина среќен крај? Како може таа надеж, во меѓувреме, да ни помогне да се справиме со не толку среќните завршетоци?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Како Јосифа што го продале неговите браќа, така Христа еден од неговите ученици им го продал на неговите најогорчени непријатели. Јосиф бил лажно обвинет и фрлен во затвор само поради својата чесност, поради својот морал и неговите добродетели. Така и Христос бил презрен и отфрлен затоа што неговиот праведен и несебичен живот претставувал постојан прекор за грешниците; и иако немал никаква вина, сепак бил обвинет и осуден само врз основа на изјави на лажни сведоци. А Јосифовото трпение и неговото мирно поднесување на неправдата, мачење и угнетување; неговата готовност да прости, неговата благородна добродушност и добронамерност кон неговите неправедни браќа - сето тоа е слика на Спасителот кој не се плачел туку ја поднесувал пакоста и малтретирањето од страна на безбожните луѓе и кој радо им проштава, не само на своите убијци, туку и на сите што ќе дојдат кај него, што ќе ги признаат своите гревови и ќе побараат проштавање“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 239, 240, оригинал).

„Ништо не може да го оправда непомирливиот дух. Оној кој е немилосрден спрема другите, покажува дека ни самиот нема дел во Божјата милост која ги проштава гревовите. Божественото проштавање ја привлекува душата на заталканиот кон големото срце на бесконечната љубов. Во душата на грешникот се влива река на божествено сожалување, а од неа истата се влива во душите на другите. Нежноста и милоста што ги покажал Христос во својот совршен живот ќе се видат во животот на оние што имаат дел во неговата милост“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 251 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Некој еднаш рекол: „Непростувањето е како да пиеш отров надевајќи се дека некој друг ќе умре.“ Што значи тоа?**

**2. Која била целта на сите детални детално разработени планови на Јосиф, пред да го открие својот идентитет? Што значело тоа за него и за неговите браќа?**

**3. Слугите на Јосиф сигурно учествувале во поставувањето на некои од стапиците за браќата на Јосиф (на пр. 1. Мојсеева 44,1-12). Како искуството на проштавање влијае на оние кои се само набљудувачи?**

**4. „ Бог никогаш не ги води своите деца поинаку отколку самите тие што би избрале да бидат водени кога би можеле од почеток да го согледаат крајот и да ја разберат славната намера што ја исполнуваат како негови соработници“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 224, 225 оригинал). Размислувајте за сопствениот живот додека ја читате оваа изјава. Како таквиот увид би можел да ни помогне да се справиме со бројните искушенија и борби со кои се соочуваме?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 8**
**Од 14 до 20 август 2021**

# СЛОБОДНИ ДА СЕ ОДМОРИМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 2,1-12; 1. Царевите 18; 19,1-8; Матеј 5,1-3; Исаија 53,4-6; 2. Царевите 2,11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Господ ми е светлина и спасение, од кого да се плашам? Господ е штит на мојот живот, пред кого да треперам“ (Псалм 27,1).**

Многу од луѓе што Исус ги сретнувал за време на неговата земна служба биле болни, а понекогаш дури и смртно. Тие во толпи се тискале околу Него барајќи исцелување и одмор од страдањата. И секогаш го добивале тоа.

Понекогаш Тој само би изговорил збор, а тие биле целосно исцелени. Во некои прилики, тој ги допирал болните и нивното здравје на чудесен начин станувало обновено. Се случувало само да ги отпушти, но патем да бидат исцелени. Исус лекувал мажи, жени, деца, Евреи, богати, сиромашни и неугледни луѓе. Дури ни најлошите случаи на лепра и слепило не биле надвор од досегот на неговата сила. Исус ги лекувал дури и оние погодени од најлошата од сите „болести“ – смртта.

Оваа седмица ќе разгледаме два многу различни примери на исцелување. Во едниот од нив, заболениот човек бил толку болен што дури и не можел да дојде сам кај Исуса. Неговите симптоми биле видливи за сите. Во вториот случај, немало видливи симптоми. Но, и во двата случаи, исцелувањето дошло во Божјо време и на Негов начин.

Додека ја истражуваме темата за одмор од болката и страдањата, ќе размислуваме и за прашањето со кое сме се сретнале сите на нашиот христијански пат во одреден момент: Што ако нашите молитви за исцелување не се услишени?

Како во тој случај го наоѓаме мирот и одморот?

# ИСЦЕЛУВАЧКИ ОДМОР

Ако некогаш ни треба одмор, тогаш тоа е во ситуации кога сме болни. Тогаш ни треба физички одмор за да може нашето тело да го мобилизира својот имунолошки систем.

Но, честопати подеднакво ни треба и ментален одмор. Се случува да се разболиме од нешто што е безопасно за животот, како што е настинка или мигрена. Тогаш лежиме в кревет и се обидуваме да не размислуваме за сите работни обврски што нè очекуваат, но со кои, во тој момент, едноставно не сме во состојба да се занимаваме.

Меѓутоа, ако станува збор за нешто што го загрозува животот, ние веројатно ќе лежиме будни и ќе се прашуваме какви ќе бидат нашите следни здравствени резултати. Тогаш обично се поставува прашањето: Зошто? Дали конечно не стигнале последиците од нездравиот начин на живот? Дали е тоа поради дрога што сме ја земале пред 20 години? Дали е причина прекумерната тежина од која страдаме во последно време? Или можеби Бог нè казнува за оној таен грев за кој никој освен нас не знае?

**Прочитајте го текстот Марко 2,1-4. Што се случувало таму?**

___

Кога станува збор за одземениот човек од приказната, неговиот проблем бил очигледен. Во книгата Копнежот на вековите (стр. 267-271 оригинал), добиваме увид во заднината на тој проблем. Своевремено човекот правел нешто со што навистина не можел да се пофали. Неговиот грешен живот го довел до болест, а експертите за духовни прашања укажале на јасна врска меѓу причината и последицата. Тој ја предизвикал болеста со своите гревови и немало лек.

Таквиот став е доста чест. Ние едноставно сме опседнати со тоа што сакаме да дознаеме кој е крив. Ако е сторено кривично дело, некој треба да плати за тоа. Ако се случила несреќа, мора да се обвини некој. Сепак, припишувањето вина нема да донесе исцелување или обновување на оној што е болен.

Првичниот Божји план не вклучувал болести и страдања. Болестите се појавиле на оваа планета дури по падот во грев. Затоа Бог ни дал здравствени упатства – за да можеме уште сега да уживаме во поквалитетен живот. Меѓутоа, сè додека сме во овој свет погоден од гревот, не ни е загарантирано здравје, без оглед колку внимателно ги следиме здравствените принципи.

Сепак, добрата вест е дека Бог може да ни даде мир и кога сме здрави и кога сме болни, без оглед дали таа болест е последица на нашите постапки, нечија туѓа небрежност, поради нашите гени или едноставно неизбежен придружник на живеењето во грешен свет. Бог знае како да ни даде одмор.

**Кога некој ќе се разболи, не е добро да се бара виновникот. Сепак, зошто разбирањето на причината за болеста, во повеќето случаи, е клучен чекор кон исцелување и закрепнување?**

## ЛЕЧЕЊЕ НА КОРЕНОТ

Фатениот човек бил спуштен пред Исуса и сите погледи биле свртени кон Него. Дали Тој ќе сака да го излекува очигледниот грешник? Дали тој ќе упати зборови на укор во врска со болеста?

**Меѓутоа, како пристапува Исус кон исцелувањето на фатениот човек? Кое е првото нешто што Исус го прави за него? Прочитајте го текстот Марко 2,5-12.**

___

Бидејќи често не сме свесни за болеста додека не ги забележиме симптомите, честопати имаме тенденција да ја изедначуваме болеста со нејзините симптоми. Затоа сметаме дека елиминирањето на симптомите автоматски значи исцелување. Меѓутоа, Исус поинаку пристапува кон болеста. Тој го знае коренот на секоја болест и на секое страдање и сака најпрво тоа да го излекува.

Во случајот со парализираниот човек, наместо директно да ги лекува очигледните последици од болеста, Исус се насочува право кон коренот на она што најмногу му пречело на тој човек. Тој ја чувствувал тежината на својата вина и одвојувањето од Бога многу посилно отколку самата болест. Лицето, кое почива во Бога, во состојба е да го издржи секое физичко страдање што ќе го снајде во овој свет заболен од гревот. Затоа Исус веднаш се насочува кон самиот корен на проблемот и прво нуди проштавање.

Но, фактот што Исус го објавил проштавањето, ги шокирало верските водачи. И како одговор на нивните неизговорени обвинувања, Исус поставува едно прашање.

**Прочитајте го текстот Марко 2,8.9. Со кои прашања Исус ги предизвикал книжевниците? Со кој проблем тој, всушност, се справувал?**

___

Зборовите се главно евтини, но не и кога Бог зборува. Со моќта на Божјата реч, сè настанало (1. Мојсеева 1). Проштавањето не е нешто што може да се види, но тоа е многу скапо. Цената на проштавањето бил животот на Божји Син на крстот. Сè друго е споредно. За да ја покаже моќта и реалноста на проштавањето, Исус решил да го исцели тој фатен човек.

Бог сака да нè исели најпрво однатре. Потоа, понекогаш тој одлучува да ни донесе и моментално физичко исцелување, како во случајот со овој фатен човек. Сепак, можеби ќе треба да почекаме до утрото на воскресението за да доживееме целосно физичко исцелување. Во секој случај, нашиот Спасител сака да најдеме одмор во верата и сигурноста во Неговата љубов, благодат и проштавање, дури и среде нашите страдања.

**Како можеме да најдеме мир и одмор, дури и кога молитвите за исцелување не ни се услишени, барем засега?**

## БЕГАЊЕ

Според податоците на Светската здравствена организација (СЗО), најраспространетата болест во светот, која погодува повеќе од триста милиони луѓе секоја година, не секогаш има јасно видливи симптоми. Депресијата денес е водечка причина за попреченост во светот и најмногу придонесува за глобалниот товар од болести.

За жал, депресијата не се споменува често во христијанството, бидејќи може да се сфати како знак на недостаток на вера. На крајот на краиштата, зар од христијаните не се очекува секогаш да бидат полни со радост, среќа и слични чувства? И, дали тогаш депресијата не е знак дека нешто не е во ред во нашиот однос со Бога?

Повеќето луѓе знаат дека тоа не е точно. Дури и христијаните, верните христијани, можат повремено да се борат со депресија, особено по некој трауматичен настан. Тоа не е знак на недостаток на вера и доверба во Бога. Кога ги читаме Псалмите, можеме да ја забележиме болката, страдањето и тешкотиите што ги мачеле и некои верни Божји луѓе.

Депресијата понекогаш нè обзема полека, тивко и стануваме свесни за тоа само кога ќе го засили својот стисок. А, понекогаш нè удира брзо, обично по некој емотивен и физички особено исцрпувачки настан. На пример, верниот Божји пророк, Илија, бил и емоционално и физички целосно исцрпен по настаните што се случиле на планината Кармил.

**Во 1. Царевите 18, Илија само го видел Божјото чудо во вид на оган што слегува од небото. Како одговор на неговата молитва, дождот почнал да паѓа и завршил тригодишниот период на суша. Тогаш, зошто Илија реагирал на заканата на Езавела со бегство? Прочитајте го текстот 1. Царевите 19,1-5.**

______________________________________________________________________

Илија претходно имал многу исцрпувачки дваесет и четири часа. Тоа искуство, во комбинација со непријатното будење и смртната закана, служело како придвижувач за неговата депресија.

Освен тоа, Илија бил присутен кога биле погубени околу 850 Ваалови пророци – некои можеби погубени и од негова рака (1. Царевите 18,40). Таквиот настан, дури и кога поводот е праведен, може да доведе до трауматичен стрес кај оние што го набљудуваат, или – што е уште полошо, ако учествуваат во него.

Затоа Илија бега, обидувајќи се да се засолни. Понекогаш „бегаме“ кон фрижидерот и се обидуваме да најдеме утеха во храната. Понекогаш се обидуваме да ја преспиеме нашата емоционална исцрпеност. Понекогаш бараме нова врска, нова работа или нов престој во обид да избегаме. И, понекогаш се претрупуваме од работа, бројни рокови и состаноци, додека со сето срце се обидуваме да побегнеме од неименуваното „нешто“ што ни ја црпи радоста и ни го краде мирот. Се разбира, многумина исто така користат „лекови“ од најразличен вид, а сето тоа во обид да ја затапат нивната болка. Меѓутоа, на крајот, сево ова само ги маскира симптомите, проблемите не се решени, а работите често стануваат уште потешки.

## ПРЕМНОГУ УМОРЕН ЗА ДА БЕГА

Илија бил премногу уморен за да може да бега. И така, тој повторно почнал да се моли. Меѓутоа, таа молитва била сосема поинаква од молитвата вдахната со вера, која Бог ја услишил на планината Кармил (1. Царевите 18,36.37) пред свештениците и пророците на Вал, пред членовите на дворот и обичните луѓе. Тоа била едноставна, кратка, очајничка молитва.

**Во 1. Царевите 19,4 Илија тврди дека не е ништо подобар од неговите татковци. Што навистина сака да каже тука?**

______________________________________________________________________

Кога Илија конечно се смирил, го обзела вина. Му станало јасно дека неговото ненадејно бегство уништило извонредна можност да спроведе реформа во Израел. Така ги разочарал оние на кои им бил потребен. А сега тој бил немоќен да стори нешто во врска со тоа. Така, во еден болен момент на самоспознавање, и свесен за историјата на својот народ, Илија се согледал себеси во вистинската светлина.

Тоа може да биде болно откровение за секој од нас, зар не – да се видиме себеси онакви какви што навистина сме? Колку треба да бидеме благодарни за ветувањето дека Бог, благодарение на Христа, колку и да е грешен нашиот живот, ќе гледа на нас како што гледа на Исуса. Која поголема надеж би можеле да ја имаме од таа со вера да можеме да се повикаме на Христовата праведност? (Види Филипјаните 3,9).

Сепак, депресијата наоѓа начин да нè втурне во мрачниот вител на самопрезирот. И така, понекогаш почнуваме да мислиме дека смртта е единствениот излез.

Се чини дека тоа било случај со Илија. Сè му дошло преку глава, кога рекол: „Доста е веќе, Господи, прибери ја душата моја, бидејќи јас не сум подобар од предците свои“ (1. Царевите 19,4).

Меѓутоа, добрата вест е дека големиот Лекар не го осудил Илија. Бог многу подобро од нас разбира со што се соочуваме кога се бориме со депресијата.

„Можеби во тој миг нема да имаме никаков сигурен доказ дека лицето на нашиот Откупител се надвива над нас со многу сочувство и љубов, но сепак е така. Можеби нема да го почувствуваме неговиот видлив допир, но неговата рака е над нас со многу љубов и со нежно сожалување“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 97 оригинал).

Бог знае и разбира дека „долг пат“ (1. Царевите 19,7) е пред нас, и понекогаш мора да чека да престанеме да бегаме. Само тогаш може да интервенира.

Луѓето што се дават понекогаш се толку избезумени, што им даваат отпор на своите спасувачи, кои тогаш мора да се повлечат и да чекаат жртвата да се онесвести, за да можат да ја спасат.

**Каква надеж и утеха можеме да најдеме во следниве текстови: Псалм 34,18; Матеј 5,1-3; Псалм 73,26; Исаија 53,4-6?**

## ОДМОР И МНОГУ ПОВЕЌЕ

Бог знае дека Илија е уморен од сето тоа бегање. Бог знаел дека Илија бил повеќе емотивно отколку физички уморен и дека носел страшен товар на вина. Како што направил Исус многу години подоцна за фатениот човек, Бог му дал на Илија нов почеток и можност да се одмори. Конечно можел навистина да заспие и да се освежи.

Можело да се очекува тоа да биде крај на приказната, но не е. Божјиот одмор не е еднократен настан. Влегувањето во Божјиот одмор има врска со исцелувањето – со лесното напуштање на негативните мисловни обрасци и штетни навики. Бог не лекува набрзина.

**Прочитајте 1. Царевите 19,5-8. Каде се упатил сега Илија и зошто?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Откако се одморил, Илија го продолжил патувањето. Но, овојпат Бог ги пренасочил своите чекори. Бог разбира дека живеењето во овој грешен свет може да предизвика депресија. Тој го разбира нашиот нагон за бегање, но сака да нè пренасочи. Наместо различните самоуништувачки механизми кон кои прибегнуваме, Тој сака да избегаме кај Него. Тогаш нè учи да го слушаме тој „шепот на лесно и благо тивко ветре“ (1. Царевите 19,12) што ќе ни даде одмор.

Илија немал сила да стане и да тргне во пресрет на Бога. Но, Бог дава сила за таквата средба, и Бог ветува подобро утре.

Додека седел под смреката и сакал да умре, Илија мислел дека неговите најдобри денови завршиле.

**Прочитајте 1. Царевите 19,15.16 и 2. Царевите 2,11. Што друго го чекало Илија?**

____________________________________________________________

Бог знаел дека пред Илија се подобри денови. Пророкот ќе доживее исцелување кога ќе научи да го усогласи својот живот со Божјите ритми и да го прифати одморот. Сè уште имало цареви кои требало да бидат помазани, а требало да се избере и наследник. Бог веќе го имал во план Елисеја, кој ќе стане близок со Илија како син. Бог знаел дека Илија повторно со вера ќе запали оган од небото (2. Царевите 1,10). Наместо очајна смрт под смрека, Илија го чекала огнена кочија, која ќе го однесе на небото.

**Што можеме да научиме од приказната за Илија во врска со тоа зошто, колку и да се чувствуваме лошо, треба да бараме сила од Бога да не се предаваме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Со постојано менување на околностите, промените стануваат дел од нашето искуство, а ние сме или возбудени или обесхрабрени од овие промени. Меѓутоа, промената на околностите нема моќ да го промени Божјиот однос кон нас. Тој е истиот и вчера, и денес и засекогаш, и нè повикува да имаме несомнена доверба во Неговата љубов“ (Ellen G. White, *In Heavenly Places*, p. 120).

„Продолжете да гледате на Исуса изговарајќи тивки молитви со вера, држејќи се за неговата сила, без разлика дали имате некое јасно чувство или не. Продолжете понатаму, како секоја изговорена молитва да се изнесува пред Божјиот престол и како да одговорил на неа Оној чиишто ветувања никогаш не пропаѓаат. Продолжете да му пеете на Господа во вашето срце, дури и кога ве притиска чувство на тежина и тага. Ви велам како онаа што знае –светлината ќе дојде, ќе доживеете радост, а маглата и облаците ќе се распрснат. И ние ќе поминеме од сенка и темнина во чистата светлина на Неговото присуство“ (Ellen G. White, *Selected Messages*, book 2, pp. 242, 243).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Честопати е многу тешко да му помогнете на некој што страда од ментално нарушување или депресија. Која стратегија би можела да ја примени вашата црква за да научи поуспешно да им служи на оние што се погодени од депресија?**

**2. Нам честопати ни е тешко да бидеме отворени и искрени кон Бога. Но, прочитајте неколку псалми и уверете се колку биле отворени и искрени библиските писатели пред Бога. Како можеме да негуваме атмосфера на отвореност и искреност во нашата локална црква?**

**3. Кога се соочуваме со депресија, обично ни е тешко да се молиме. Разговарајте за тоа колкава моќ има посредничката молитва за оние кои не се во состојбата да молат за себе.**

**4. Зошто е важно да имаме на ум дека верата не е чувство? Само затоа што сме депресивни, обесхрабрени, исплашени и загрижени не значи дека ни недостасува вера и доверба во Бога. Тоа само значи дека, во тој момент, ние сме депресивни, обесхрабрени, исплашени и загрижени, што им се случува на сите порано или подоцна. Како можеме да научиме дека, во таквите моменти, посегнувањето кон верата е од суштинско значење, колку тешко и да ни изгледа тоа?**

**5. Која голема надеж може да ви ја даде приказната за фатениот човек, особено ако сте си предизвикале некоја болест и страдање со својот грешен начин на живот?**

**Поука 9**
**Од 21 до 27 август 2021**

# РИТАМОТ НА ОДМОРОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1; 2. Мојсеева 20: 8-11; 2. Мојсеева 16: 14-31; 5. Мојсеева 5: 12-15; Псалм 92; Исаија 58,13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите дела Свои, што ги направи и создаде“ (1. Мојсеева 2,3).**

Кој воопшто може да замисли каков бил чинот на создавање – појава на светлина среде темнина, океан преполн со живот, птици кои одеднаш се разлетале – па како навистина изгледало сето тоа? А што да кажеме за натприродното создавање на Адам и Ева? За нас е потполно несфатливо како Бог го сторил тоа.

И тогаш, по сето тоа активно создавање, Тој посветил внимание на нешто сосема друго. На прв поглед, тоа не изгледало толку спектакуларно како китовите што скокаат од вода или пердувите со занесни бои. Бог едноставно создал ден, седмиот ден, а потоа го направил посебен. Дури и пред човечката раса да навлезе во својот самонаметнат стресен живот, Бог поставил еден знак како жив потсетник. Тој сакал тој ден да биде време кога ќе застанеме и свесно ќе уживаме во животот – ден кога ќе бидеме тоа што сме, а не она што го правиме, кога ќе ги прославуваме даровите како што се тревата, воздухот, дивите животни, водата, луѓето, но првенствено Творецот на секој добар дар.

Тој повик продолжил да важи дури и откако првата брачна двојка била протерана од Едем. Бог се погрижил овој повик да го издржи тестот на времето, така што, уште на почетокот, тој го вклучил во самиот ток на времето.

Во текот на оваа седмица ќе го проучуваме тој прекрасен Божји повик да влегуваме во динамичниот одмор, одново и одново, секој седми ден.

# ВОВЕД ВО ОДМОРОТ

Бог бил присутен од самиот почеток. Господ Бог зборувал и сè по ред настанувало. Светлината го одделувала денот од ноќта. Сводот, небото и морето биле создадени во вториот ден. Сувата почва и вегетацијата биле формирани следниот ден. Така Бог ја обликувал основната рамка на времето и географијата, и во следните три дена ги пополнувал. Светилата управувале со небото дење и ноќе. За разлика од приказните на повеќето антички култури, библискиот извештај за Создавањето, повеќе од јасно, ни става до знаење дека сонцето, месечината и ѕвездите не се божества. Тие влегуваат на сцената дури четвртиот ден и се потчинети на зборот на Создателот.

Описот на Мојсеј на 5. и 6. ден (1. Мојсеева 1,20-31) е полн со живот и убавина. Птици, риби, копнени животни – сите тие го исполнуваат просторот што го подготвил Бог.

**На што ни укажува Божјата проценка во врска со Создавањето? Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 1,1-31.**

_______________________________________________

Тој простор што Бог го создава не е каков било – тој е совршен. Бројни суштества ја исполнуваат земјата. Како да повторува некој допадлив рефрен, Бог секој ден вели „дека тоа е добро“.

**Во што се разликувало создавањето на човекот од останатиот создаден свет? Прочитајте 1. Мојсеева 1,26.27 и 1. Мојсеева 2,27.21-24.**

_______________________________________________

Бог се наведнува и почнува да ја обликува калта. Создавањето на човекот според Божјиот лик и подобие претставува очигледна поука за блискост и приврзаност. Бог се наведнува да вдахне живот во ноздрите на Адам, и се создава живо суштество. Уште еден важен елемент на седмицата на создавање додава специјалното создавање на Ева од Адамовото реброто. Бракот е дел од Божјиот план за човештвото – света доверба во рамките на партнерството помеѓу ’ish и ’ishah – мажот и жената.

Овој пат, откако Бог погледнал на сè што создал во шестиот ден, рефренот звучел нешто поинаку: „И Бог виде дека сето она што го создаде е многу добро“ (1. Мојсеева 1,31).

**Размислете за тоа колку драстично се разликува библиската приказна за Создавањето од она што го учи човечкиот род, без насоките на Божјата реч. Како ова ни покажува колку ни е потребно да се потпираме на Божјата реч за да ја разбереме вистината?**

# ЗАПОВЕД ДА СЕ ОДМОРАМЕ

Создавањето било „многу добро“, но сепак недовршено. А завршило со Божјиот одмор и посебен благослов над седмиот ден, саботата. „И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите дела Свои, што ги направи и создаде“ (1. Мојсеева 2,3).

Саботата е нераздвоен дел од Божјото создавање. Таа е, всушност, врв на Создавањето. Бог се одмора и создава простор за заедница во која луѓето (во тоа време првобитното семејство на Адам и Ева) ќе можат да ги прекинат своите секојдневни активности и да се одморат рамо до рамо со својот Творец.

За жал, гревот влегол во светот и променил сè. Повеќе немало директна комуникација со Бога. Наместо тоа, следеле болни породувања, напорна работа, кревки и дисфункционални односи, и така натаму – тажно набројување на јадовите што сите ги знаеме, како и животот на овој паднат свет. Сепак, среде сето ова, Божјата сабота останува како постојан симбол на нашето создавање, но исто така и на надежта и ветувањето за ново создавање. Ако саботата била потребна пред падот во грев, колку повеќе е потребна по падот во грев?

Многу подоцна, кога ги ослободил своите деца од ропството во Египет, Бог ги потсетил на тој посебен ден.

**Прочитајте 1. Мојсеева 20,8-11. Што нè учи тој кога станува збор за важноста на саботата и нејзината поврзаност со создавањето?**

_______________________________________________________________

Со оваа заповед, Бог нè повикува да се сеќаваме на нашето потекло. Наспроти она што многумина веруваат, ние не сме случаен производ на студени, слепи и бесчувствителни сили. Напротив, ние сме суштества создадени според Божјиот лик. Ние сме создадени за заедништво со Бога. Не е важно што кон Израелците се однесувале како према робови од мала вредност. Секоја сабота, на посебен начин, тие биле повикани да се сетат кои се навистина – суштества создадени според ликот на самиот Бог.

„И бидејќи саботата е спомен на делото на создавањето, таа е симбол на Христовата љубов и моќ“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 281 оригинал).

**Размислете колку е навистина важно учењето за шестдневното создавање. Впрочем, кое друго учење е толку важно што Бог заповедал една седмина од својот живот, секоја седмица, без исклучок, да ја посветиме на него? Зошто овој факт, сам по себе, треба да нè научи колку е важно да не го заборавиме нашето вистинско потекло опишано во 1. Книга Мојсеева?**

# НОВИ ОКОЛНОСТИ

По четириесет години талкање низ пустината, се појавила нова генерација, која нејасно се сеќавала на Египет, ако воопшто и се сеќавала на него. Тие имале многу различни животни искуства во споредба со нивните родители. Таа генерација била сведок на недостатокот на вера што го покажале нивните родители многу пати, поради што и самите тие морале да талкаат во пустината додека не изумре претходната генерација.

Тие биле почестени да имаат светилиште во центарот на својот логор и можеле да видат облак што укажувал на Божјето присуство над шаторот. Кога би се поместил, тие знаеле дека е време да се спакуваат и да го следат. Тој облак, кој им обезбедувал сенка преку ден, и светлина и топлина преку ноќ, бил постојан потсетник на Божјата љубов и грижа за нив.

**Кој опиплив потсетник за саботниот одмор го имале тие? Прочитајте 2. Мојсеева 16,14-31.**

____________________________________________________________

Наспроти популарната теологија, овие стихови докажуваат дека саботата, како седми ден, претходела на донесувањето на законот од Синај.

Што се случило таму?

Посебната храна што Бог им ја обезбедувал, била секојдневен потсетник на фактот дека Создателот ги издржува своите созданија. Бог, на многу опиплив начин, ги задоволувал нивните потреби. Секој ден се случувало ова чудо со храната која се појавувала и исчезнувала со изгрејсонцето. Секојпат кога некој се обидувал да собере поголемо количество за следниот ден, таа би мувлосала и расипала, а сепак секој петок добивале двојно количество мана, а остатокот што требало да се изеде во сабота останувал чудесно свеж.

Израелците сега имале служба во светилиштето и сите закони и прописи се напишани во 3. и 4. книга Мојсеева. Сепак, остарениот Мојсеј ги собрал сите заедно, ги потсетил на нивната историја и ги повторил законите што им ги дал Бог (види 5. Мојсеева 5,6-22).

Таа нова генерација конечно била подготвена да влезе во Ветената земја. Требало да дојде до промена на водството во Израел, а Мојсеј сакал да биде сигурен дека припадниците на таа генерација ќе запомнат кои се и која е нивната мисија. Не сакал тие да ги повторат грешките на своите родители. Затоа ги повторил Божјите закони. Десетте заповеди биле повторени за оваа генерација, на прагот на освојувањето на Ханаан, да не ги заборави.

**Според наше лично искуство, второто Христово доаѓање настапува само неколку моменти откако ќе умреме. Според тоа, Неговото враќање е секогаш близу, можеби поблизу отколку што можеме да замислиме. Како празнувањето на саботата нè потсетува не само на она што Бог го направил за нас, туку и на она што Тој ќе го стори за нас кога ќе се врати?**

## УШТЕ ЕДНА ПРИЧИНА ЗА ОДМОР

Израел го поставил својот логор на источната страна на Јордан. Тој ги освоил земјите на васанскиот цар и на двајца аморејски цареви. И повторно, во тој клучен момент, Мојсеј го собира народот и го потсетува дека заветот склучен на Синај не бил наменет само за нивните родители, туку и за нив. Потоа, тој ги повторува Десетте заповеди, повторно за нивно добро.

**Споредете ги текстовите 1. Мојсеева 20,8-11 и 5. Мојсеева 5,12-15. Која разлика се огледува во начинот на кој е изразена заповедта за саботата во секој од нив?**

---

Во текстот 2. Мојсеева 20,8, заповедта започнува со зборот „помни“. Текстот 5. Мојсеева 5,12 започнува со зборот „пази“. Зборот „запомни“ доаѓа нешто подоцна во самата заповед (5. Мојсеева 5,15). Во тој стих им се кажува дека треба да запомнат оти биле робови. Иако таа генерација пораснала во слобода, сите тие би биле родени во ропство да не се случило тоа чудесно избавување. Заповедта за саботата требало да ги потсети дека истиот Бог, кој бил активен при создавањето, бил активен и при нивното ослободување: „ Господ, твојот Бог, те изведе оттаму со силна и испружена рака“ (5. Мојсеева 5,15).

Таа вистина одговарала на моменталните околности во кои Израелците се нашле додека по вторпат стоеле на границите на Ветената земја по втор пат, четириесет години откако првата генерација претрпела мизерен неуспех. Бидејќи, тие биле исто толку беспомошни, кога станува збор за освојување на таа земја, како што биле и нивните предци додека бегале од Египет. И на нив им бил потребен истиот Бог „со силна рака и со испружена мишка“.

Саботата требало да добие една дополнителна димензија. Бидејќи Бог е Бог на ослободувањето, Израел требало да го празнува саботниот ден (5. Мојсеева 5,15).

Се разбира, создавањето не е далеку од заповедта за саботата, дури ни во текстот 5. Мојсеева 5, и покрај различната мотивација. Ослободувањето на Израел од Египет, во извесна смисла, е почетна точка на едно ново создавање, слично на она од 1. Мојсеева. Израел, како ослободен народ, е ново Божје создание (види го и текстот Исаија 43,15).

Бидејќи на 2. Мојсеева се гледа како на симбол на ослободување од гревот, односно на откупувањето, во саботата можеме да го најдеме симболот и на создавањето и на откупувањето. Затоа, во многу реална смисла, саботата упатува на Исуса, нашиот Творец и Откупител.

**Прочитајте го текстот Јован 1,1-13. Што можеме да научиме од овие стихови за Исус како наш Творец и Откупител?**

## ДРЖЕЊЕ НА САБОТАТА

Бог му заповеда на својот народ да го држи саботниот ден. Заедно со забраната за убиство и кражба, постои и заповед да се сеќаваме на саботата, иако Библијата не ни дава никакви детали за тоа како точно треба да ја држиме.

**Каква треба да биде атмосферата што ја создаваме и ја поттикнуваме во сабота? Видете Псалм 92 и Исаија 58,13.**

___________________________________________________________

Бидејќи држењето на саботата подразбира славење на Создавањето и Откупувањето, таа треба да биде проникната со атмосфера на радост и уживање во Господа, а не со мрачност.

Сеќавањето на саботата не започнува во седмиот ден. Како што првата сабота била кулминација на седмицата на создавањето, така треба да ја „помниме“ саботата цела седмица и да планираме однапред за да можеме да ја оставиме настрана нашата секојдневна работа и на тој начин да ја празнуваме саботата кога ќе дојде. Свесното подготвување во текот на седмицата, а особено во денот на подготовка (Марко 15,42), односно во петок, е од клучно значење. Задоволството е дотолку поголемо, како што расте очекувањето дека ќе дојде овој многу посебен ден.

**Кој важен аспект на држење на саботата е нагласен во 3. Мојсеева 19,3?** ______________________________________________

Држењето на саботата подразбира и негување на семејните и пријателските односи. Бог обезбедува време за сосредоточено дружење со целото семејство, што подразбира одмор дури и за слугите и за домашните животни (види 5. Мојсеева 20,8-11). Саботата и семејството одат заедно.

Иако одморот и времето за семејството се важни принципи, држењето на саботата подразбира и учество во колективно, сосредоточено богослужение со нашето црковно семејство. Исус присуствувал на црковните служби и ги водел додека бил на земјата. (Види 3. Мојсеева 23,3; Лука 4,16 и Евреите 10,25).

Иако нашите седмични рутини и ритми понекогаш се забрзани, сепак, длабоко во нашето срце копнееме за вистински саботен одмор, вистинско дружење со нашиот Творец. Сеќавајќи се да ги запреме сите наши работи, планирајќи да поминуваме време со Бога и да ги негуваме нашите односи, можеме да влеземе во саботниот ритам на одмор.

**Какво е вашето лично искуство со саботата и благословите што произлегуваат од држењето на саботата? На кои начини би можеле да направите повеќе, за да го претворите во свето време како што и треба да биде?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Бог на луѓето им го дал овој спомен на својата творечка моќ за да го препознаат него во делата на неговите раце. Денот за одмор ги повикува во делата на создавањето да ја откриваат славата на Творецот.... Во текот на светиот ден за одмор, повеќе од кој и да е друг ден треба да ги проучуваме пораките што ни ги запишал Бог во природата. И кога ќе се приближиме до срцето на природата, ќе ни стане вистинско Христовото присуство и Тој на нашето срце ќе му проговори за својата љубов и мир. (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 25, 26 оригинал).

„Да можат да ја држат Неговата света сабота – тоа е една од важните причини зошто Господ ги ослободил Израелците од ропството во Египет... Очигледно е дека Мојсеј и Арон го обновиле учењето за светоста на саботата, затоа што фараонот се пожалил: „вие сакате (луѓето) да ги остават работите“ (2. Мојсеева 5,5). Ова укажува на тоа дека Мојсеј и Арон ја започнале реформата на саботата уште во Египет.

Меѓутоа, празнувањето на саботата не требало да биде спомен на нивното робување во Египет. Напротив, нејзиното славење во спомен на создавањето требало да опфати радосно потсетување на ослободувањето од верското угнетување во Египет, што го отежнувало држењето на саботата. На ист начин, нивното избавување од ропството требало засекогаш да разгори во нивните срца нежно сочувство кон сиромашните и угнетените, кон сираците и вдовиците“ (Appendix note in Ellen G. White, *From Eternity Past,* p. 549).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Некои христијани, дури и некои адвентисти, сметаат дека теистичката еволуција е прифатливо објаснување за создавањето. Како саботата покажува дека теистичката еволуција и адвентизмот на седмиот ден не можат да спојат? Која би била целта на славењето на седмиот ден во спомен на милијарди години, особено затоа што Божјата реч изречно вели дека е посветена по првите шест дена од создавањето?**

**2. Како одговарате на тврдењето дека конкретниот ден воопшто не е важен, сè додека имаме еден ден за одмор седмично? Или, од друга страна, што да се каже на тврдењето дека самиот Исус е нашиот саботен одмор, и дека затоа нема потреба да се држи ниту еден ден како ден за одмор?**

**3. На кој начин може празнувањето на саботата да послужи како потсетник за слободата и ослободувањето? Како можеме да избегнеме да го претвориме во нешто ограничувачко и легалистичко?**

**4. Некои тврдат дека празнувањето на седмиот ден, саботата, претставува обид да го заслужиме небото со нашите дела. Меѓутоа, каква е логиката некој со одморање да се обидува да го „заработи“ својот пат до небото?**

**Поука 10**
**Од 28 август до 3 септември 2021**

# САБОТНИОТ ОДМОР



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1,26.27; 1. Мојсеева 9,6; 2. Петрово 2,19; Римјаните 6,1-7; 2. Мојсеева 19,6; Јован 5,7-16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Во шесте денови да работите, а седмиот ден е сабота – ден за одмор, свето собрание; никаква работа да не вршите, тоа е сабота Господова во сите ваши живеалишта“ (3. Мојсеева 23,3).**

Слушаме секакви аргументи против држењето на седмиот ден, сабота, зар не е така? Слушаме сè и сешто – од тоа дека Исус ја заменил саботата во недела, или дека ја укинал саботата, или дека Павле го сторил тоа, или дека апостолите го замениле седмиот ден, сабота, со недела во чест на воскресението, и така натаму. Во последниве години, некои од аргументите станаа пософистицирани, така што нивните поборници тврдат, на пример, дека Исус е нашиот саботен одмор и дека нема потреба да се слави тој ден или некој друг ден. И, се разбира, секогаш ќе се јавува тој аргумент, колку и да е нелогичен, дека со одморањето во седмиот ден, ние некако настојуваме да го заработиме својот пат до небото.

Од друга страна, има христијани кои сè повеќе се интересираат за идејата за одмор, или ден за одмор. Иако тие тврдат дека тој ден е недела или дека самиот ден воопшто не е важен, сепак тие го разбираат библискиот поим за одмор и неговата важност.

Се разбира, како адвентисти на седмиот ден, ние ја согледуваме непоминливоста на Божјиот морален закон и фактот дека почитувањето на четвртата заповед, како што е напишана, не претставува обид да го заработиме патот до небото, ништо повеќе туку со послушност кон петтата, шестата, првата, или која било друга заповед.

Оваа седмица подетално ќе го разгледаме одморот што Бог ни го дал преку заповедта за саботата и што е тоа што го прави толку значаен.

## САБОТАТА И СОЗДАВАЊЕТО

Од сите Десет заповеди, само четвртата започнува со глаголот „помни“. Немаме заповед што гласи: „Помнете да не крадете“ или „Помнете да не завидувате“. Постои само: „Помни го саботниот ден...“

Поимот „помни“ претпоставува историја, претпоставува дека се случило нешто во минатото на што ние треба да се сеќаваме. Кога се сеќаваме на нешто, се поврзуваме со минатото, а зборовите: „Помни го саботниот ден, за да го празнуваш“, се директно поврзани со самата седмица на Создавањето.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 1,26.27 и 1. Мојсеева 9,6. Што можеме да научиме од овие стихови за тоа колку сме посебни ние, како човечки суштества, и колку сме радикално поразлични од останатите Божји созданија на земјата? И друго, зошто е важно да ја разбереме оваа разновидност?**

________________________________________________________________

Кога ќе се сетиме на создавањето, се сеќаваме дека сме создадени според Божјиот лик, а тоа не е кажано за ништо друго освен за сето она што е опишано во извештајот за Создавањето. Очигледно е дека, како луѓе, ние сме радикално поинакви од кое било друго суштество на планетата, без разлика колку слични ДНК секвенци делиме со некои животни. И наспроти популарната митологија, ние не сме само некои понапредни видови мајмуни, ниту пак некоја високо еволуирана верзија на праисконски примати. Како човечки суштества, создадени според Божјиот лик, ние заземаме единствено место во однос на сè што Бог создал на овој свет.

**Како извештајот за Создавањето нè потсетува на нашиот однос кон другите созданија? 1. Мојсеева 2,15.19.**

________________________________________________________________

Сознанието дека Бог го создал и остатокот од светот, нè потсетува на одговорноста што ја имаме спрема другите суштества. Ние треба да „владееме“ над создадениот свет. Поседувањето власт не подразбира нејзина злоупотреба. Ние треба да владееме како Божји наместници. Кон светот на природата треба да се однесуваме онака како што би постапил Бог.

Да, гревот збркал и расипал сè, но земјата е сè уште дело на Божјото создавање и ништо не ни дава за право да го експлоатираме, особено на штета на другите луѓе, што често се случува.

**Освен тоа што нè потсетува на Бога како Творец, на кои други начини држењето на саботата ни помага да станеме посвесни за потребата да дејствуваме како добри повереници во нашата животна средина?**

## ПРОСЛАВУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА

Како што видовме претходно, саботата упатува на нешто повеќе од самото создавање. Вториот пат ги слушнеме Десетте заповеди во моментите кога Мојсеј се навраќа на 40-те години што Израелците ги поминале во пустината. Овој пат, изјавата во која се наведува причината за празнување на саботата не се однесува на создавањето, туку на ослободувањето од ропството во Египет (5. Мојсеева 5,12-15).

И иако не сме робови во Египет денес, сите можеме да се соочиме со друг вид на ропство што, во извесна смисла, може да биде исто толку сурово.

**Со кои други облици на ропство се соочуваме денес? Прочитајте 1. Мојсеева 4,7; Евреите 12,1 и 2. Петрово 2,19.**

_______________________________________________________________

Саботата е слобода од сето она што нѐ заробува. Во сабота се потсетуваме дека постои ослободување од гревот, не со наша, туку со Божјата сила што ни се нуди со вера. Исто така, се потсетуваме и дека ова е слобода што не ја заслужуваме. Првородените синови во Израел биле спасени со крвта на јагнето на столбовите од своите куќи, ноќта пред да го напуштат Египет (2. Мојсеева 12). И ние сме спасени со крвта на Јагнето и уште сега треба да чекориме во слободата што сме ја примиле во Христа Исуса.

**Прочитајте го текстот Римјаните 6,1-7. Што кажува Павле овде, а може да се поврзе со она што ни е дадено преку саботата?**

_______________________________________________________________

Со самиот израз во текстот 5. Мојсеева 5,15: „Спомни си дека и ти беше роб во Египетската Земја и дека оттаму те избави Господ, твојот Бог, со силна рака и со испружена мишка“ – народот повторно се потсетува дека ги спасила само Божјата сила и Божјото дејствување во нивна полза. Колку повеќе ние, како христијани, треба да бидеме свесни дека само Христовата сила и неговото дејствување во наша полза е она што нѐ спасува од гревот?

Таа заповед ни кажува да најдеме одмор и мир во спасението што Бог го извојувал за нас со својата моќна рака. Кога се сеќаваме дека Бог е Создател и дека можеме да му веруваме дека Тој повторно ќе нѐ создаде, дека ќе нѐ избави од ропството на гревот уште сега, под услов да сме подготвени да му дозволиме да делува во нас – тоа нѐ ослободува од обидите со своја сила да се трудиме да бидеме праведни.

**Какво е вашето лично искуство во врска со гревот? Како можеме да научиме да ги присвојуваме за нас лично ветувањата за ослободување од ропството што ни се дадени во Исуса?**

## СТРАНЕЦОТ ШТО Е ВНАТРЕ ВО ТВОИТЕ ПОРТИ

**Прочитајте 2. Мојсеева 19,6. Што ни кажува овој текст за статусот на древниот Израел? (Видете и 1. Петрово 2,9.)**

____________________________________________________________

Израел бил повикан од Египет да стане Божји заветен народ – народ преку кој, ако останел верен, евангелието би било раширено низ целиот свет. Несомнено, тие биле предмет на Божјото посебно внимание и грижа, им биле дадени посебни предности, но истовремено и посебни одговорности.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 23,12. Што се случува овде? Што нè учи овој текст за тоа како Бог гледал на другите народи, освен на самите Израелци?**

____________________________________________________________

Универзалноста на саботата е нешто за што многумина не се свесни. Се разбира, најчестата заблуда е дека саботата е наменета само за Евреите – заблуда што е разоткриена во првите две глави од 1. Мојсеева. Впрочем, Бог ги создал сите луѓе – според тоа, сите треба да се сеќаваат на саботниот ден.

Иако секогаш треба да имаме предвид што за нас значи саботата, не смееме да заборавиме што таа ни кажува за другите. Нашиот одмор и потпирање на Создателот и Откупителот нè наведува, во извесна смисла, автоматски да гледаме на другите со нови очи, да ги гледаме како суштества создадени од истиот Бог кој нè создал и нас, дека ги сака истиот Бог што нè сака и нас и за кои умрел исто како што умрел за нас. Како што видовме (2. Мојсеева 20,10; 5. Мојсеева 5,14), на слугите, на странците, па дури и на животните, исто така треба да им се обезбеди саботен одмор.

Тоа кажува многу дека дури и странците што се наоѓаат внатре во нашиот дом, дури и оние кои (сè уште) не учествуваат во заветните ветувања дадени на Израел, треба да уживаат во саботниот одмор. Човечките суштества, па дури ни животните, никогаш не би требало да бидат експлоатирани, злоупотребени или искористени. Секоја седмица, еврејскиот народ (како нас) требало на моќен начин да се потсети колку заедничко имаме со другите луѓе, и дека, дури и ако уживаме во благословите и предностите што другите ги немаат, мора да имаме предвид дека сè уште сме дел од истото човечко семејство и дека затоа треба да се однесуваме едни кон други со почит и со уважување кон сопственото и туѓото достоинство.

**Како, тиа што вие лично ја држите саботата, евентуално може да стане благослов за оние што не ја држат? Односно, како можете да ја употребите саботата како сведоштво за другите?**

## СО СЛУЖЕЊЕ НА ДРУГИТЕ ЈА ВЕЛИЧАМЕ БОЖЈАТА САБОТА

Во Новозаветниот свет, верските водачи го донеле држењето на саботата на ниво на уметност. Воспоставени биле десетици забрани и правила за да се сочува саботата света.

Тоа вклучувало и забрана да се врзе или да се одврзе нешто, да се одвојат две нишки, да се угаси пожар, да се пренесе предмет меѓу приватно и јавно место или да се однесе нешто на јавно место на растојание поголемо од строго дефинираното.

**Какво обвинение било покренато против Исуса во Јован 5,7-16?**

________________________________________________________________

Целосно игнорирајќи го прекрасното чудо што го направил Исус и ослободувањето од болеста што му го овозможил на тој човек, водачите биле опседнати со тоа што исцелениот човек јавно ја носел лежалката во саботата. Наместо да забележат како „Господарот на саботата“ (Марко 2,28) го употребил тој посебен ден, водачите биле решени да ги одржат сопствените правила и прописи. Треба да внимаваме да не правиме и ние слични грешки во нашите околности и во нашиот домен.

**Како текстот Исаија 58,2.3 го претставува Божјиот план за држење на саботата?**

________________________________________________________________

Бог не сака празно богослужение или побожна тишина. Тој сака да го види својот народ како се залага за другите луѓе, особено за оние кои се изложени на насилство, кои се занемарени и обесправени.

Пророкот Исаија јасно го кажува ова: „Ако заради саботата ја воздржиш ногата своја да ги исполнува желбите на твоето срце во светиот Мој ден, и ако ја нарекуваш саботата радост, свет ден Господов, ако ја празнуваш и ако ја почитуваш со тоа да не се занимаваш со обичните работи, да им угодуваш на своите грешни желби и да празнословуваш, – тогаш ќе имаш радост во Господ, а Јас ќе те искачам на височини земни и ќе ти дадам да вкусиш од наследството на Јаков, твојот татко: устата на Господ го изрече тоа“ (Исаија 58,13.14).

Да го правиме „она што ни е нам угодно“ (Исаија 58,13, или „што е од наш интерес“ – во некои други преводи) е еднакво на „газење на саботата“. Човечките планови не се дел од Божјиот идеал за саботата. Наместо тоа, ние сме повикани да обрнеме внимание на оние кои се мачат, кои се заробени, гладни и голи, кои одат во темница и чии имиња како никој повеќе да не ги памети. Повеќе од кој било друг ден во седмицата, саботата треба да нѐ одвлече од нашата себичност и да нѐ натера да размислуваме повеќе за другите и за нивните потреби отколку за нас самите и за нашите потреби.

# ЗНАК ДЕКА МУ ПРИПАЃАМЕ НА БОГА

За време на Втората светска војна, Англија очекувала скорашна инвазија од страна на германската армија. Биле направени подготовки за што повеќе да се брани британскиот остров. Долж крајбрежјето биле поставени дополнителни утврдувања. Патиштата, се разбира, би му овозможиле на непријателот најбрз пристап до целта, поради што биле поставени барикади на стратешките точки. Но тогаш англиските власти направиле нешто невообичаено. Со цел да го забават и збунат непријателот, тие ги отстраниле сите знаци на железничкиот и патниот сообраќај. Гравираните ознаки на камењата и на зградите не можеле да се отстранат, но биле покриени со цемент.

Знаците се важни. Тие служат како показатели и насоки. Во ерата пред ГПС, сите имавме карти и ги следевме знаците.

**Каков знак е саботата? Прочитајте го текстот на 2. Мојсеева 31,13.16.17. На кој начин можеме да го примениме кажаното овде на нас денес, како народ што верува во непоминливоста на Божјиот закон?**

________________________________________________________________

Иако овие зборови биле упатени конкретно до древниот Израел, ние, кои припаѓаме на Христа, сме исто така „Авраамово семе, наследници по ветувањето“ (Галатјаните 3,29), а саботата останува знак меѓу Бога и неговиот народ. Текстот на 2. Мојсеева 31 истакнува дека саботата е знак на Божјиот непомилнив (вечен) завет (2. Мојсеева 31,16.17). Овој знак ни помага да го „запознаеме“ својот Создател, Откупител и Посветител. Таа е како знаме што се крева на секои седум дена и ни помага да се сеќаваме, бидејќи сме склони да заборавваме.

Божјата сабота е траен потсетник за нашето потекло, ослободување, судбина и одговорност кон презрените и отфрлените. Саботата е, всушност, толку важна што наместо ние да доаѓаме кај неа, таа доаѓа кај нас, секоја седмица без исклучок, како постојан потсетник за тоа кои сме, кој нѐ создал, што прави Тој сега за нас и што ќе направи за нас на крајот, кога ќе создаде ново небо и нова земја.

Светиот Бог ги повикува луѓето што склучиле завет со Него да размислат за ритамот што управува со она што навистина е важно, а тоа е спасоносниот однос на Создателот и Откупителот кон неговите тврдоглави суштества. Со моќта и авторитетот што доаѓаат од Бога, ни е заповедано секоја седмица да се одмораме „гледајќи во Исуса, Почетникот и Исполнителот на нашата вера, Кој, поради радоста што беше пред Него, го претрпе крстот“ (Евреите 12,2).

**Како да стекнете подлабоко искуство со Бога во текот на саботата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Во текот на цела седмица мораме да мислиме на саботата и да се подготвиме да ја празнуваме во согласност со заповедта. Не треба празнувањето на саботата да го сметаме само како законска обврска... Цело небо ја празнува саботата, но не на рамнодушен и потполно неактивен начин. Тој ден треба да ја разбуди секоја способност на душата, зашто зар тоа не е токму она време кога се сретнуваме со Бога и со Христа, нашиот Спасител? Ние можеме да го гледаме Него со вера. Тој копнее да ја освежи и благослови секоја душа“ (*Сведоштва за црквата*, том 6, стр. 353.362).

„Нашите барања од Бога во сабота се поголеми отколку во другите денови. Неговиот народ во тоа време ја напушта својата вообичаена работа и времето го поминува во размислување и во богослужение. Тие бараат од него многу повеќе помош отколку во другите денови. Бараат негово посебно внимание. Понизно и упорно бараат негови посебни благослови. Бог не чека да помине саботата и дури тогаш да ги исполни овие молби. Небесниот труд никогаш не престанува, па ни луѓето никогаш не треба да се одмораат од правење на добро. Саботата не е замислена како време за безделничење. Законот забранува световна работа во Господовиот ден за одмор; напорната работа со која заработуваме за животот мора да престане; никаква работа за световни задоволства и корист во тој ден не е во сообразност со Законот; но, како Бог што престанал со својата создателска работа и се одморил во сабота и ја благословил, така и човекот треба да го напушти своето занимање од секојдневниот живот и тие свети часови да ги посвети за здрав одмор, за служба на Бога и за свети дела. Христовото дело на исцелување на болниот било во совршена хармонија со Законот. Тоа ѝ оддало почест на саботата“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 207 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Заштитата на животната средина стана актуелен политички проблем во многу земји. Како можеме ние како адвентисти да бидеме добри повереници на нашето природно опкружување, независно од политичките планови и програми?**

**2. Службата започнува во умот. Како можеме да негуваме таков менталитет да им служиме на луѓето во нашето окружување (во семејството, црквата и заедницата) со поголема ревност? На кои сè начини саботата ни дава повеќе прилики да го правиме токму тоа?**

**3. Секоја сабота се потсетуваме дека Бог го создал целокупниот човечки род. Тоа ни помага да ги гледаме луѓето со Божји очи. Како треба саботата да нè потсетува на фактот дека расните, етничките, социоекономските и родовите разлики се неважни, со оглед на тоа дека сите сме создадени според Божјиот лик и дека сите сме предмет на неговата љубов?**

**Поука 11**
**Од 4 до 10 септември 2021**

# КОПНЕЖ ПО НЕШТО ПОВОЗВИШЕНО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 10,1-11; 3. Мојсеева 4,32-35; Јован 1,29; Евреите 4,1-11; Псалм 95,8-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А тоа беа примери за нас, за да не бидеме похотливи по злото, како што тие беа похотливи“ (1. Коринќаните 10,6).**

Во њујоршкиот Музеј на уметностите во Квинс, во Соединетите Држави, е сместена најголемата архитектонска макета во светот, на која првично била прикажана секоја зграда во Њујорк. Во сооднос 1:1200 (каде 2,5 см одговара на должина од 33 метри), се протега на приближно 870 квадратни метри. Сто луѓе работеле на тоа повеќе од три години. Завршена е во 1964 година, но редовно ажурирана сè до 90-тите години на минатиот век, така што денес, во 2021 година, не одговара на комплетниот градски пејзаж. Сепак, таа претставува неверојатно сложена и детална копија на оригиналот.

Меѓутоа, на крајот на краиштата, тоа е само тоа – копија, модел, приказ на нешто поголемо, пообемно и многу покомплексно од самата макета.

Ова е всушност случај со сите макети. Тие не се оригинали, туку само симбол на оригиналот. Макетата ни помага да ја видиме суштината на оригиналот, но никогаш не може да го замени. Постои за да им помогне на луѓето подобро да разберат што всушност претставува оригиналот.

И самата Библија е полна со минијатурни прикази на активности и институции што упатуваат на далеку поголемата небесна реалност. Евреите 4 глава ни помага да проучиме една од овие реалности во врска со библиското прашање за одморот.

## КРСТЕНИ „ВО МОЈСЕЈА“

**Прочитајте 1. Коринќаните 10,1-11. Што сакал Павле, споменувајќи ги „примерите“, да им пренесе на своите читатели во Коринт?**

________________________________________________

Грчкиот збор што се користи во 1 Коринќаните 10,6 (а во слична форма во 1. Коринќаните 10,11), кај нас преведен како „примери“, е зборот типос. На англиски јазик (и на наш) зборот *тип* потекнува од таа грчка именка. Тип (углед или пример) никогаш не е оригиналот, туку еден вид симбол и приказ. Тоа е макета на нешто друго.

Текстот Евреите 8,5 нуди добар пример за ваквиот вид на односи: „И им (старозаветните свештеници што ја извршувале службата во храмот) служат на образот и на сенката на небесните работи, како што му беше речено на Мојсеј, кога ја подигаше скинијата: ‘Гледај, рече, да направиш сè според образецот, што ти беше покажан на планината’.“

Овој пасус во Посланието до Евреите ја нагласува директната врска меѓу небесната и земната реалност, а потоа го цитира текстот 2. Мојсеева 25,9, каде што Бог му вели на Мојсеја да направи светилиште во пустината „како што ќе ти покажам“ – според сликата што ја видел на планината. Суштината е во тоа дека земното светилиште, со сите свои обреди и процедури, било „пример“, симбол, претстава за она што се случува на небото, со Исуса како наш Првосвештеник во небесното светилиште.

Имајќи го предвид ова, можеме подобро да разбереме за што зборува Павле во 1. Коринќаните 10. Во овој текст, Павле потсетува на некои од клучните искуства на Божјиот народ во пустината, на нивниот пат кон Ветената земја. Изразот „нашите татковци“ се однесува на еврејските предци кои го напуштиле Египет, кои биле под облак, го преминале морето и така сите биле крстени во новиот живот на слобода од ропството.

Павле смета дека овие важни места на патувањето низ пустината се тип или модел за поединечно крштевање. Ако ја следиме логиката на Павле, „духовната храна“ сигурно се однесува на маната (спореди 2. Мојсеева 16,31-35). Израел пиел од карпата, која Павле ја идентификува со Христа (1. Коринќаните 10,4). Ако се сетиме дека Исус зборува за себе како „леб на животот“ (Јован 6,48) и „жива вода“ (Јован 4,10), сево ова има совршена смисла. Затоа овде можеме да видиме дека Павле ја користи старозаветната историја како пример за откривање на духовните вистини, кои можат да се применат денес на секој христијанин поединечно.

**Сетете се и на другите искуства на Израелците опишани во 2. Мојсеева. Кои духовни поуки можеме да ги научиме од тие „примери“ што ни ги оставиле, како добри така и лоши?**

## ОБРЕДИ И ЖРТВИ

Старозаветниот систем на обреди и жртви, како оној што го наоѓаме во 3. Книга Мојсеева, нуди повеќе примери за она што го видовме вчера – старозаветни симболи што укажуваат на новозаветните вистини. Иако денешните читатели на Библијата честопати лесно поминуваат преку овие обреди, тие содржат многу важни духовни вистини, кои можат да бидат од голема важност за оние што ги проучуваат.

**Прочитајте ги упатствата дадени во текстот 3. Мојсеева 4,32-35 – во врска со жртвата за грев што се барала од обичниот народ во Израел. Што можеме да научиме од овој обред, иако немаме храм ниту некое светилиште со олтар на кој би можеле да принесуваме жртви за нашите гревови? Поврзете го овој обред со текстовите Јован 1,29 и 1. Петрово 1,18-21.**

Обредот пренесува важни информации и вредности, и треба да се разбере во вистинскиот контекст. За да биде делотворен, тој обично бара посебно време, одредена локација и однапред зацртана низа од процедури што треба да се следат. И навистина, кога ги следиме различните библиски одредби во врска со принесувањето на жртвите, станува јасно дека Бог дал многу конкретни детали во поглед на тоа што можело да се жртвува, а исто така и кога, каде и кои ритуали и процедури требало да се спроведат.

Главната работа во многу ритуали, се разбира, била крвта, односно пролевањето крв и попрскувањето со крв. Тоа не било пријатно, а и не требало да биде, затоа што се однесувало на нешто што е најгрдо во вселената, а тоа е гревот.

Која конкретна улога ја имала крвта и зошто морала да биде намачкана на роговите на олтарот? Иако повеќето обреди поврзани со светилиштето се појавуваат во вид на прописи (т.е. дадени се упатства како сè да се направи), тој не секогаш ги вклучува сите објаснувања. Причината е веројатно таа што нивното значење било веќе познато. На крајот на краиштата, Израелскиот народо добро ја разбрал важноста на крвта (3. Мојсеева 17,11).

Сепак, примерот даден во текстот 3. Мојсеева 4,32-35 содржи едно важно објаснување во стихот 3. Мојсеева 4,35: „Така свештеникот ќе го очисти од гревот негов, што го направил, и ќе му се прости". Според тоа, крвта била пресудна во целиот процес на помирување како средство со кое грешниците можеле да бидат очистени пред Светиот Бог. Затоа, она што го гледаме во овие жртви е типот, приказот на Христовата крв и служба во наша полза.

**Размислувајте за тоа колку е навистина лош гревот, кога неговиот откуп барал таква жртва – саможртвување на едно од лицата на Божеството, Исус. Што ни кажува ова за потребата секогаш да се потпираме на благодатта и никогаш на делата? Можеме ли да додадеме нешто на она што Христос веќе го направил за нас?**

## „ПРИМЕР“ ЗА ОДМОР

Покрај примерите што веќе ги разгледавме, оваа забелешка за типовите и симболите може да се примени и на библискиот поим за одмор. За да се увериме во тоа, ќе го побараме новозаветното послание до Евреите.

**Прочитајте го текстот Евреите 4,1-11. На што се однесува тоа „оставено ветување“ за влегување во Неговиот спокој? Како искуството на Израел за време на Излезот и талкањето низ пустината ни нуди дополнителни сознанија за поимот за влегување во Божјиот одмор?**

__________________________________________________________________

Во рамките на сево ова, темата за истрајност и верност е многу важна. Иако зборуваат за седмиот ден, саботата, фокусот на овие стихови (и она што им претходи – види Евреите 3,7-19) е всушност на повикот упатен до припадниците на Божјиот народ да истраат во верата, односно да му останат верни на Господа и на евангелието.

Овие стихови го потсетуваат читателот сериозно да ги сфати поуките стекнати врз основа на Божјото водство во минатото, „та да не би некој да падне во слична непослушност“ (Евреите 4,11). Обрнете внимание, ова е прилика! Израел го чул евангелието, текстот продолжува, но немал корист од тоа. Наместо да ја зајакнат својата вера со доверба и послушност, тие избрале бунт (споредете со Евреите 3,7-15) и на тој начин никогаш не го искусиле одморот што Бог го наменил за нив.

Текстот Евреите 4,3 укажува на блиската врска меѓу верата и одморот. Можеме да влеземе во Неговиот спокој само ако веруваме и се надеваме во Оној што ни ветил одмор и кој може да го исполни тоа ветување, а тоа е, се разбира, Исус Христос.

**Прочитајте го повторно текстот Евреите 4,3. Кој бил главниот проблем на луѓето за коишто станува збор? Каква поука можеме да извлечеме од ова за нас самите, зашто евангелието „и нам ни се соопшти, како и ним “ (Евреите 4,2)?**

__________________________________________________________________

Првата христијанска заедница го прифатила Божјето претходното откровение (она што ние го нарекуваме „Стар завет“) и поверувала дека Исус Христос е Јагнето Божјо, жртвата за нивните гревови. Врз основа на верата во таа жртва, тие можеле да го искусат спасението во Исуса и одморот што им бил понуден во Него.

**Како разбирањето за тоа што значи да бидеме спасени со Исусовата крв, ни помага да влеземе во оној вид одмор што можеме да го имаме во Исуса, знаејќи дека сме спасени преку благодатта а не преку делата?**

## „НЕ СТВРДНУВАЈТЕ ГИ СРЦАТА ВАШИ“

**Прочитајте го текстот Евреите 4,4-7 и Псалм 95,8-11. Кое предупредување е дадено во Псалмите и во посланието до Евреите, и што ни кажува тоа нам денес?**

________________________________________________________________

Текстот Евреите 4,4-7 се однесува и на извештајот за создавањето и на Псалм 95,11 во контекст на приказната за неверувањето на Израелците и, следствено, на нивниот неуспех да влезат во одморот што Бог го наменил за нив.

Навистина, текстот Псалм 95,8-11 го поврзува искуството на Израелците во пустината со Божјиот одмор, па дури и ја наведува божествената заклетва дека неверниот Израел нема да влезе во Неговиот мир, првично поврзан со Ветената земја.

Се разбира, Израел сепак влегол во Ветената земја. Една нова генерација ја преминала границата и со Божја помош ги зазела утврдувањата во земјата и се населила таму.

Меѓутоа, тие не влегле во Божјиот мир, што значи дека мнозина не ја искусиле реалноста на спасението во Исуса поради недостаток на вера што се манифестирала во отворена непослушност. Иако овој мир бил поврзан со земјата, тој сепак подразбирал многу повеќе од местото во коешто живееле луѓето.

**Текстот Евреите 4,6 забележува дека оние што го слушнале божественото ветување за вистински спокој не влегле поради непослушноста. Каква поврзаност постои меѓу непослушноста и невлегувањето во Божјиот спокој?**

________________________________________________________________

„Денес“ укажува на итност. „Денес“ значи дека нема повеќе време за губење. „Денас“ бара одговор и одлука токму сега.

Павле го сфаќа зборот сēмерон, „денес“ и навистина нагласува колку е важен во контекст на одмор. Во меѓувреме, во текстот Псалм 95,7.8, Божјиот народ е предупреден и се моли да не ги повторува грешките на своите предци и да не пропушти да влезе во вистинскиот одмор што се наоѓа единствено во спасението што ни го нуди Бог.

**Што би требало да значи ова за нас, во ова време, кога ќе ги слушнеме зборовите: „Денес, кога ќе го чуете гласот Негов, не стврднувајте ги срцата ваши“ (Евреите 4,7)? Што е толку важно во врска со зборот „денес“? Впрочем, тој се користел во Псалмите пред повеќе илјади години. Сепак, зошто тоа „денес“ е подеднакво важно за нас, како што било важно за оние што го слушнале пред неколку илјади години?**

## ОСВОЈУВАЊЕ НА НЕБЕСНИОТ ГРАД

Логичното продолжение на клучните идеи од 4-та глава на посланието до Евреите станува сосем очигледно кога ќе го прочитаме текстот Евреите 4,8-11. Исус Навин им дал спокој на Израелците. Затоа, бидејќи Бог не лаже, мора да има некој друг „спокој“ што му останува на Божјиот народ. Но тој народ не е составен исклучиво од еврејски верници. Ги вклучува сите кои го прифатиле Исуса за свој личен Спасител.

**Прочитајте го текстот Галатјаните 3,26-29 и забележете ги карактеристиките на Божјиот заветен народ по крстот. Што значи тоа дека нема повеќе Евреи ни Грци, робови или слободни, машко или женско во контекст на она што го пишува Павле?**

___

Текстот Евреите 4 понекогаш се користи во прилог на празнувањето на седмиот ден, сабота, а понекогаш и за да се побие оправданоста на тој саботен одмор, со оглед на фактот дека постои уште еден одмор (на крајот на времето). Меѓутоа, ниту еден од овие ставови не го отсликува правилно библискиот текст. Всушност, текстот сугерира дека сосредоточеноста на Божјиот посебен одмор е присутна уште од Создавањето и дека празнувањето на саботниот одмор нуди мал, седмичен претвкус на тој одмор на крајот на времето. Навистина, Евреите ја разбираат саботата како минијатурен претходник на „olamhaba“ („светот што ќе дојде“).

Спокојот сличен на саботата му е оставен на Божјиот народ, кој потсетува на Божјиот одмор во првата сабота од земната историја, што значи дека можеме да запреме со нашите дела, верувајќи дека Бог ќе го исполни своето ветување за нашето спасение.

Наспроти тврдењата на некои толкувачи, контекстот не ја поддржува претпоставката дека заповедта за саботата е веќе исполнета преку спасението што го донел Христос, поради што христијаните не би биле обврзани да ја почитуваат. Конечниот одмор што ни е ветен врз основа на она што Христос го направил за нас, не го заменува библискиот седми ден, саботата. Напротив, тој ја нагласува.

Во свет кој многу ја цени самостојноста, напорната работа и претприемчивоста, почивањето во Исуса и верувањето дека Неговата благодат е доволна за да нè спаси и да нè преобрази, тоа е навистина контракултурно.

**Како може да им помогнете на другите да најдат одмор во Исуса, ако мислат дека нивните гревови се премногу тешки, дека нивните срца не можат да се променат, а дека нивниот случај е навистина безнадежен? Кои библиски цитати би ги споделиле со нив?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Не сме секогаш подготвени да дојдеме кај Исуса со нашите искушенија и тешкотии. Понекогаш ги излеваме нашите неволји во човечките уши, им зборуваме за нив на оние кои не можат да ни помогнат, а занемаруваме да му довериме сѐ на Исуса, кој е во состојба да ги замени нашите тажни патеки со патеки на радост и мир. Самооткажувањето, самопожртвуваноста му дава слава и победа на крстот. Божјите ветувања се многу скапоцени. Ние мора да ја проучуваме Неговата Реч ако сакаме да ја дознаеме Неговата волја. Овие вдахновени зборови, ако внимателно проучуваат и се применуваат во практика, ќе ги постават нашите нозе на рамни патеки, по кои можеме да чекориме без да се сопнуваме. О, кога сите, и проповедниците и народот, би ги изнеле своите товари и проблеми пред Исуса, кој чека да ги прифати, да им даде одмор и мир! Тој никогаш нема да ги напушти оние кои се надеваат во Него!“ (Ellen G. White, *The Signs of the Times,* March 17, 1887, p. 161).

„Можете ли вие, драги млади верници, со радосна надеж и исчекување да гледате кон времето кога Господ, вашиот праведен судија, ќе го признае вашето име пред Отецот и пред светите ангели? Најдобро ќе се подготвите за второто Христово доаѓање ако со цврста вера се потпрете на големото спасение што ви е дадено при Неговото прво доаѓање. Мора да верувате во Христа како свој Спасител“ (Елена Вајт, *Нашиот возвишен повик*, стр. 368, оригинал).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Што е толку посебно во врска со седмиот ден, сабота, што таа претставува претходник на Божјиот небесен одмор за Неговиот народ? Односно, како саботниот одморот ни дава предвкус за вечноста?**
2. **Откупот подразбира помирување и укажува на враќањето кон Бога. Размислете за следната важна изјава во Римјаните 5,11: „А освен тоа, и се фалиме со Бога преку нашиот Господ Исус Христос, преку Кого добивме сега помирување“. Ако некој ве праша: „Што значи да се помириме со Бога и што променило тоа помирување во вашиот живот “, што би одговориле?**
3. **Како можеме да избегнеме да посветуваме премногу внимание на неважните работи во нашиот христијански живот? Што нѐ држи сосредоточени на поширокате слика што ни е понудена во Божјата реч?**
4. **Размислете повторно за сите грешки и недостатоци на вера што ги покажале Израеловите деца во пустината. Иако подробностите на нивните предизвици биле поинакви од нашите (ние не талкаме низ буквална пустина), кои заеднички принципи ги наоѓаме? Односно, со кои слични предизвици можеме да се соочиме во нашето христијанско чекорење, и што можеме да научиме од грешките што тие ги правеле?**

**Поука 12**
**Од 11 до 17 септември 2021**

# ПРОРОК ПОЛН СО НЕМИР



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јона 1-4; Еремија 25,5; Езекиел 14,6; Откровение 2,5; Лука 9,51-56; Јуда 1,1-25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Мене да не Ми е жал за Ниневија, за овој голем град, во кој живеат повеќе од сто и дваесет илјади души, кои не можат да ја разликуваат десната рака од левата, а и за многу добиток?“ (Јона 4,11)**

Една од најинтересните стории во Светото писмо е секако сторијата за Јона. Таму бил тој, Божјиот пророк, некој повикан од Бога, а сепак – што се случило? Тој бега од Божјиот повик. И тогаш, откако е драматично убеден да го смени мислењето и да му биде послушен на Господа, тој го прави тоа, но само за да направи – што? Да се жали затоа што луѓето, на кои тој бил повикан да им сведочи, навистина се покајале и биле поштедени од уништувањето кое, во спротивно, сигурно би ги снашло!

Каков пример за човек кој бил толку неспокоен и вознемирен до таа мера што извикал: „А сега, Господи, земи ја душата моја од мене, зашто подобро е да умрам отколку да живеам“ (Јона 4,3).

Самиот Исус се осврнува на сторијата за Јона и вели: „Ниневјаните ќе излезат на суд со овој род и ќе го осудат, зашто тие се покајаа од проповедта на Јона; а ете, тука има поголем од Јона“ (Матеј 12,41). Поголем од Јона, навистина! Да не беше така, Тој не би можел да биде наш Спасител.

Ајде оваа седмица да го посматраме Јона и да видиме што можеме да научиме од неговото неспокојство и вознемиреност.

## БЕГАЊЕ

Јона бил неверојатно успешен мисионер. Во исто време, тој многу безволно ја прифатил таа мисија, барем на почетокот. Што и да сторил Јона, Божјиот повик значително му го нарушил животот. Но, наместо да го земе Божјиот јарем врз своите плеќи и самиот да открие дека Неговиот јарем е благ и дека неговото бреме е лесно (Матеј 11,30), Јона решил да најде свој личен „спокој“, и тоа бегајќи во спротивна насока од онаа во која Господ го повикал да оди.

**Каде се надевал Јона дека ќе најде мир и починка криејќи се од Божјиот повик? Колку бил успешен во тоа? Прочитајте го текстот Јона 1 глава.**

Јона се упатил во спротивна насока од местото на кое го повикал Бог. Тој дури и не престанал да се расправа со Бога, како што направиле многу други библиски пророци кога биле повикани да бидат Божји гласници (видете, на пример, 2. Мојсеева 4,13).

Интересно е што Јона не бил повикан за првпат да зборува во Божје име, како што гледаме врз основа на текстот 2. Царевите 14,25. Во таа пригода, Јона очигледно го направил она што Господ го повикал да го направи. Но, не и овој пат.

Зошто?

Историските и археолошките списи сведочат за суровоста на неоасирските господари коишто владееле со древниот Блиски Исток во текот на 8. век пред нашата ера, во времето кога Јона проповедал во Израел. Околу 75 години подоцна, неоасирскиот цар Сенахирим ја нападнал Јуда. Израел и Самарија веќе паднале, околу дваесет години пред тоа, а царот Езекија очигледно се придружил на антиасирската коалиција.

Меѓутоа, дошол моментот Асирците да ги израмнат сметките. Библијата (2. Царевите 18; Исаија 36), асирските историски документи, како и ѕидните релјефи во палатата на Сенахирим во Ниневија – сите ја раскажуваат суровата приказна за падот на Лахис, една од најважните, посебно утврдени јужни граници на царот Езекија. Во еден натпис, Сенахирим тврди дека зел повеќе од двесте илјади затвореници од 46 утврдени градови, за кои вели дека ги уништил. Кога асирскиот цар го зазел Лахис, стотици илјади затвореници биле набиени на колец. Тврдокорните приврзаници на царот Езекија биле живи одрани, а останатите биле одведени во Асирија како евтина робовска работна сила.

Асирците знаеле да бидат неверојатно сурови, дури и според мерилата на тогашниот свет. А Бог го испратил Јона во самиот центар на тоа царство?

**Дали е воопшто чудно што Јона не сакал да оди?**

**Но, да се бега од Бога? Дали некогаш сте се обиделе такво нешто? Ако е така, дали ви успеало? Кои лекции требало да ги извлечете од таа грешка?**

# ТРИДНЕВЕН ОДМОР

Бегството на Јона од Бога не поминало без проблеми. Неговиот краток „одмор“ бил прекинат од чудесната Божја интервенција во вид на бура. Сепак, Јона се спасил од водениот гроб, така што Бог ѝ наредил на една риба да го избави.

И дури кога се нашол на принуден тридневен одмор во стомакот на големата риба, Јона сфатил колку навистина зависи од Бога. Понекогаш треба да останеме без никаква поддршка на овој свет, за да разбереме дека Исус е оној што навистина ни е потребен.

**Прочитајте ја молитвата на Јона во стомакот на рибата (видете Јона 2,1-9). За што се моли тој?**

___

Иако се нашол во големи длабочини, во мошне опасна ситуација, Јона во својата молитва го споменува светилиштето. Тој вели: „Сепак ќе погледнам повторно кон Твојот свет храм“.

Што се случува овде?

Храмот е во средиштето на неговата молитва, како што треба да биде во средиштето на молитвата воопшто. Постои само едно место во Стариот завет каде што може да се најде Бог. Тој е во своето светилиште (2. Мојсеева 15,17; 2. Мојсеева 25,8). Светилиштето е средиште на молитвата и на заедницата со Бога.

Сепак, Јона не го спомнува тука ерусалимскиот храм. Тој зборува за небесното светилиште (Јона 2,7). Неговата надеж е таму, бидејќи Бог е таму и оттаму навистина доаѓа спасението што Тој го нуди.

Јона конечно ја увидел оваа важна вистина. Тој ја искусил Божјата благодат. Тој бил спасен. Кога големата риба го плукнала, тој од прва рака ја спознал Божјата љубов кон него, пророкот во бегство. Тој навистина научил (иако не без извесно талкање) дека единствениот сигурен пат за секој верник е да се стреми да остане сообразен со Божјата волја.

Затоа тој сега одлучил да ја изврши својата должност и да се потчини на Божјите наредби. Конечно се упатил кон Ниневија (заб. на прев.: или во некои преводи Нинива) и, несомнено со вера, оди кон тој крајно лош град, на чиишто жители можеби нема да им се допадне некој пророк туѓинец да им соопшти колку се тие лоши.

**Понекогаш едноставно е потребно да се оддалечиме од сè, за да согледаме сè од нов агол. Иако сторијата за Јона, кој преживеал во стомакот на риба, е доста екстремен случај, како излегувањето од вообичаеното опкружување може да ви помогне да го согледате тоа ваше опкружување од нова и можеби неопходна перспектива?**

## МИСИЈАТА Е ЗАВРШЕНА

Во споредба со кој било град и населба во Израел, Ниневија била огромна. Тоа бил „многу голем град: три дена одење“ (Јона 3,3).

**Прочитајте го текстот Јона 3,1-10. Каков бил одговорот на тоа расипано место? Кои поуки можеме да ги извлечеме од таа приказна кога станува збор за нашите обиди да им сведочиме на другите?**

____________________________________________________________

Поминувајќи низ улиците на градот, Јона ја објавил Божјата порака: „Уште четириесет дена и Ниневија ќе биде разурната“ (Јона 3,4). Пораката била директна. Иако деталите не се дадени, предупредувањето очигледно го слушнале приемчиви уши, и народот во Ниневија (колективно!) поверувал во предупредувачките зборови на Јона.

Со типичен блискоисточен манир, царот на Ниневија издал декрет за да ја покаже промената на ставот. Секој – вклучувајќи ги и животните – морал да пости и да тагува (како што тагувале животните, во текстот не стои). Царот се спуштил од престолот и седнал во прашината на земјата, што е многу важен симболичен чин.

**Прочитајте го текстот Јона 3,6-9. Споредете го тоа со текстовите: Еремија 25,5, Езекиел 14,6 и Откровение 2,5. Кои елементи ги содржел царевиот говор, а кои јасно покажуваат дека тој бил свесен што поразбира вистинското покајание?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Проповедта била кратка, конкретна, но полна со исправна теологија во врска со покајанието. Додека Јона проповедал, Светиот Дух сигурно делувал во голема мера на срцата на Ниневјаните.

Ниневјаните ја немале таа предност да го доживеат нежното Божјото водство како Израел, но сепак реагирале позитивно на Неговата опомена. Всушност, тие рекле: „Да се потпреме на Божјата милост, а не на сопствените достигнувања! Да веруваме целосно во Неговата добрина и благодат“.

Чудно, се чини дека Јона, кој ја искусил Божјата благодат од прва рака, ја сметал благодатта за толку исклучителна, што само на некои им се дава можност да се одморат во неа.

**Зошто покајанието е толку клучен дел од христијанското искуство? Што значи искрено да се покаеме за своите гревови, особено за оние што ги правиме одново и одново?**

## ЛУТИОТ ВОЗНЕМИРЕН МИСИОНЕР

За жал, споријата за Јона не завршува со 3. глава.

**Прочитајте го текстот Јона 4,1-11. Кој бил проблемот на Јона? Што можеме да научиме од неговиот прилично грешен карактер?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Текстот Јона 4 глава започнува со опис за гневот на Јона кон Бога, затоа што неговиот мисионски потфат бил толку успешен. Јона се грижи дека ќе изгледа глупаво. Меѓутоа, гледаме дека Бог одвоил време да разговара и да се обиде да го вразуми својот пророк, кој се однесувал како налутено, разгалено дете.

Тоа е доказ дека искрените Божји следбеници, па дури и пророците, исто така, мораат да растат и да ги победуваат своите недостатоци.

„Кога дознал дека Бог го пошедил градот кој, и покрај неговата безбожност, се покајал во кострет и пепел, Јона, наместо прв да се израдува на Божјата прекрасна милост, тој се исплашил дека сега ќе го сметаат за лажен пророк. Грижејќи се првенствено да го зачува својот добар глас, ја загубил од вид бескрајно поголемата вредност на душите во тој беден град" (Елена Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 271 оригинал).

Трпението што Бог го покажал кон својот пророк едноставно восхитува. Имал намера да го употреби Јона, а кога Јона избегал, испратил бура и риба за да го врати назад. Па дури и сега, кога Јона се спротивставил, Бог се трудел да го вразуми и да го исправи неговиот лош став, прашувајќи го: „Дали со право се лутиш?" (Јона 4,4)

**Прочитајте Лука 9,51-56. Која паралела постои меѓу тој извештај и она што се случило во искуството на Јона?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот" (Јован 3,16), или, како што рекол Бог во Јона 4,11: „А Мене да не Ми е жал за Ниневија, за овој голем град, во кој живеат повеќе од сто и дваесет илјади души, кои не можат да ја разликуваат десната рака од левата, а и за многу добиток?" Колку треба да бидеме благодарни што Бог, а не ние, на крајот ќе биде конечен судија, кој го испитува срцето, умот и побудите.

**Како можеме да стекнеме таков вид на сочувство и трпение, каков што Бог има кон другите, или барем да научиме да покажуваме такво сочувство и трпение?**

# ДВОНАСОЧНА УЛИЦА

Изгледало како Јона да бил повеќе дел од проблемот отколку од неговото решение. Ниневија била опасна, но во сторијата за Јона, проблемот не се Ниневјаните. Тие ја разбрале пораката и веднаш се покајале. Се чини дека Јона, мисионерот, е слабата алка во таа мисионерска приказна.

Во овој извештај, Бог го прогонува колебливиот пророк, знаејќи дека на Јона му треба мисионско патување до Ниневија, исто како што на Ниневјаните им било потребно да ја слушнат таа мисионска порака.

**Прочитајте го Јудиното послание. Како можеме да се одржиме „во љубовта Божја“ (Јуда 1,21). Што значи тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во своето кратко послание во Новиот завет, Јуда ни порачува: „Запазете се во љубовта Божја, очекувајќи милост од нашиот Господ Исус Христос, за вечен живот“ (Јуда 1,21).

Личното доживување на Божјата љубов и благодат не е еднократно искуство. Сигурен начин да се одржите „во љубовта Божја“ е да настојувате да допрете до другите. Во следните стихови, Јуда ни вели: „едни милувајте, а други со страв спасувајте, истргнувајќи ги од оган“ (Јуда 1,22.23).

**Прочитајте Јуда 1,20-23. Што се кажува овде а би можело да биде поврзано со приказната за Јона, и што ни кажува тоа нам?**

____________________________________________________________

Бог го повикал Јона да оди во Ниневија, бидејќи тој веројатно не посветил многу време да размисли за неговиот однос спрема Асирците пред тој посебен повик. Веројатно бил свесен дека тие не му се допаѓаат, но немал вистинска претстава за тоа колку ги мрази и до која крајност бил подготвен да оди за да ги избегне, дури и по добивањето на повикот. Јона не бил подготвен некој Ниневјанин да му биде прв сосед на небото. Тој не научил да сака како што сака Бог. Бог го испратил Јона во Ниневија, затоа што Тој ги сака Ниневјаните и сака да бидат во Неговото царство. Но, Бог го повикал Јона затоа што го сака. Тој сакал Јона да расте и да стане посличен на Него, додека работат заедно. Бог сакал Јона да најде вистински мир што произлегува само од спасоносниот однос со Него и од прифаќањето на Неговата волја, а тоа подразбира да им служиме на другите и да ги насочуваме кон верата и надежта што ја имаме.

**Колку време поминувате работејќи на спасување на другите? Во духовна смисла, како овој вид на работа ни овозможува да најдеме вистински одмор во Исуса?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Голема била должноста што му била поверена на Јона, но Оној кој му наредил да оди бил во состојба да го поддр`и својот слуга и да му подари успех. Да се покорел пророкот без приговор, би си заштедил многу горчливи искуства и би примил голем благослов. Но, и покрај тоа, Господ не го оставил Јона во тие миговите на очај. Цела низа искушенија и необични случки ја повратиле пророковата вера во Бога и во Неговата бескрајна моќ да спасува“ (Елена Вајт, Пр*ороци и цареви,* стр. 266, оригинал).

„На илјадници може да им се пристапи на наједноставен и најскромен начин. Повеќето интелектуалци, оние што луѓето ги сметаат за најспособни мажи и жени на светот, често се освежени со едноставните зборови на оние што го љубат Бога и што знаат да зборуваат за таа љубов исто толку природно како и световните луѓе што зборуваат за она за што се најдлабоко заинтересирани“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 232, оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Божји пророк кој е вознемирен затоа што луѓето на кои им сведочел по Божји налог го прифатиле спасението? Како да го разбереме таквиот став на Јона? Колку моќен пример за Божјата трпеливост кон Неговиот народ, дури и кога тие постапуваат спротивно на светлината што ја имаат!**

**2. Извештајот за Јона како да навестува дека Бог не е зафатен само со спасување на оние што не веруваат, туку многу се грижи да ги преобрази и своите следбеници. Како можеме да добиеме „ново срце“ и „нов дух“, дури и ако веќе го познаваме Господа и вистината за ова време? Која е разликата меѓу познавањето на вистината и дозволувањето таа да нè преобрази?**

**3. Прочитајте го Посланието на апостол Јуда. Која е клучната порака на тоа послание и зошто е важна за нас како денешна црква?**

**4. На кој начин искуството во работата за спасување на другите, и на нас самите ни носи толку многу добра во духовна смисла?**

**5. Без оглед на тоа колку добри причини имал Јона, или мислел дека има, што не сакал да оди во Ниневија, Бог му покажал колку греши. Какви ставови имаме ние, а можат да го одразуваат истиот погрешен став што го покажал Јона?**

**Поука 13**
**Од 18 до 24 септември 2021**

# КОНЕЧНИОТ ОДМОР



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 1,9-19; Матеј 24,4-8.23-31; Откровение 14,6–12; Евреите 11,13-16; Филипјаните 4,4-6.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но, како што е напишано: ‘Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат’“ (1. Коринќаните 2,9).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Дали некогаш сте имале впечаток дека се наоѓате среде голема битка, во некаков вид борба меѓу доброто и злото? Многумина, дури и секуларните луѓе, ја осетиле таа реалност. И ние се чувствуваме така едноставно затоа што тоа е вистина. Ние се наоѓаме среде големата борба меѓу доброто и злото, меѓу Христа (доброто) и сатаната (злото).

Всушност, животот се одвива на две нивоа. Големата борба меѓу Христа и сатаната се одвива во глобални размери – дури и на космичко ниво, бидејќи започнала на небото (Откровение 12,7). Затоа лесно може да се случи, среде збрката на настаните, да ја изгубиме од вид пошироката слика на Божјиот план за спасение за овој свет. Војни, политички немири и природни катастрофи можат да нè држат во состојба на голем страв и беспомошност. Но, Божјото пророчко водство може да ни помогне да не ја изгубиме од вид поголемата слика за тоа каде одиме и како ќе стигнеме таму.

Големата борба се одвива на многу полично ниво. Секој од нас поединечно се соочува со предизвиците на верата во секојдневниот живот. Ако не го доживееме второто Христово доаѓање, ќе се соочиме и со смрт. Оваа седмица ќе проучиме како можеме да се одмориме во Исуса, соочени со глобалните немири и нашата непозната иднина, барем во краткорочна смисла. Бидејќи, долгорочно гледано, работите навистина делуваат како многу да ветуваат!

## ВИЗИЈА ЗА КРАЈОТ

Последниот преживеан ученик, кој навистина бил со Исуса, седел заробен на еден карпест остров, далеку од сè што му било драго и блиско. Што ли само минувало низ умот на Јован кога се нашол заглавен на тој пуст остров? Како завршил овде и во таква состојба? На крајот на краиштата, го видел Исуса како заминува, а видел и двајца ангели како стојат во близина, велејќи: „Луѓе Галилејци, што стоите и гледате кон небото? Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак на истиот начин како што Го видовте да оди на небото“ (Дела 1,11).

Но, тоа се случило пред многу години, а Исус сè уште не се вратил. Во меѓувреме, другите апостоли што ги слушнале овие зборови, веќе умреле – повеќето од нив со маченичка смрт заради нивното сведочење за Исуса. Младата црква поминала низ промена на генерациите и сега се соочувала со ужасно прогонство однадвор и необични еретички учења однатре. Јован сигурно се чувствувал осамено, уморно и вознемирено. И тогаш, ненадејно, добива визија.

**Што мислите, каква утеха му дала таа визија на Јован? Прочитајте го текстот Откровение 1,1-19.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

На своите следбеници Исус им рекол: „И ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28,20) – зборови што несомнено го охрабриле Јован кога се соочил со своето осаменичко прогонство. Сигурно оваа визија, ова „откровение“ на Исуса, му влеала голема утеха – сознание дека Исус, „Алфа и Омега, Почетокот и Крајот“, сега на еден посебен начин му се покажал на прогонетиот апостол.

Она што следува по овие стихови се визии за иднината на овој свет. Пред него се појавил восхитувачки панорамски поглед на историјата – што за нас, во основа, е историја на христијанската црква, но за него тоа била иднината. И повторно, среде искушенијата и неволјите што ќе дојдат, на Јован му било прикажано како сето тоа ќе заврши. „И видов ново небо и нова земја, зашто поранешната земја помина, и морето го немаше веќе. Тогаш јас, Јован, го видов светиот град Ерусалим, нов, како слегува од Бога, од небото, стокмен како невеста променета за својот маж“ (Откровение 21,1.2).

Големата апокалиптична визија што ја запишал во книгата Откровение, му помогнала на Јован со доверба да се потпре на Божјите ветувања.

**Животот сега и тука може да биде тежок, на моменти дури и застрашувачки. Сепак, како сознанието дека Бог ја познава иднината и дека таа иднина, долгорочно гледано, е добра, ни дава утеха во сегашно време?**

## ОДБРОЈУВАЊЕ

Исус со широки потези ја насликал историјата на Маслиновата гора, одговарајќи на прашањето на неговите ученици: „Кажи ни, кога ќе биде тоа, и каков ќе биде знакот за Твоето доаѓање и за крајот на светот“ (Матеј 24,3).

Познатата Исусова проповед, забележана во Матеј 24 глава, опфаќа континуирана историска временска рамка од Неговите денови до Второто доаѓање и понатаму.

Исус сакал да му обезбеди на својот народ од сите векови основна скица на божествениот пророчки распоред за последното време, за да можат оние што ќе живеат во тоа време да се подготват за последните настани. Тој сака да бидеме во состојба со доверба да најдеме починка во Неговата љубов, дури и кога сѐ околу нас се распаѓа.

Описот на Даниел за последното време им е добро познат на адвентистите: „И ќе настане време тешко, какво што немало откако постојат луѓето“ (Даниел 12,1). Исус сака да бидеме подготвени за овие настани, кои ќе му претходат на Неговото второ доаѓање.

**Како ќе изгледа Неговото доаѓање? Како можеме да избегнеме да бидеме измамени? Прочитајте Матеј 24,4-8.23-31.**

---

Исусовото доаѓање ќе биде буквален настан на крајот на времето. Со оглед на просторот што му бил даден на Неговото враќање во пророштвата, па дури и во Исусовите проповеди, тоа ќе биде нешто навистина големо.

Последен пат, кога овој свет бил погоден од сеопшт катаклизмички настан, само осум луѓе биле подготвени за тоа. Исус ја споредува неочекуваноста на Второто доаѓање со тој настан – со Потопот (Матеј 24,37-39). Иако никој не го знае денот и часот на Второто доаѓање (Матеј 24,36), Бог нѐ насочува кон пророчко одбројување на времето, кое можеме да го следиме врз основа на она што се случува во светот околу нас.

**Нам ни е дадена одредена улога што треба да ја одиграме во таа пророчка драма. Кој е нашиот удел во сето ова? Сосредоточете се на текстот Матеј 24,9-14.**

---

Во големиот космички конфликт, ние сме нешто повеќе од набљудувачи. Ние треба да бидеме активни учесници во ширењето на евангелието во сите краишта на светот, што значи дека ќе се соочиме и со прогонства.

**Што значи да се „издржи до крај“? Како успеваме во тоа? Кои одлуки треба секојдневно да ги носиме, за да не отпаднеме од верата, како што направиле и ќе направат многумина?**

# ГОЛЕМИОТ БОЖЈИ НАЛОГ

Големата пророчка слика на историјата не ни дозволува едноставно да седиме настрана и да не правиме ништо додека се одвиваат овие настани – настани што навистина не можеме да ги контролираме. Толку често може да се слушне ставот: „Па, последните настани ќе се случат како што е предвидено, и што друго можеме да сториме, освен едноставно да се помириме со тоа?“ Впрочем, што би можеле да постигнеме сами?“

Меѓутоа, тоа не е начинот на кој христијаните треба да се однесуваат кон светот што ги окружува, особено кога станува збор за завршните настани. Откровение 14 глава ни покажува која е смислата на нашето постоење во овој историски момент: да им кажуваме на другите за Божјиот суд и да им помогнеме да се подготват за второто Христово доаѓање.

**Прочитајте го текстот Откровение 14,6-12. Што можеме да научиме од овој текст и што е тоа што треба да му го објавиме на светот? Зошто е толку итна оваа вест?**

___

Како адвентисти, веруваме дека „сегашната вистина“ (2. Петрово 1,12) се огледува конкретно во тие стихови, за кои зборуваме како „три ангелски пораки“ или „тројна ангелска вест“. Во тоа ја препознаваме суштината на нашиот повик во овој момент од земната историја.

Забележете дека таа порака почнува со „вечно евангелие“, радосната вест за Христовата смрт и воскресение, на која лежи нашата единствена надеж за спасение. Тука е и пораката дека „настапи часот на Неговиот суд“ (Откровение 14,7), значаен патоказ што укажува на крајот на времето. Исто така, тоа е повик да се поклониме на „Оној што ги создаде небото и земјата“, наспроти застрашувачкото предупредување за оние кои, останувајќи во Вавилон, му се поклонуваат на „ѕверот и на бистата негова“. И конечно, тука е описот на Божјиот народ на последното време: „Тука е трпението на светиите; тука се оние што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус“ (Откровение 14,12).

**Прочитајте го текстот Откровение 14,11. Што кажува тој за немирот и неспокојството на оние што му се поклонуваат на ѕверот и на неговата биста (заб. на прев.: во некои преводи лик, икона?**

___

Нема мир ни ден и ноќ за оние што му се поклонуваат на ѕверот и на неговата биста? Иако постојат различни идеи за тоа што точно значи ова, сите би се согласиле дека овие луѓе не доживуваат таков вид на одмор што Бог им го нуди на оние кои му се верни.

**Што мислите, зошто првиот дел од Тројната ангелска порака претставува „вечно евангелие“? Зошто секогаш мора ја имаме оваа прекрасна вистина пред нас, кога му ги објавуваме овие пораки на светот? Во која смисла разбирањето на евангелието е толку важно за самиот поим за мир и одмор?**

## ПОЧИВАЊЕ ВО МИР

Христијаните го чекаат Исусовото враќање веќе многу векови. Тоа е навистина кулминација на сите наши надежи – и не само на нашите, туку и на надежите на сите луѓе верни на Бога низ историјата.

**Прочитајте Евреите 11,13-16. Кое големо ветување го наоѓаме овде, не само за луѓето од старо време, туку и за нас?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Од многу причини, овие стихови не би имале смисла кога вообичаените и популарни сфаќања за состојбата на мртвите би биле вистинити. На што се мисли кога се кажува дека тие луѓе „умреа... не добивајќи ги ветувањата“? Тие се мртви и, наводно, сега се во рајот со Исуса, каде уживаат во својата голема награда. Кога, на пример, Били Греем почина, постојано слушавме како тој сега е на небото со Исуса.

Постои своевидна иронија во врска со ова верување, бидејќи, кога некој ќе умре, обично се вели: „Почивај во мир.“ Според тоа, што се случува тука? Дали овие луѓе почиваат во мир или се горе на небото и го прават она што веќе требало да го прават (на пример, ја посматраат сета та „забава“ овде долу)?

**Како Исус ја опишува смртта? Прочитајте го текстот Јован 11,11.**

________________________________________________________________

Всушност, идејата за „почивање во мир“ најмногу одговара на вистина, кога станува збор за она што се случува по смртта, зар не? Мртвите навистина почиваат. „За верникот смртта не значи многу. Христос за неа зборува како да има мала важност. ’Оној што ќе ја одржи мојата реч,‘нема никогаш да види смрт‘, ’нема никогаш да вкуси смрт.‘ За христијанинот смртта е само сон, миг на тишина и темнина. Животот е скриен со Христа во Бога и ’кога ќе се појави Христос, вашиот живот, тогаш и вие ќе се појавите со него облечени во слава‘ (Јован 8,51.52; Колошаните 3,4)’“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 787 (оригинал).

Исус ја споредува човековата состојба меѓу смртта и утрото на воскресението со спиење без соништа (Јован 11,11.14). Тој, исто така, нагласува дека сите – и спасените и изгубените, ќе ја добијат својата награда по воскресението (Јован 5,28.29). Тој ја истакнал неопходноста од подготовка за смртта, кога и да настапи таа.

**Која утеха ви ја дава сознанието дека вашите најмили што починале, сега всушност почиваат во мир?**

# РАДУВАЈТЕ СЕ СЕКОГАШ ВО ГОСПОДА

Една од најкористените додатоци на нашите паметни телефони дефинитивно се Гугл-мапите (Google Maps). Повеќето од нас веќе не се ни сеќаваат што сме правеле пред да постојат GPS мапите на нашите телефони. Некогаш нè фаќаше нервоза кога требаше да одиме некаде каде што порано не сме биле, но со „Гугл мапите“ во нашите телефони, можеме со сигурност да се охрабриме да одиме на какво било патување и да се снајдеме во кој било странски град. Може ли таа сигурност да послужи како илустрација за оној вид одмор што Бог сака да ни го даде со својата пророчка мапа на настаните?

Меѓутоа, се случува да внесеме погрешна адреса во нашиот уред или едноставно да одлучиме да не ги следиме неговите упатства, затоа што мислиме дека знаеме пократок пат. Во тој случај, можеме да завршиме некаде каде што не сме сакале да бидеме – а тоа сигурно нема да нè доведе во состојба на смиреност.

**Прочитајте го текстот Филипјаните 4,4-6. Што ни кажува Павле овде за начинот на кој можеме да најдеме вистински одмор, вистински мир, дури и среде притисоците и болките во овој свет?**

Во овие стихови, Павле не вели секогаш да се радуваме на сите искушенија со коишто се соочуваме. Тој вели: „Радувајте се секогаш во Господ“. Ако се држиме за Бога, за Неговата добрина, љубови и за Неговата жртва за нас на крстот, тогаш, без оглед на моменталните околности и искушенија што нè опсипуваат, можеме да се радуваме во Него и да најдеме мир за својата уморна душа.

Дури и тонот на тие стихови подразбира спокојство, мир и возвишена надеж во нешто надвор од овој свет.

Замислете исто така, каков душевен мир на умот би имале, ако навистина би можеле да не „се грижиме за ништо“. Тоа звучи доста нереално за кој било на овој свет (дури и Павле имал многу грижи), но сепак, сознанието дека Бог, кој нè сака, во крајна линија, држи сè под контрола – тоа е нешто што сигурно може да ни помогне сето она што нè вознемирува да го согледаме од вистинска перспектива.

„Господ е близу“? Тој е секогаш близу до нас, а кога ќе ги затвориме очите и ќе заспиеме во смртен сон, следното за што ќе станеме свесни е Христовото враќање.

Нема сомнение дека животот е полн со напнатости, искушенија и борби. Никој не може да го избегне тоа, исто како што и самиот Апостол Павле сигурно не го избегнал (види 2. Коринќаните 11). Сепак, неговата порака е дека, и покрај сето она што го трпиме сега, можеме да се радуваме на она што ни е дадено во Христа и дека навистина можеме да најдеме душевен мир, дури и сега.

**Прочитајте го повторно текстот Филипјаните 4,4-6. Како можете да ги примените овие преубави зборови на вашето искуство овде и сега, без оглед на искушенијата и неволјите со кои се соочувате?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Сите сакаме непосреден и брз одговор на нашите молитви, па затоа сме во искушение да се обесхрабриме кога одговорот ќе се одложи или дојде во облик што не го очекувавме. Но, Бог е премногу мудар и добар за да одговори на нашите молитви секогаш на начин и во време што ние го посакуваме. Тој ќе стори нешто повеќе и подобро за нас отколку едноставно да ги исполни нашите желби. И бидејќи можеме да веруваме во Неговата мудрост и љубов, не треба да бараме од Него да се потчини на нашата волја, туку да ги препознаеме и исполниме неговите намери. Нашите желби и интереси треба да се изгубат во Неговата волја“ (Елена Вајт, *Евангелски работници*, стр. 219, оригинал).

„Уште многу малку, и Исус ќе дојде да ги спаси своите деца, да им го даде завршниот допир на бесмртноста... Гробовите ќе се отворат и мртвите ќе излезат како победници, извикувајќи: ‘О, смрт, каде ти е осилката? О, смрт, каде ти е победата?’ Нашите мили и драги што заспале во Исуса ќе излезат облечени во бесмртност“ (Ellen G. White, *Counsels on Stewardship,* p. 350).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте за реалноста на големата борба. Врз основа на што гледате дека тоа навистина се одигрува во светот? А во вашиот личен живот? Таа е мошне стварна, зар не? Таа е всушност многу пореална отколку што се мисли, бидејќи многумина не веруваат дека ѓаволот навистина постои. Зошто препознавањето на реалноста на големата борба е толку важно за да разбереме во каква состојба се наоѓа нашиот свет? Освен тоа, зошто нашите сознанија за крајот на големата борба ни носат толкава утеха?**

**2. Занимавањето со пророштвата може да нѐ одвлече од суштината ако отстапиме од она што е јасно откриено. Колку често членовите на црквата запаѓале во неволји предвидувајќи настани што не се случиле и верувале во предвидувањата на други што не се оствариле? Како можеме да се заштитиме и да не паднеме во таквите стапици?**

**3. Прочитајте го во класата текстот Откровение 14,9-11 и разговарајте за оние кои му се поклонуваат на ѕверот и на неговата икона без да најдат мир. Што може да значи тоа?**

**4. Една од спорните теми во црквата се однесува на улогата што ја имаме или ја немаме во одредувањето на времето на Христовото враќање. Каков било став да заземе во врска со ова прашање, зошто е сѐ уште многу важно да преземеме активна улога во ширењето на веста за Неговото враќање на овој свет?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУЛИ
# БОЖЈОТО СВЕТИЛИШТЕ

## МОЛЧИ ПРЕД НЕГО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **1. Мојсеева 28,16.17.** | *Господ је на ова место* |
| *2. Петок* | **Авакум 2,20.** | *Молчи пред него* |
| *3. Сабота* | **Исаија 6,6.** | *Чистење од гревот* |

## ХРАМ ИЗГРАДЕН СО ЖРТВА

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **1. Коринќаните 1,3.** | *Духот во храмот на душата* |
| *5. Понеделник* | **2. Мојсеева 25,8.** | *Целта на светињата* |
| *6. Вторник* | **2. Мојсеева 25,2.** | *Храм изграден со жртва* |
| *7. Среда* | **Псалм 96,6.** | *Силата и убавината на Неговото светилиште* |
| *8. Четврток* | **Евреите 7,26.** | *Откупител, свештеник и цар* |
| *9. Петок* | **Римјаните 12,1.** | *Секојдневно посветување на Бога* |
| *10. Сабота* | **Ефесјаните 5,2.** | *Мирисот на праведноста* |

## ИСУСОВАТА ДОБРОВОЛНА ЖРТВА

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **1. Тимотеј 1,15.** | *Христос умрел за секој човек* |
| *12. Понеделник* | **Псалм 40,7.8.** | *Исусовата доброволна жртва* |
| *13. Вторник* | **Евреите 9,13.14.** | *Крв која и денес го застапува човекот* |
| *14. Среда* | **Евреите 9,12.** | *Во светилиштето* |
| *15. Четврток* | **Евреите 8,1.2.** | *Средиштето на неговата работа* |
| *16. Петок* | **Евреите 9,24.** | *Тој нè застапува на Небото* |
| *17. Сабота* | **Евреите 7,24.25.** | *Конечно спасение за неговите деца* |

## НЕБЕСНОТО СВЕТИЛИШТЕ Е ОЧИСТЕНО

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **1. Тимотеј 2,5.** | *Вистински посредник* |
| *19. Понеделник* | **Евреите 9,22,23.** | *Небесното светилиште е очистено* |
| *20. Вторник* | **Даниел 8,14.** | *Христос пред „старецот“* |
| *21. Среда* | **Евреите 1,9.** | *Знак за почеток* |
| *22. Четврток* | **2. Дневникот 20,12.** | *Нашите очи се вперени во Христа* |
| *23. Петок* | **Проповедник 12,14.** | *Осудени врз основа на извештајот* |
| *24. Сабота* | **Проповедник 11,9.** | *Сечиј живот ќе биде испитан* |

## ВРЕМЕТО ИСТЕКУВА!

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Откровение 3,5.** | *Бришење на гревовите* |
| *26. Понеделник* | **1. Тимотеј 5,24.** | *Претходен суд* |
| *27. Вторник* | **Ефесјаните 5,16.** | *Времето истекува!* |
| *28. Среда* | **Откровение 22,11.** | *Кога ќе се заврши времето на милост* |
| *29. Четврток* | **1. Коринќаните 4,5.** | *Светите ќе им судат на сите на земјата* |
| *30. Петок* | **Петрово 5,8.** | *Стапиците на сатаната* |
| *31. Сабота* | **2. Петрово 1,12.** | *Утврдени во сегашната вистина* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – АВГУСТ

# ДА ОДИМЕ КАКО ШТО ОДЕЛ ИСУС

### СТРАЖЕТЕ И МОЛЕТЕ СЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | ***1. Јованово 2,6.*** | *Исус – нашиот совршен пример* |
| *2. Понеделник* | ***Матеј 22,37.38.*** | *Религијата треба да биде највозвишена* |
| *3. Вторник* | ***Јован 17,15.*** | *Одвоени од светот* |
| *4. Среда* | ***Мудри изреки 4,23.*** | *Сигурноста е во исправното размислување* |
| *5. Четврток* | ***1. Петрово 2,2.*** | *Преобразени со истражување на Речта* |
| *6. Петок* | ***Ефесјаните 6,18.*** | *Стражете и молете се* |
| *7. Сабота* | ***Псалм 27,14.*** | *Општење на срцето со Бога* |

### МЕСТО КАДЕ ШТО ПРЕСТОЈУВА БОГ

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | ***Псалм 16,11.*** | *Полнота на радоста* |
| *9. Понеделник* | ***1. Коринќаните 6,19.*** | *Место каде што престојува Бог* |
| *10. Вторник* | ***Мудри изреки 3,1.2.*** | *Здравје – награда за исправните навики* |
| *11. Среда* | ***1. Тимотеј 4,8.*** | *Здравје во почитувањето на Божјиот закон* |
| *12. Четврток* | ***1. Коринќаните 10,31.*** | *Да јадеме за да бидеме здрави и среќни* |
| *13. Петок* | ***1. Петрово 2,11.*** | *Воздржување од штетните навики* |
| *14. Сабота* | ***1. Мојсеева 2,15.*** | *Физичката активност како благослов* |

### БОГ И ЦАР

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | ***Марко 6,31.*** | *Осамете се и одморете* |
| *16. Понеделник* | ***Псалм 119,63.*** | *Пријателство меѓу Христовите пријатели* |
| *17. Вторник* | ***Јован 15,12.*** | *Твоето влијание е важно!* |
| *18. Среда* | ***Колошаните 4,6.*** | *Зборови на благодати* |
| *19. Четврток* | ***Псалм 16,8.*** | *Нешто подобро!* |
| *20. Петок* | ***1. Јованово 2,15.*** | *Затворете ја вратата на искушението* |
| *21. Сабота* | ***Јаков 1,27.*** | *Депозит во небесната банка* |

### МЕЛОДИЈА ВО СРЦЕТО

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | ***Лука 20,22-25.*** | *Бог и цар* |
| *23. Понеделник* | ***Филипјаните 4,8.*** | *Младите христијани и нивните книги* |
| *24. Вторник* | ***Ефесјаните 5,19.*** | *Мелодија во срцето* |
| *25. Среда* | ***1. Петрово 3,3.4.*** | *Убавина која трае* |
| *26. Четврток* | ***3. Мојсеева 27,30.*** | *Десеттиот дел на Бога* |
| *27. Петок* | ***2. Коринќаните 9,7.*** | *Приноси на благодарност* |
| *28. Сабота* | ***Евреите 10,25.*** | *Канали на благослови* |

### НЕПРЕСТАЈНО ГЛЕДАЈТЕ ГОРЕ!

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | ***Марко 16,15.*** | *Божјата рака помошничка* |
| *30. Понеделник* | ***Евреите 12,2.*** | *Непрестајно гледајте горе!* |
| *31. Вторник* | ***Исаија 41,13.*** | *Рака која никогаш не испушта* |

УТРИНСКИ СТИХОВИ – СЕПТЕМВРИ

# ХРИСТОЦЕНТРИЧЕН ДОМ

## ДОМОТ ВО ЕДЕМ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **1. Мојсеева 2,8.** | *Домот во Едем* |
| *2. Четврток* | **1. Мојсеева 2,18.** | *Првиот брак* |
| *3. Петок* | **1. Мојсеева 2,24.** | *Спојување на два живота* |
| *4. Сабота* | **Матеј 19,6.** | *Заедница за цел живот* |

## ЦАРЕВИ И ЦАРИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **Псалм 127,1.** | *Нека владее Бог* |
| *6. Понеделник* | **Песна над песните 8,7.** | *Љубов која трае* |
| *7. Вторник* | **Мудри изреки 31,10.11.** | *Вреди повеќе од бисер* |
| *8. Среда* | **Песна над песните 2,4.** | *Љубовта ја издржува пробата* |
| *9. Четврток* | **2. Коринќаните 6,14.** | *Сончева светлина или сенки?* |
| *10. Петок* | **Ефесјаните 5,23.** | *Хармонична заедница* |
| *11. Сабота* | **Мудри изреки 24,3.** | *Цареви и царици* |

## РАБОТА ШТО Е НАД СИТЕ РАБОТИ

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **Псалм 128,3.** | *Круна на секој дом* |
| *13. Понеделник* | **Судии 13,12.** | *Каков вид наследство?* |
| *14. Вторник* | **Лука 2,40.** | *Пример за децата и младината* |
| *15. Среда* | **Псалм 144,12.** | *Работа што е над сите работи* |
| *16. Четврток* | **Ефесјаните 6,4.** | *Оној што го поврзува семејството во домот* |
| *17. Петок* | **Ефесјаните 6,1.** | *Држете ги уздите на управувањето* |
| *18. Сабота* | **Ефесјаните 4,32.** | *Свилените јажиња на љубовта* |

## ДЕН НАД СИТЕ ДЕНОВИ

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | **Галатјаните 6,2.** | *Заедничка работа* |
| *20. Понеделник* | **Исаија 49,25.** | *„Јас ќе ги спасам твоите синови“* |
| *21. Вторник* | **Матеј 19,14.** | *И малите деца можат да бидат христијани* |
| *22. Среда* | **5. Мојсеева 6,6.7.** | *Уживај во читањето на Божјата реч* |
| *23. Четврток* | **Псалм 5,3.** | *Најпријатниот дел од денот* |
| *24. Петок* | **Псалм 89,15.** | *Песна на животниот пат* |
| *25. Сабота* | **Езекиел 20,20.** | *Ден над сите денови* |

## МЕСТО НА ЗАСОЛНИШТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Мудри изреки 20,11.** | *Царска небесна облека* |
| *27. Понеделник* | **Евреите 13,2.** | *Место на засолниште* |
| *28. Вторник* | **Мудри изреки 22,6.** | *Круг што постојано се шири* |
| *29. Среда* | **Филипјаните 2,15.** | *Блескава и света светлина* |
| *30. Четврток* | **Исаија 26,2.** | *Добредојдени во својот небесен дом* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јули*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 115-117 |
| 2. | 118 |
| **3.** | 119,1-88 |
| | |
| 4. | 119,89-176 |
| 5. | 120-121 |
| 6. | 122-124 |
| 7. | 125-127 |
| 8. | 128-130 |
| 9. | 131-133 |
| **10.** | 134-136 |
| | |
| 11. | 137-139 |
| 12. | 140-142 |
| 13. | 143-147 |
| 14. | 148-150 |
| 15. | Изреки 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| **17.** | 7-9 |
| | |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-19 |
| 21. | 20-22 |
| 22. | 23-25 |
| 23. | 26-28 |
| **24.** | 29-31 |
| | |
| 25. | Проповедник 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-12 |
| 29. | Песна над пес. 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| **31.** | 7-8 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| 1. | Исаија 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-13 |
| 5. | 14-17 |
| 6. | 18-20 |
| **7.** | 21-23 |
| | |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-29 |
| 10. | 30-32 |
| 11. | 33-36 |
| 12. | 37-40 |
| 13. | 41-43 |
| **14.** | 44-46 |
| | |
| 15. | 47-49 |
| 16. | 50-52 |
| 17. | 53-55 |
| 18. | 56-59 |
| 19. | 60-62 |
| 20. | 63-66 |
| **21.** | Еремија 1-3 |
| | |
| 22. | 4-6 |
| 23. | 7-8 |
| 24. | 9-11 |
| 25. | 12-16 |
| 26. | 17-20 |
| 27. | 21-23 |
| **28.** | 24-26 |
| | |
| 29. | 27-29 |
| 30. | 30-32 |
| 31. | 33-35 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | Еремија 36-39 |
| 2. | 40-42 |
| 3. | 43-45 |
| **4.** | 46-49 |
| | |
| 5. | 50-52 |
| 6. | Плач 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Езекиел 1-4 |
| 9. | 5-7 |
| 10. | 8-10 |
| **11.** | 11-12 |
| | |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | 22-26 |
| 16. | 27-29 |
| 17. | 30-32 |
| **18.** | 33-35 |
| | |
| 19. | 36-38 |
| 20. | 39-41 |
| 21. | 42-44 |
| 22. | 45-48 |
| 23. | Даниел 1-4 |
| 24. | 5-8 |
| **25.** | 9-12 |
| | |
| 26. | Осија 1-3 |
| 27. | 4-6 |
| 28. | 7-9 |
| 29. | 10-14 |
| 30. | Јоил 1-3 |

## *Јули*

1. Псалм 1.
2. Псалм 2.
**3.** Псалм 3.
4. Псалм 4.
5. Псалм 5.
6. Псалм 6.
7. Псалм 7.
8. Псалм 8.
9. Псалм 9.
**10**. Псалм 10.
11. Псалм 11.
12. Псалм 12.
13. Псалм 13.
14. Псалм 14.
15. Псалм 15.
16. Псалм 16.
**17.** Псалм 17.
18. Псалм 18,1-15.
19. Псалм 18,16-30.
20. Псалм 18,31-50.
21. Псалм 19.
22. Псалм 20.
23. Псалм 21.
**24.** Псалм 22,1-15.
25. Псалм 22,16-31.
26. Псалм 23.
27. Псалм 24.
28. Псалм 25.
29. Псалм 26.
30. Псалм 27.
31. Псалм 28.

## *Август*

1. Псалм 29.
2. Псалм 30.
3. Псалм 31,1-14.
4. Псалм 31,15-24.
5. Псалм 32.
6. Псалм 33.
**7.** Псалм 34.
8. Псалм 35,1-14.
9. Псалм 35,15-28.
10. Псалм 36.
11. Псалм 37,1-19.
12. Псалм 37,20-40.
13. Псалм 38.
**14.** Псалм 39.
15. Псалм 40.
16. Псалм 41.
17. Псалм 42.
18. Псалм 43.
19. Псалм 44,1-12.
20. Псалм 44,13-26.
**21.** Псалм 45.
22. Псалм 46.
23. Псалм 47.
24. Псалм 48.
25. Псалм 49.
26. Псалм 50.
27. Псалм 51.
**28.** Псалм 52.
29. Псалм 53.
30. Псалм 54.
31. Псалм 55.

## *Септември*

1. Псалм 56.
2. Псалм 57.
3. Псалм 58.
**4.** Псалм 59.
5. Псалм 60.
6. Псалм 61.
7. Псалм 62.
8. Псалм 63.
9. Псалм 64.
10. Псалм 65.
**11.** Псалм 66.
12. Псалм 67.
13. Псалм 68,1-35.
14. Псалм 61,1-16.
15. Псалм 69,17-36.
16. Псалм 70.
17. Псалм 71,1-14.
**18.** Псалм 71,15-24.
19. Псалм 72.
20. Псалм 73,1-15.
21. Псалм 73,16-28.
22. Псалм 74.
23. Псалм 75.
24. Псалм 76.
**25**. Псалм 77.
26**.** Псалм 78,1-14.
27. Псалм 78,15-28.
28. Псалм 78,29-42
29. Псалм 78,43-56.
30. Псалм 78,57-72.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ЈУЛИ 2021 ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2. | 9. | 16. | 23. | 30. |
| **Виница** | **20:08** | **20:06** | **20:03** | **19:57** | **19:50** |
| **Колешино** | **20:06** | **20:03** | **20:00** | **19:55** | **19:48** |
| **Стар Дојран** | **20:05** | **20:03** | **20:00** | **19:54** | **19:48** |
| **Куманово** | **20:12** | **20:10** | **20:07** | **20:01** | **19:54** |
| **Неготино** | **20:09** | **20:07** | **20:03** | **19:58** | **19:51** |
| **Струмица** | **20:06** | **20:04** | **20:01** | **19:55** | **19:49** |
| **Кочани** | **20:09** | **20:07** | **20:03** | **19:58** | **19:51** |
| **Велес** | **20:11** | **20:09** | **20:05** | **20:00** | **19:53** |
| **Кавадарци** | **20:09** | **20:07** | **20:03** | **19:58** | **19:51** |
| **Дебар** | **20:15** | **20:13** | **20:09** | **20:04** | **19:57** |
| **Скопје** | **20:13** | **20:11** | **20:07** | **20:02** | **19:55** |
| **Битола** | **20:10** | **20:08** | **20:05** | **19:59** | **19:53** |
| **Кичево** | **20:13** | **20:11** | **20:08** | **20:02** | **19:56** |
| **Лаки** | **20:07** | **20:05** | **20:02** | **19:56** | **19:49** |
| **Чифлик** | **20:08** | **20:06** | **20:02** | **19:57** | **19:50** |
| **Штип** | **20:09** | **20:07** | **20:03** | **19:58** | **19:51** |
| **Тетово** | **20:15** | **20:13** | **20:09** | **20:04** | **19:57** |
| **Јегуновце** | **20:15** | **20:13** | **20:09** | **20:03** | **19:56** |
| **Росоман** | **20:09** | **20:07** | **20:04** | **19:58** | **19:52** |
| **Гевгелија** | **20:06** | **20:04** | **20:00** | **19:55** | **19:48** |
| **Свети Николе** | **20:11** | **20:09** | **20:05** | **19:59** | **19:53** |
| **Делчево** | **20:08** | **20:06** | **20:02** | **19:56** | **19:50** |
| **Валандово** | **20:06** | **20:04** | **20:01** | **19:55** | **19:49** |
| **Охрид** | **20:13** | **20:11** | **20:07** | **20:02** | **19:55** |
| **Радовиш** | **20:08** | **20:06** | **20:02** | **19:57** | **19:50** |
| **Прилеп** | **20:10** | **20:08** | **20:05** | **19:59** | **19:53** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## АВГУСТ 2021

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **6.** | **13.** | **20.** | **27.** |
| Виница | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Колешино | 19:40 | 19:31 | 19:21 | 19:10 |
| Стар Дојран | 19:40 | 19:31 | 19:21 | 19:10 |
| Куманово | 19:46 | 19:37 | 19:26 | 19:15 |
| Неготино | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Струмица | 19:41 | 19:31 | 19:21 | 19:11 |
| Кочани | 19:43 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Велес | 19:45 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Кавадарци | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Дебар | 19:49 | 19:40 | 19:30 | 19:19 |
| Скопје | 19:47 | 19:37 | 19:27 | 19:16 |
| Битола | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Кичево | 19:48 | 19:38 | 19:28 | 19:17 |
| Лаки | 19:41 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Чифлик | 19:42 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Штип | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Тетово | 19:49 | 19:39 | 19:29 | 19:18 |
| Јегуновце | 19:48 | 19:39 | 19:28 | 19:17 |
| Росоман | 19:44 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Гевгелија | 19:41 | 19:31 | 19:21 | 19:11 |
| Свети Николе | 19:44 | 19:35 | 19:25 | 19:14 |
| Делчево | 19:41 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Валандово | 19:41 | 19:32 | 19:21 | 19:11 |
| Охрид | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 19:17 |
| Радовиш | 19:42 | 19:33 | 19:22 | 19:11 |
| Прилеп | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| СЕПТЕМВРИ 2021 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | ***3.*** | ***10.*** | ***17.*** | ***24.*** |
| **Виница** | **19:00** | **18:48** | **18:36** | **18:24** |
| **Колешино** | **18:58** | **18:47** | **18:35** | **18:22** |
| **Стар Дојран** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:23** |
| **Куманово** | **19:04** | **18:51** | **18:39** | **18:27** |
| **Неготино** | **19:01** | **18:50** | **18:37** | **18:25** |
| **Струмица** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:23** |
| **Кочани** | **19:00** | **18:49** | **18:36** | **18:24** |
| **Велес** | **19:03** | **18:51** | **18:39** | **18:27** |
| **Кавадарци** | **19:02** | **18:50** | **18:38** | **18:26** |
| **Дебар** | **19:08** | **18:56** | **18:44** | **18:32** |
| **Скопје** | **19:04** | **18:52** | **18:40** | **18:28** |
| **Битола** | **19:04** | **18:52** | **18:40** | **18:28** |
| **Кичево** | **19:06** | **18:54** | **18:42** | **18:30** |
| **Лаки** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:23** |
| **Чифлик** | **19:01** | **18:49** | **18:37** | **18:25** |
| **Штип** | **19:01** | **18:49** | **18:37** | **18:25** |
| **Тетово** | **19:06** | **18:54** | **18:42** | **18:30** |
| **Јегуновце** | **19:06** | **18:54** | **18:42** | **18:29** |
| **Росоман** | **19:02** | **18:50** | **18:38** | **18:26** |
| **Гевгелија** | **18:59** | **18:48** | **18:36** | **18:24** |
| **Свети Николе** | **19:02** | **18:50** | **18:38** | **18:26** |
| **Делчево** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:23** |
| **Валандово** | **18:59** | **18:48** | **18:36** | **18:23** |
| **Охрид** | **19:06** | **18:54** | **18:42** | **18:31** |
| **Радовиш** | **19:00** | **18:48** | **18:36** | **18:24** |
| **Прилеп** | **19:03** | **18:52** | **18:40** | **18:28** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Споријата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

# СЕВЕРНОАМЕРИКАНСКА ДИВИЗИЈА




| **УНИИ** | **ЦРКВИ** | **ГРУПИ** | **ЧЛЕНОВИ** | **ЖИТЕЛИ** |
|---|---|---|---|---|
| Атлантска унија | 600 | 76 | 125.629 | 35.186.917 |
| Канада | 391 | 80 | 72.289 | 37.419.000 |
| Колумбиска унија | 740 | 101 | 145.394 | 52.190.829 |
| Унијата Лејк | 504 | 56 | 88.475 | 35.797.364 |
| Средноамериканска унија | 458 | 64 | 64.589 | 27.954.972 |
| Северноапацифичка унија | 446 | 61 | 102.354 | 15.125.897 |
| Пацифичка унија | 713 | 91 | 222.741 | 54.601.558 |
| Јужна унија | 1.149 | 211 | 301.359 | 66.182.135 |
| Југозападна унија | 585 | 110 | 122.159 | 42.174.329 |
| Гвам-Микронезиска Мисија | 22 | 15 | 5.805 | 414.000 |
| **ВКУПНО** | **5.608** | **865** | **1.250.794** | **367.050.001** |

**ПРОЕКТИ:**

1. Сместување за вработените во школата Палау, Палау.
2. Втора фаза од повеќенаменската сала во школата Холбрук, САД.
3. Цркви и стипендии за бегалците во Канада и САД
4. Црква и центар на влијание во Иглолик, Канада.